**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# МАКЕДОНСКИОТ АВТОНОМИЗАМ И СЕПАРАТИЗАМ (1943-1946)

**-Магистерска работа-**

**Ментор** | **Изработил**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска** | **Оливер Станојоски**

**Скопје**

**2012 година**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД ... 5**

**Глава I ... 10**

**АВТОНОМНОСТА НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ... 10**

I 1. АВТОНОМИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ... 10

I 2. ЦЕЛИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ... 14

I 3. ИНТЕРВЕНЦИИТЕ НА РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА ... 19

I 3. 1. СУДИРОТ НА РАКОВОДСТВАТА НА ПК НА КПМ И ЦК НА КПЈ ... 20

I 3. 2. ЗАДРЖУВАЊЕ НА АВТОНОМИЗМОТ ВО ПК И ПОВТОРНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ ... 24

I 3. 3. УШТЕ ЕДНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ЦК НА КПЈ ПРЕДВОДЕНА ОД СВЕТОЗАР ВУКМАНОВИЌ – ТЕМПО ... 28

**Глава II ... 33**

**ПОМЕЃУ ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА И СКРАТЕНА МАКЕДОНИЈА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКА ФЕДЕРАЦИЈА ... 33**

II 1. ПОТРЕБАТА ОД ИЗДАВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ДОКУМЕНТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА НОБ И МАНИФЕСТОТ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПОМ ... 33

II 2. АНОК И ПРИГОВОРОТ КОН МАНИФЕСТОТ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПОМ ... 43

II 3. АКТИВНОСТИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА СВИКУВАЊЕ НА АСНОМ....................49

II 4. ТИВКИОТ СУДИР ПОМЕЃУ КОМУНИСТИЧКОТО РАКОВОДСТВО И ОПОНЕНТСКАТА ПРОМАКЕДОНСКА ДЕМОКРАТСКА ПОЛИТИЧКА СТРУЈА....................51

II 5. ОБИД НА МАКЕДОНСКОТО РАКОВОДСТВО ДА ГО ПРИДОБИЕ ЈОСИП БРОЗ – ТИТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА....................54

**Глава III.................... 58**

**АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА.................... 58**

III 1. КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА....................58

III 2. МАКЕДОНСКОТО РАКОВОДСТВО И ПРАШАЊАТА ЗА САМОСТОЈНОСТ И ОБЕДИНУВАЊЕ....................63

III 3. ОДНОСИТЕ МЕЃУ МАКЕДОНСКОТО АСНОМСКО РАКОВОДСТВО И ЈУГОСЛОВЕНСКОТО КОМУНИСТИЧКО РАКОВОДСТВО....................69

III 4. ПОБУНИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ВОЈСКА И НЕЈЗИНОТО УКИНУВАЊЕ....................74

**Глава IV.................... 83**

**АВТОНОМИЗМОТ И СЕПАРАТИЗМОТ ВО ДФ МАКЕДОНИЈА.................... 83**

IV 1. ИНТЕРВЕНЦИЈАТА ОД БЕЛГРАД И АПРИЛСКОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ....................83

IV 2. ПРЕСМЕТКА СО ПРОМАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА СТРУЈА ВО ДРЖАВНОТО РАКОВОДСТВО....................87

IV 3. НЕЛЕГАЛНАТА КОНСПИРАТИВНА ОПОЗИЦИЈА....................97

IV 3. 1. ВМРОВСКИ ГРУПИ....................98

IV 3. 2. ВМРОВСКИ ОРГАНИЗАЦИИ....................99

IV 4. АВТОКЕФАЛНОСТ ИЛИ АВТОНОМНОСТ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА....................104

IV 4. 1. ОСАМОСТОЈУВАЊЕ И БАРАЊЕ АВТОКЕФАЛНОСТ............104

IV 4. 2. ПОПУШТАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ АВТОНОМНОСТ....................111

IV 5. ПРАШАЊЕТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (1945-1946)117

IV 6. УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1946).......124

**ЗАКЛУЧОК........................................................................................... 129**

**ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА.................................................................... 132**

I ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ..........................................................................132

II ЛИТЕРАТУРА........................................................................................134

# ВОВЕД

Предметот на овој научно-истражувачки труд е од современата национална политичка историја која се однесува на клучниот период од Народноослободителната борба (НОБ) на македонскиот народ во текот на Втората светска војна (1943-1944 година) и процесот на создавањето на првата современа македонска држава, до нејзиниот прв устав од декември 1946 година. Станува збор за календарски кусо (од 1943 до 1946 година), но историски богато време, исполнето со настани, појави и процеси кои ги одбележуваат сите противречности на времето на војната и непосредно по неа. Тоа е период од современата македонска историја одбележан со сенародната националноослободителна борба на Македонците за слобода и државност, борба за зачувување на автономноста таа борба и создавањето на Демократска Федерална (ДФ) Македонија како македонска национална демократско-граѓанска држава во рамките на Федеративна Југославија.

Во центарот на нашиот интерес е процесот на противречностите настанати како резултат на настојувањето на централните федерални органи за посилна централизација на државата од една страна, и борбата за поголема самостојност, демократија и за интегрално решавање на македонското национално прашање од друга страна. Во тие политички превирања, поголемиот дел од македонските дејци и творци на македонската држава, предводени од Методија Андонов – Ченто се оквалификувани како македонски автономисти и сепаратисти и поради своите ставови дошле во судир со централното државно-партиско раководство во Белград. Тоа е време кога се создава силна партиска држава што ќе одговара на централистичките тенденции на Јосип Броз – Тито, така што постепено била истиснувана македонската интелигенција и дејците кои не можеле да ги прифатат недемократските методи на партијата. Во Македонија, на чело на Централниот комитет (ЦК) на Комунистичката

партија на Македонија (КПМ) е Лазар Колишевски, доверлив човек на ЦК на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ), кој без поговор ја спроведува централната политика и расчистува со сите идеолошки и политички неистомисленици и т.н. сепаратизам и автономизам на македонските кадри.

Во воведот од истражувањето неопходно беше прво да се објасни генезата на поимот и идејата за автономија во македонската политичка историја, автономноста на македонското националноослободително движење, и автономизмот и сепаратизмот на македонското националноослободително движење. Ги анализираме автономноста и целите на македонското националноослободително движење во Народноослободителната борба (НОБ), државотворната платформа и силното влијание на илинденските традиции во него, како и интервенциите на раководството на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ), чија цел е да го стави под своја контрола.

Дефинираме две спротивставени политички струи во македонското националноослободително движење кои имаат различни ставови во однос на утврдувањето на крајната цел на националноослободителното движење. Едната струја е промакедонската (македонски автономизам), која се залага за автономно македонско националноослободително движење и создавање независна обединета македонска држава со демократско уредување, а другата е пројугословенската комунистичка струја, која се залага за националноослободително движење под раководство на КПЈ и создавање македонска национална држава во рамките на Југославија со комунистичко уредување. Пројугословенската струја, следејќи ги потребите за опстојување на Југославија (преуредена врз федерален принцип), бара почитување на балканскиот политички статус кво создаден со Версајските мировни договори, во кои македонскиот народ е поделен во четири балкански држави.

Оваа поделба на две политички струи постои и по Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) и конституирањето на современата македонска држава. Се продлабочува поларизацијата во македонското раководство. Таа здрава демократска средина со политички струи со спротивни ставови околу суштинските национални паршања е нарушена со интервенциите на комунистичкото раководство, македонско и југословенско. Воспоставувањето и зацврстувањето на еднопартиската комунистичка власт беше придружено со елиминирање и ликвидирање на опонентската политичка струја и конспиративната нелегална опозиција. КПЈ во спрега со Одделението за заштита на народот (ОЗН-а) и преку силна агитација и пропаганда вршеше пренасочување на македонскиот идентитет кон југословенскиот.

Вака конципираниот приод кон тематиката на автономизмот и сепаратизмот во македонското националноослободително движење и првите години од конституирањето на ДФ Македонија претставува истражувачко-синтетизирачки креативен ангажман. Обидот да се дадат издржани одговори на поставените прашања се темели врз истражувањето на достапните објавени и необјавени документи во македонските архиви, историографски трудови кои непосредно или посредно се однесуваат на горенаведената проблематика, која е предмет на истражување на овој труд.

Политичките појави, процеси и настани во Македонија во периодот 1943-1946 година претставуваат еден од клучните периоди во историјата на современата македонска држава. Иако за овој, посебно значаен период, нашата историографија даде вонредно богата продукција трудови, сепак најголемиот дел од нив се обоени со толкувања на тогаш актуелната комунистичка идеологија, со посебен акцент на улогата на Комунистичката партија, за развитокот и успешноста на македонското националноослободително движење. Тоа се истражувања со многу премолчувања, табу теми и негативни оценки за личностите кои беа жртви на политичките пресметки. Притоа, беше создаден партиски шаблон во

толкувањето на одредени историски настани што не можеа да се дополнуваат со нови истражувања и поинакви мислења на историчарите, кои и самите се подложни на автоцензура поради долготрајното влијание на политиката врз историографијата. Со тоа помалку или повеќе се воспоставува директна контрола врз историјата. Историчарите наместо да создаваат национална и патриотска свест кај македонскиот народ, создаваат социјалистичка општествена свест и југословенски идентитет.

Во социјалистичката историографија евидентно е минимизирањето на автономноста на македонската НОБ. „Социјалистичката револуција“ се издигнувала над создавањето и изградувањето на македонската национална држава. Се криела суровоста во репресијата вршена од комунистичките власти, кои не бирале средства да ги елиминираат сите оние кои размислувале малку поинаку од официјалната „линија“. Истражувањата се попречувани и поради затворените архиви во Македонија и кај соседите, поради прописите во архивското работење, несредената документација и затворените досиеја недостапни за науката.

Проблематиката која се обработува во магистерскиот труд, во македонската историографија, и воопшто во македонската општествена свест, се актуализира по падот на социјализмот во Република Македонија и воведувањето плурализам. Претходно, и паралелната неофицијална историја од крајот на осумдесеттите години на XX век, ги изнесуваше на виделина премолчените настани и факти кои беа политички непожелни за јавна презентација.

Во деведесеттите години, кога дојде до либерализација на користењето на архивската документација, дојде и до сериозни промени во официјалната македонска историографија. Се отворија повеќе забранети зони за историографијата, која забрзано се деидеологизираше. Затоа поставената проблематика во магистерскиот труд е помалку обработена и со тоа соодветствува на барањата на новото време. Сегашнава временска

дистанца дава можност за објективно научно претставување на процесите и настаните, како и на улогата на личностите во тие процеси.

Македонската историска наука критички се преиспитува, па може да се каже дека се саморевидира. Воедно се рехабилитираат многу значајни личности од поновата историја на македонскиот народ. Затоа и овој труд треба да даде придонес во збогатувањето на сознанијата од најзначајниот период за македонската државност. Веруваме дека и општеството како заедница ќе има корист од овој труд кој ќе даде поддршка на македонскиот национален идентитет.

Горенаведената проблематика, која ќе се обидеме да ја расветлиме во рамките на поставената тема, континуирано предизвикува интерес во научната јавност. Оттука ова истражување е нужно од општествен, а предизвикувачко од научен аспект. Придонесува во научното дорасветлување и поверодостојното интерпретирање на овој пресвртен историски период за македонскиот народ и македонската држава.

# Глава I

# АВТОНОМНОСТА НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

## I 1. АВТОНОМИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

Основната цел на македонското националноослободително движење од крајот на XIX и првата половина на XX век е стремежот за остварување автономија на Македонија. Автономизмот е карактеристичен за голем број македонски дејци, револуционери и патриоти, кои под поимот автономија подразбирале независност, самостојност, самоуправа, внатрешна управа. Се бореле Македонија да добие статус на политичка автономија која потоа требало да премине во национална автономија.

Кај македонските организации, друштва, групи и поединци се издиференцираа две концепции. Едната за политичка автономија и државност на Македонија, другата за национална слобода и Македонија како национална држава на македонскиот народ.[1] Првата е карактеристична за периодот од Берлинскиот конгрес 1878 година и почетокот на XX век и кај десно ориентираните македонски организации и друштва. Втората концепција се засилува во 30-тите години на XX век и карактеристична е за лево ориентираните македонски организации и друштва, а ќе се оствари во македонската НОБ во Втората светска војна.

Највисокото ниво на отпор против османската власт – оружениот отпор со востанија со цел оформување на македонската државност се

[1] Даринка Петреска, *Концепциите за остварување на македонската држава меѓу двете светски војни и конституирањето на асномска Македонија како национална држава на македонскиот народ,* Годишен зборник на филозофски факултет, кн. 58, Скопје 2005, 143-144.

појавува за време на Источната криза (1875-1878), не само кај македонскиот народ туку и кај другите балкански народи.

Македонија со членот 23 од Берлинскиот конгрес требало да добие статус на политичка автономија, во која потоа македонскиот народ би можел да го изрази својот национален идентитет. Оттогаш па натаму идејата за автономија на Македонија ќе биде водечка идеја што ќе го мотивира македонското националноослободително движење. Оваа идеја во различни услови ќе добива различни облици, но секогаш ќе биде присутна како барање и настојување македонскиот народ да добие свои државно-правни рамки. Автономијата за Македонија стана идеал на кој беше посветена понатамошната борба за национална и политичка слобода и за утврдување на автономниот државно-правен статус на Македонија. Под името „Автономија“ или „Автономија на Македонија“ излегуваат и бројни гласила на македонската емиграција во Софија, Белград и на други места.

Борбата и идејата за статус на политичка автономија не им се допаѓала на балканските држави кои имале сериозни територијални и асимилаторски претензии во Македонија. Бугарија, која со неуспешниот Санстефански мировен договор ја добила Македонија, била најагресивна во својата политика кон Македонија. Таа сфаќа дека македонското националноослободително движење се залага за политичка автономија, според член 23 од Берлинскиот конгрес и со создавањето на Македонската Револуционерна Организација (МРО) многу брзо може да прерасне во национална автономија. Поради незадоволството од автономноста на македонското националноослободително движење, Бугарија формира Македонски врховен комитет во 1895 година кој требало да ја преземе раководната улога на ослободителното движење.

Со создавањето на МРО борбата за автономија стана организирана и масовна, иако со создавањето на Крушевската република за момент се напушти идејата за автономија и се појави готовност за отцепување од османлиската држава и создавање самостојна македонска држава.

По Младотурскиот преврат во османската држава (1908 година), македонските револуционери се обидуваат со легални средства да дојдат до административно-политичка автономија, што нема да се оствари. Со учеството во Балканските војни и во Првата светска војна македонскиот народ нема да добие ништо. Ќе биде поделен во четири држави, непризнат во ниту една од нив, и подложен на репресија, етничко чистење, асимилација и денационализација.

Кон крајот на Првата светска војна и за време на подготовките за Версајската мировна конференција се интензивирале предлозите, концепциите и барањата, за реализирање на македонската државност. Притоа се оформиле две групации. Едната претставувана од серските револуционери и дел од револуционерите од западна Македонија кои се конституирале како „Привремено претставништво на поранешната обединета ВМРО“ на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров и се залагале за автономија како посебна државнополитичка единица со демократско-граѓанско уредување со можност да влезе во балканска федерација.[2] Втората групација составена од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и дел од ЦК на ВМРО. И покрај тоа што на почетокот биле за присоединување на Македонија кон Бугарија, сепак кон средината на 1919 година се определиле за автономија.[3]

Во периодот меѓу двете светски војни во изворите се забележува дека терминот „автономија на Македонија“ постепено се заменува со „независна Македонија.“ Македонските револуционери согледувајќи ја новата реалност сфаќаат дека за Македонија, расцепкана во четири држави, повеќе одговара да добие целосна независност на целата територија. Терминот „автономија“ се провлекувал од минатото кога Македонија требало да добие автономија во рамките на османската држава.

---

[2] *Златна книга 100 години ВМРО,* Скопје 1993, 129-134.

[3] Истото, 152-155.

Искажани се различни мислења околу прашањето кој треба да биде носител на суверенитетот на македонската државност. Дали да биде целото население во географските граници на Македонија без оглед на верска и етничка припадност како политичка држава, дали да биде национална држава на мнозинскиот „бугарски“ народ или да биде национална држава на мнозинскиот македонски народ. Уште во 1919 година се појавува, а веќе од средината на 30-тите години на XX век доминира сфаќањето за постоење на македонската нација како носител на државниот суверенитет.[4] Тоа автоматски ја наметнува потребата од создавање национална и обединета македонска држава.

Во април и мај 1924 година со посредство на Советскиот сојуз и Коминтерната потпишани се програмски документи од страна на ЦК на ВМРО, меѓу кои „Протокол за обединување“ на македонското националноослободително движење, „Декларација“ и „Манифест,“ попознат како Мајскиот манифест.[5] Во него се предвидува обединување и автономизирање на македонското националноослободително движење, и се потврдува ориентацијата за независна Македонија во нејзините природни и географски граници во балканска федерација на рамноправни државни единки. Со откажувањето од Мајскиот манифест од страна на членовите на ЦК на ВМРО, Тодор Александров и Александар Протугеров,[6] новоформираната ВМРО (обединета) целосно ги прифатила ориентациите од април-мај 1924 година стекнати во преговорите меѓу Коминтерната и ЦК на ВМРО. Но основачите на ВМРО (об) иако прифатиле автономија, независност и обединување на Македонија во рамките на балканска федерација и тие определби ги внесле во својот Устав и другите програмски документи на Основачката конференција во октомври 1925 година, со нив

[4] Даринка Петреска, цит. дело, 149-150.

[5] Владо Поповски, Ленина Жила, *Македонското прашање во документите на Коминтерната,* том I, дел 1, Скопје 1999, 439-447, 471-499; ВМРО (обединета), документи и материјали, книга I, Скопје 1991, 55-66.

[6] *Златна книга 100 години ВМРО...,* 168-169.

не била промовирана македонската нација. Веќе во почетокот на 30-тите години ВМРО (об) започнува со отворено афирмирање на македонската национална посебност.[7]

И ВМРО (михајловистичка), која повеќе или помалку работи во интерес на бугарските интереси во Македонија, се залагала за целосна политичка автономија на Македонија. Од 1932 година за да ги исполни барањата на македонската емиграција во Бугарија и да ги сплоти сите Македонци ќе ги истакне пароли те за „слободна и независна Македонија" и „Македонија на Македонците," не мислејќи со тоа на постоење на посебна македонска нација.[8] Од бугарската држава тој чекор е осуден и етикетиран како автономизам и сепаратизам на македонските Бугари. Тоа етикетирање за автономизам и сепаратизам во македонското национаноослободително движење, односно за природната заложба за создавање македонска национална држава во нејзините природни етнографски граници ќе продолжи и во Втората светска војна во НОБ, но овојпат од југословенското партиско раководство.

## I 2. ЦЕЛИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Македонското националноослободително движење својата кулминација ја доживува за време на Втората светска војна во антифашистичката народноослободителна борба 1941-1944 година. Борејќи се на страната на антихитлеровската коалиција се создадоа поволни меѓународни услови за национално ослободување и создавање на држава на македонскиот народ.

---

[7] Даринка Петреска, цит. дело, 155, 158.

[8] *Златна книга 100 години ВМРО...*, 184-188.

По поделбата на Македонија во Балканските војни и по верификација на таа поделба со Букурешкиот мировен договор и Версајските мировни договори, македонското националноослободително движење продолжува во исклучително тешки политички услови расцепкано во три држави и недоволно организирано. И во Втората светска војна во НОБ, и покрај тоа што има обиди за спојување, тоа и натаму останува расцепкано. Носителот на ослободителната борба и антифашистичкото движење во Југославија е КПЈ, која за македонското прашање има принципиелен став за признавање на правото на национална слобода и државност на македонскиот народ, но во рамките на Југославија. Според тоа, македонското националноослободително движење не треба да е автономно и самостојно, туку под раководство на КПЈ. Со тоа македонското националноослободително движење кое е најсилно и најорганизирано во вардарскиот дел од Македонија не смее да го прошири раководењето со националноослободителното движење врз целата македонска територија и целиот македонски народ. Националноослободителното движење во другите делови на Македонија (егејскиот и пиринскиот) е под раководство на КПГ и БРП (к). Македонските комунисти не беа подготвени за самостојно организирање и раководење на целата територија на Македонија. Поделеноста на македонското националноослободително движење вештачки ја одржуваа комунистичките раководства. Македонските комунисти се бореа за непостоечка држава – Југославија, и не покажаа волја и решеност за создавање единствено политичко и воено раководство на македонското националноослободително движење за целата територија на Македонија. Инаку, во тие услови кога поголемиот дел од македонската територија се наоѓаше во една држава – фашистичка Бугарија, полесно ќе се организираше обединувањето и дејствувањето на македонското националноослободително движење. Признавањето на правото на посебност од страна на КПЈ се наложи од објективната потреба да се придобие македонскиот народ за заедничка борба со другите југословенски народи, како битен услов за конечниот успех, за возобновување на Југославија.

Во вардарскиот дел на Македонија имаше поголема организираност и поинтензивна пропаганда на Покраински комитет (ПК) на КПЈ за Македонија со доаѓањето на Методија Шаторов – Шарло[9] на чело на ПК пролетта 1940 година. ПК во септември одржа партиска конференција на која беше донесена посебна резолуција за престојните задачи на борбата. Како приоритетна задача беше поставено создавањето единствен македонски национален револуционерен фронт што ќе ги обедини сите национални сили, вклучувајќи го и македонското либерално граѓанство кое изразувало подготвеност за заедничка борба против српските империјалисти и поробувачи.[10] На конференцијата беше осудена и српската колонизација во Македонија и се бараше иселување на колонистите кои се сметале за експоненти на големосрпската политика во Македонија.[11]

Во јануари 1941 година ПК на КПЈ за Македонија на поширок пленум ја одреди стратегијата и целите на македонското

---

[9] Методија Шаторов – Шарло е роден во Прилеп во 1897 година. Основно училиште завршил во Прилеп и Педагошка школа започнал да учи во Битола, а ја завршил во Скопје во 1915 година. Во 1918 година емигрирал во Бугарија и се вклучил во активностите на македонската политичка емиграција. Бил член на БРП (к) и член на ВМРО (обединета). Од 1930 година работи во телата на Коминтерната. Во 1940 година е избран за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. На Петтата земска конференција на КПЈ во 1940 година е избран за член на ЦК на КПЈ. Во август 1941 година од страна на ЦК на КПЈ е сменет од функцијата политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија и исклучен од ЦК на КПЈ, по што во октомври 1941 година се враќа во Бугарија и ја продолжува својата дејност во рамките на БРП (к). Убиен е во 1943 година во Пазарџик, Бугарија, во неразјаснети околности.

[10] Ристе Бунтевски, *Програмските начела на ПК и КП во Македонија на Методија Шаторов – Шарло во корелација со националната програма на МНЛД.* – Македонското научнолитературно другарство и неговиот континуитет до основањето на МАНУ, Скопје 1997, 332.

[11] Виолета Ачкоска, *Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонијата и дисхармонијата,* Скопје 2003, 17-21.

националноослободително движење: ослободување, рамноправност и создавање самостојна држава.[12]

НОБ во Македонија не претставува борба за социјализам и комунизам и поради тоа погрешна е претставата што ја создава социјалистичката историографија дека НОБ во Македонија има марксистичко-комунистички карактер и претставува социјалистичка револуција.[13] НОБ претставува национално ослободување на македонскиот народ и создавање на демократско-граѓанска држава ДФ Македонија. Македонскиот народ не ја познавал комунистичката платформа и во НОБ се борел за национално ослободување. И самите комунисти тогаш сè уште не ја знаеле во целост комунистичката идеологија, и воглавно се воодушевувале од пропагандата што доаѓала од Советскиот Сојуз како држава на работниците и рамноправноста, од величествената Октомвриска револуција, од борбите на републиканците во Шпанската граѓанска војна, од паролите на создавање на „челичен сојуз“ меѓу работниците и селаните за слобода и социјална правда.




***Методија Шаторов –Шарло***

Во Македонија НОБ се сфаќала како македонска борба за национално и политичко ослободување во која силно е присутна илинденската

[12] ДАРМ, фонд ПК КПМ, К-1, 48, 1940-1942.

[13] Терминот „социјалистичка револуција“ не треба да се употребува во современата историска наука. Тој е каракетристичен за социјалистичката историографија и се однесува на насилното земање на власта од страна на комунистичките партии и воспоставувањето партиска диктатура, наречена „диктатура на пролетеријатот.“ Претставува преврат, промена на власта, а не револуција.

традиција. Во првите години македонската НОБ (1941-1942) е целосно самостојна, и функционира согласно со децениската илинденска традиција. Тоа може да се согледа во именувањето на револуцинерната народна власт како тајни или македонски народни комитети, во именувањето на вооружените чети како комитски, а не партизански чети, а борците биле нарекувани илинденци. Така и организационата поставеност во Македонија битно се разликува од моделот кој го наметнува КПЈ.[14] Континуитетот на автономното организирање според илинденските традиции, беше задржан и покрај менувањето на раководствата на македонската политичка организација. Во прогласот на ПК на 2 август 1942 година се нагласува дека македонскиот народ ја продолжува илинденската борба за илинденските идеали, дека младите илинденци се борат за нов последен Илинден и за истерување на окупаторите и за слободна Македонија.[15]

Илинденската традиција не беше сузбиена ни во периодот кога раководството на КПЈ успеваше да ја контролира и да ја насочува македонската НОБ (1943-1944 година). Повеќето млади македонски комунисти останаа верни на илинденските традиции. Меѓу нив се истакнуваше Кузман Јосифовски – Питу,[16] кој сметаше дека македонскиот народ мора сам да си ја извојува слободата со сопствени сили и без помош

---

[14] Михајло Миновски, *Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946),* Скопје 2000, 30.

[15] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава*, том втори, Скопје 1981, 378.

[16] Кузман Јосифовски – Питу е роден во Прилеп во 1915 година каде завршил основно и средно образование. Во 1935 година се запишал на Правниот факултет во Белград. Бил активен во друштвото „Вардар", движењето МАНАПО и во покренувањето на весникот „Наша реч." Се зачленил во КПЈ во 1938 година, а во 1939 година се вратил во Македонија и продолжил со активности во комунистичката партија. Во периодот 1940-1943 година со револуционерна партиска дејност се занимавал во Прилеп, Битола, па во западна Македонија во делот под италијанска окупација. Од септември 1942 година е член на ПК на КПЈ за Македонија, а од март 1943 година член на ЦК на КПМ и член на ГШ на НОВ и ПОМ. Од август 1943 година вршел многу значајна револуционерна партиска дејност во Скопје сè до неговото убиство од бугарската полиција во февруари 1944 година.

од народите на Југославија и братскиот бугарски народ, дека на ни еден народ слободата не може да му се подари.[17]

## I 3. ИНТЕРВЕНЦИИТЕ НА РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА

ЦК на КПЈ на чело со Јосип Броз – Тито направи сè за врзување на македонското националноослободително движење од вардарскиот дел на Македонија со антифашистичките движења на југословенските народи во единствено југословенско антифашистичко движење. Без македонското националноослободително движење југословенското раководство не можеше да смета на целосен легитимитет, и да настапува во името на југословенските народи за возобновување на версајска Југославија врз републикански и федеративни начела. Тоа доведува до поларизација на македонското националноослободително движење во вардарскиот дел на две политички струи, до несогласување околу основните прашања за натамошниот развиток на македонското националноослободително движење и околу крајната цел. Едната струја е промакедонската (македонски автономизам), демократска, која се залага за автономно македонското националноослободително движење и за создавање независна обединета македонска држава, со можност за влез во балканска федерација. Другата струја е пројугословенската (југословенски федерализам), комунистичка, која се залага за македонско националноослободително движење под раководство на КПЈ и за создавање македонска национална држава во рамките на Југославија, односно за почитување на балканскиот политички статус кво создаден со Версајските мировни договори.[18]

---

[17] *Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945,* I, кн. 1, Документи на КПЈ и КПМ 1941-1945, Скопје 1968, 377-382.

[18] Стојан Киселиновски, *Методија Шаторов – Шарло и македонското револуционерно движење.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 49.

## I 3. 1. СУДИРОТ НА РАКОВОДСТВАТА НА ПК НА КПМ И ЦК НА КПЈ

ПК на КПЈ за Македонија раководен од Методија Шаторов – Шарло, во состав: Перо Ивановски, Коце Стојановски и Мара Нацева, целосно се дистанцира од директивите на ЦК на КПЈ, откажа да ги шири неговите прогласи, и застанува на позициите на автономност на македонското националноослободително движење. Методија Шаторов – Шарло го менува и името на комунистичката организација во Македонија, намерно изоставајќи го името Југославија. Така во документите од овој период може да се забележи дека се употребува името ПК на КПМ, а не ПК на КПЈ за Македонија.[19]

На тоа одговорил ЦК на КПЈ и лично Јосип Броз –Тито. На 24 јули 1941 година на специјална седница на Политбирото на ЦК на КПЈ посветена на Македонија, Методија Шаторов – Шарло бил обвинет за антипартиско и контрареволуционерно делување. Наречен е „стар Бугарин“ и донесена е одлука за негово разрешување од функцијата секретар на ПК на КПЈ за Македонија и за исклучување од партијата. Притоа Политбирото го определува Драган Павловиќ за свој повереник и тој заедно со Лазар Колишевски допатувал во Македонија во почетокот на август. Повереникот требало да го распушти постојниот ПК и да формира нов кој ќе го раководи Лазар Колишевски.[20] Но на состанокот во Скопје ПК одлучно ја отфрли

---

[19] Ристо Шуплиновски, *Македонска национална платформа од времето на Шарло (1940).* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 78; Ирена Ставови – Кавка, *Македонската национална идеја на Методија Шаторов – Шарло и спорот со Коминтерната и балканските комунистички партии.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 32.

[20] Лазар Колишевски е роден во 1914 година во Свети Николе. Член е на КПЈ од 1935 година. До 1941 година е организационен секретар на Окружниот комитет на КПЈ за Крагуевац и делегат на Петтата земска конференција на КПЈ одржана во Загреб 1940 година како претставник на партиската организација на Србија. Со одлука на ЦК на КПЈ во 1941 година е префрлен во партиската организација на Македонија. Во ноември 1941 година е уапсен од бугарската полиција и останал во бугарски затвор сè до капитулацијата на Бугарија на 9 септември 1944 година. Во отсуство е именуван на повеќе функции меѓу

одлуката на ЦК на КПЈ, а Драган Павловиќ морал да ја напушти Македонија.

Тито за состојбата во Македонија се пожалил и го наклеветил Методија Шаторов – Шарло на Коминтерната. На почетокот на септември 1941 година испратил писмо до Извршниот комитет на Коминтерната за состојбата и преземените мерки во Македонија и до членовите на партиската организација во Македонија во кое го обвинува македонското раководство за саботерство и национален шовинизам. Одново Драган Павловиќ бил упатен во Македонија и овојпат успеал да формира нов ПК на КПЈ за Македонија. На чело на ПК како секретар застанал Лазар Колишевски, а за членови биле избрани: Борка Талевски, Бане Андреев, Мара Нацева, Благој Јанков, а набргу и Вера Нацева. Методија Шаторов – Шарло сакал да остане и да работи како обичен член во партиската организација во Македонија, но тоа не му било дозволено, па ја продолжил својата дејност во Бугарската работничка партија (комунисти).

Во социјалистичката историографија многу историски факти поврзани со делото на Методија Шаторов – Шарло се премолчени или целосно искривени, и тоа под влијание на повоеното комунистичко раководство на чело со Лазар Колишевски. Искривувањата на фактите се во насока целосно да се дискредитира Методија Шаторов – Шарло и неговото дело. Така, во социјалистичката историографија се критикува Методија Шаторов – Шарло за тоа што не учествувал во Мартовските настани 25-27 март 1941 година, а подоцна е докажано дека воопшто ни КПЈ не учествува во нив. Методија Шаторов – Шарло има принципиелен став дека тие

---

кои и за секретар на ЦК на КПМ во март 1943 година. Член е на Президиумот на АСНОМ, а од 16 април 1945 година и претседател на првата Влада на ДФ Македонија. Тој ја приграбил целата државна и партиска власт во Македонија и е доследен спроводник на политиката на КПЈ во однос на Македонија. По падот на социјализмот во СФР Југославија, се повлекува од јавниот живот и живее како пензионер. Почина во 2000 година во Скопје.

демонстрации се националистички и имаат големосрпски карактер, за што е сосема во право.[21]

Исто така, подолг период не се споменуваше или не се признаваше постоењето на првиот Скопски партизански одред, формиран од ПК на КПМ на 22 август 1941 година. За такво премолчување кај историчарите придонесе и тврдењето на Лазар Колишевски дека тој одред не постоел.[22]

Најголемиот грев што му се припишуваше на Методија Шаторов – Шарло од социјалистичката историографија беше наводното префрлување на ПК на КПМ под надлежност на БРП (к). На конференција во мај 1941 година КПЈ истапила со програма за организирање партизански единици и започнување на вооружена војна. Тогаш дошло до спор помеѓу КПЈ и БРП (к), кој се однесувал меѓу другото и на тоа како да се третира македонското прашање. БРП (к) ја застапувала тезата: една држава, една партија, која значела откако поголемиот дел на вардарска Македонија е во рамките на Бугарија, БРП (к) имала право да ја преземе партиската комунистичка организација во Македонија. Но со тоа БРП (к) ја признавала окупацијата на фашистичка Бугарија на Македонија. Затоа Коминтерната чиј генерален секретар во тоа време е Георги Димитров, сепак одлучила ПК на КПМ да остане под водство на КПЈ.[23]

Додека двете комунистички партии спореа за правото на водство на комунистите во Македонија, Методија Шаторов – Шарло го претставувал македонското национално гледиште. Тој тоа го изразил во документот под

[21] Тодор Чепреганов, *Мартовските настани од 1941 година во Македонија од еден друг агол.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 81-96.

[22] Ќамуран Тахир, *Првиот партизански одред во Македонија (прв скопски одред) и инсинуациите за Методиј Шаторов – Шарло.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 151-153; Кузман Георгиевски, *Последните години од животот на македонскиот револуционер Методија Шаторов.* – Шарло (1897-1944). – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 216.

[23] Владо Ивановски, *Методиј Шаторов – Шарло и Македонија 1941.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 151

наслов: „писмо до Стојана“[24] упатено до македонскиот народ, а името Стојан овде е земено како едно од најчестите лични имиња во Македонија. Во него Методија Шаторов – Шарло тврди дека Македонците се борат за своја национална и политичка слобода. Методија Шаторов – Шарло ги критикува т.н. културни комитети формирани од Македонци кои ја пропагирале идејата за обединување на Македонија со Бугарија, тврдејќи дека тие Македонци ја загубиле довербата. На прашањето што треба да се направи во таква ситуација, одговара да се обединат сите Македонци и народности во Македонија во борба за општото право на слобода и еднаквост, заедно со другите балкански народи.

Социјалистичката историографија отишла дотаму што промакедонската демократска политичка струја во НОБ позната како македонски автономизам, и сите нејзини активности ги окарактеризирала како дело на БРП (к).[25]

Факт е дека Методија Шаторов – Шарло бил активен во БРП (к), особено во Задграничното биро (ЗБ) на ЦК на БРП (к) во периодот од 1928-1939 година, но тој и таму пропагира создавање на посебна македонска организација или партија, сметајќи во прво време на зајакнување на ВМРО (обединета) чии структури во пиринскиот дел на Македонија тој ги формирал[26], а по нејзиното ликвидирање во 1936 година, работи на создавање македонска комунистичка организација.[27] Целта ја остварил со доаѓањето на чело на ПК на КПЈ за Македонија, кој во негово време е

---

[24] *Извори за Ослободителната војна ...,* I, кн. 1, 13-18.

[25] Лазар Мојсов, *БРП (к) македонското национално прашање,* Скопје 1978, 65-149.

[26] Ирена Ставови – Кавка, цит. дело, 27.

[27] Владо Поповски, Ленина Жила, *Македонското прашање во документите на Коминтерната,* Том I, дел 2, Скопје 1999, 1227-1238.

целосно автономен од КПЈ, кога го актуализирал и барањето за независна македонска држава откината од Бугарија и Југославија.[28]

Накратко за ликот и делото на Методија Шаторов – Шарло и неговата национална платформа[29] може да се заклучи дека има развиена македонска национална свест, се залага и се бори за македонска комунистичка партија, за формирање единствен револуционерен фронт, за обединета македонска национална држава. Противник е на големосрбизмот, српската колонизација во Македонија и југословенскиот централизам.

## *I 3. 2. ЗАДРЖУВАЊЕ НА АВТОНОМИЗМОТ ВО ПК И ПОВТОРНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА РАКОВОДСТВОТО НА КПЈ*

ПК кој бил формиран под покровителство на КПЈ и неговиот повереник Драган Павловиќ бил сменет уште истиот месец, по провалата на 15 септември 1941 година и апсењето на Лазар Колишевски. Со новата промена, Бане Андреев[30] бил поставен за политички секретар, Мара Нацева

---

[28] Зоран Тодоровски, *Дејноста на Методија Шаторов во ЦК на БКП и во Коминтерната за решавање на македонското национално прашање.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 43.

[29] Ристо Бунтески – Бунте, *Методија Шаторов – Шарло неговата национална програма и политиката на балканските комунистички партии.* – Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007, 51-64.

[30] Бане Адреев – Ронката е роден во Велес во 1905 година. Од 1922 година е член на СКОЈ, а од 1923 година на КПЈ. За време на студиите во Белград е затворен во 1929 година и осуден на 15 години затвор. Во затвор останува до 1941 година кога се вратил во Македонија. Од септември 1941 до мај 1942 година е политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Член е на ЦК на КПМ од неговото формирање во март 1943 година. Од јуни до ноември 1943 година на два пати е затворен и тој период го поминал во затвор. Член е на ГШ на НОВ и ПОМ и негов политички комесар (јуни-октомври 1944 година), делегат на АСНОМ, член на АВНОЈ и на уставотворното собрание на ФНР Југославија. Тој е првиот министер за рударство на ФНР Југославија. Поради поддршката на резулуцијата на Информбирото во декември 1949 година разрешен е од сите функции. Се вработува во Институтот за економски истражувања на Србија, каде работи повлечено од државно-политичките збиднувања сè до својата смрт во 1980 година во Скопје.

– организационен секретар, членови: Борка Талевски и Вера Ацева, а во декември се кооптирани Орце Николов и Трајко Бошковски.[31]

Овие смени се покажаа недоволно ефикасни за целосно контролирање на политичкото раководство на македонското националноослободително движење. ПК раководен од Бане Андреев продолжи да дејствува самостојно. Повереникот Драган Павловиќ кон крајот од октомври го извести ЦК на КПЈ за сложеноста на политичката ситуација во Македонија и за потребата од внимателност при преземањето на политичките интервенции за наметнување на југословенската линија.[32]



***Бане Андреев – Ронката***

На 7 јануари 1942 година беше одржано советување од кое беше издадена директива за исфрлање партизански одреди. На советувањето беше критикуван повереникот на ЦК на КПЈ Драган Павловиќ дека не му е местото ни во ПК ни во ЦК на КПЈ, и не само повереникот – критикуван е целиот ЦК на КПЈ. Се критикува и самиот ПК дека не презема мерки против повереникот на ЦК на КПЈ.[33]

И ПК предводен од Бане Андреев беше обвинуван за антипартиска дејност од страна на ЦК на КПЈ. Цели 9 месеци немаше воспоставено врска со ЦК. ПК продолжи да спроведува политика на автономност во дејствувањето и организирањето на македонското националноослободително движење. Во издадените апели и прогласи до

---

[31] *Извори за Ослободителната војна...*, I, кн. 1, 242.

[32] Истото, 53.

[33] Истото, 163-164; Михајло Миновски, цит. дело, 23.

македонскиот народ,[34] се повикуваше на оружена ослободителна борба, на единство и продолжување на илинденските традиции во борбата за национална слобода и независност. Се предочуваше дека македонскиот народ во борбата против фашистичките окупатори не е сам и дека против фашизмот се борат сите балкански народи. Во новиот повоен поредок на Балканот и во Европа што ќе го создадат самите народи, македонскиот народ ќе го заземе своето рамноправно место.

Уште есента 1941 година дојде до поларизација во ПК на две спротивставени групи. Едната што ја претставуваа: Бане Андреев и Мара Нацева, за самостојност во дејствувањето и втората – на југословенска линија: Борка Талески и Вера Ацева. Бане Андреев и Мара Нацева се застапуваа за ширење на базата на движењето и придобивање и вклучување во раководствата на членови од редот на македонското граѓанство и интелигенцијата.

Оваа самостојност на ПК на КПЈ за Македонија се случува кога Извршниот комитет на Коминтерната одлучува реорганизирање на партиските организации во Македонија во самостојна Комунистичка партија. На 27/28 февруари 1942 година секретарот на КПЈ, Јосип Броз – Тито добил телеграма од Извршниот комитет на Коминтерната за таа одлука.[35] Но, создавањето на Комунистичка партија на Македонија го спречи раководството на КПЈ. КПЈ во тоа време во никој случај не сакаше да прифати осамостојување на македонското националноослободително движење. Југословенската линија во ПК (Борка Талески и Вера Ацева) додека Бане Андреев е во Софија, со писмо го известија ЦК на КПЈ за политичките разидувања во партиското раководство и бараа испраќање делегат во Македонија.[36]

---

[34] *Извори за Ослободителната војна...*, I, кн. 1, 112-113, 133-134, 146-147, 152-155.

[35] Михајло Миновски, цит. дело, 25.

[36] *Извори за Ослободителната војна...*, I, кн. 1, 196.

Сепак, ПК продолжи да дејствува на линијата спроведувана од политичкиот секретар, со посебно нагласување на водечката улога на Партијата, како македонска комунистичка партија и вистински следбеник на македонските револуционери–илинденци во борбата за национално ослободување.

Дистанцирањето од Југославија и прокламираниот сојуз со сите балкански народи предизвика жестока реакција од застапниците на југословенската линија. Настапи потполно политичко разидување во ПК. Следуваа зачестени обраќања до ЦК на КПЈ со барања за интервенција. Внатрешниот судир кон крајот на мај 1942 година заврши со распуштање на постојното раководство и беше формиран привремен ПК, во состав: Мирче Ацев, Цветко Узуновски, Љупчо Арсов, Мара Нацева и Цветан Димов. Со тоа беше отстранет дотогашниот политички секретар приврзаник на автономното македонско национанолноослободително движење, Бане Андреев, обвинуван пред ЦК на КПЈ за „крупни политички грешки“.[37]

Во исто време привремениот ПК во Македонија бараше од ЦК на КПЈ да испрати свој делегат во Македонија. Набргу потоа, кон крајот на август 1942 година, дојде Добривоје Радосавлевиќ за да се пресмета со опортунистите. Радосавлевиќ многу брзо осознава дека споменувањето на Југославија е многу непопуларно меѓу народот во Македонија и дека тоа се асоцира со големосрпство.[38] Сè уште во партиската организација во Македонија се исфрла зборот „Југославија“ и се користи само Македонија, односно се нарекува ПК на КПМ. На тоа реагира и секретарот на ПК на КПЈ за Србија Благоја Нешковиќ со писмо до Добривоје Радосавлевиќ од 6 ноември 1942 година, во кое изразува несогласување со ставовите на македонското раководство.[39]

---

[37] Истото, 257.

[38] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 26.

[39] Ристе Бунтевски – Бунте, *Кузман Јосифовски – Питу и неговиот однос кон надворешните политички влијанија во Македонија.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 192-193.

Реагира и Јосип Броз – Тито во органот на ЦК на КПЈ „Пролетер“ од 16 декември 1942 година каде го изнесува ставот на југословенското партиско раководство за зачувувањето на Југославија во границите што ги имала пред 1941 година.[40]

По смената и измените во составот на ПК и постојаното присуство на повереници од ЦК на КПЈ, кои играа улога на инструктори–налогодавачи, дојде до израз зависноста во дејствувањето на македонското партиско раководство и подредувањето на македонското националноослободително движење на политиката на југословенското партиско и воено раководство, и неговата југословенска државотворна платформа.

## *I 3. 3. УШТЕ ЕДНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ЦК НА КПЈ ПРЕДВОДЕНА ОД СВЕТОЗАР ВУКМАНОВИЌ – ТЕМПО*

Спречувањето на автономноста на македонското националноослободително движење за Јосип Броз – Тито и за југословенското раководство стана прв приоритет. Целта беше возобновување на Југославија во нејзините версајски граници, како меѓународно призната држава со нова власт предводена од Јосип Броз – Тито и со републиканско уредување. За таа цел требаше да се направи сè, КПЈ да стане носител на ослободителната борба во Југославија и да се ставаат под контрола ослободителните движења во рамките на Југославија, меѓу кои и македонското националноослободително движење. Воедно требало да се воспостави цврсто сојузништво (политичко и воено), со раководствата на комунистичките партии и антифашистичките движења во Грција и Бугарија, за остварување на проектираната антимонархистичка коалиција.

За воспоставување непосредна цврста контрола над раководството на македонското националноослободително движење Јосип Броз – Тито го

[40] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 387-393.

испрати во Македонија Светозар Вукмановиќ – Темпо[41] како делегат со „вонредни овластувања.“[42] Пред неговото пристигнување во Македонија Јосип Броз – Тито испратил писмо до ПК на КПЈ за Македонија на 16 јануари 1943 година, во кое бара партиската организација да раководи со Главниот штаб, со предупредување дека членовите на Штабот за својата работа се одговорни на повисоката команда (што подразбираше на југословенскиот Врховен штаб), а како партијци (комунисти) за својата целокупна работа се одговорни пред партијата, односно пред ЦК на КПЈ.[43] Понатаму во писмото пишува: „Партиското име вам ви се чини дека значи отуѓување на масите од нашата партија, но со промената ништо не би се променило, а значи опортунистички отстапки“. Во писмото Јосип Броз – Тито е против автонимистичките тенденции во Македонија од организационо-партиски карактер, како и против автономистичките тенденции од национален карактер.[44]

Светозар Вукмановиќ – Темпо пристигна во Македонија кон крајот на февруари 1943 година, во својство на специјален претставник на Јосип Броз – Тито со неограничена слобода на дејствување во спроведувањето на југословенската политика во Македонија. Во прв план требаше да се воспостави контрола над партиското и военото раководство на македонското националноослободително движење кое сè уште беше далеку од линијата на ЦК на КПЈ. Една од причините за таа неприврзаност кон југословенската линија е тоа што Југославија пред војната е симбол на

---

[41] Светозар Вукмановиќ – Темпо е роден во Црна Гора во 1912 година. За време на студиите на Правниот факултет во Белград во 1933 година се зачленил во СКОЈ, а во 1935 година во КПЈ. Член е на ЦК на КПЈ од Петтата земска конференција во 1940 година. Уште од 1941 година е член на Главниот, односно на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ. Од крајот на февруари 1943 година до ослободувањето бил на партиска и воена работа во Македонија како делегат на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ. По војната извршува значајни политички функции во федерацијата.

[42] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 29.

[43] ДАРМ, фонд НОБ, К-4, 01.16.1943.

[44] Истото.

големосрпската политика и македонските дејци чувствуваа одбивност кон неа.[45] Во ПК постоеше поларизацијата по основното прашање за југословенската линија или за автономност. Затоа Светозар Вукмановиќ – Темпо со директивно писмо, од 28 февруари, непосредно до партиските организации, прескокнувајќи го ПК, а известувајќи го ЦК на КПЈ отпосле,[46] решил на македонското националноослободително движење да му даде „автономија“ во името на ЦК на КПЈ. Веднаш потоа, во првите денови на март, под будното око на Светозар Вукмановиќ – Темпо се распушти ПК и се формира ЦК на КПМ, од 6 члена, во состав: Лазар Колишевски – секретар, Страхил Гигов, Цветко Узуновски, Мара Нацева, Бане Андреев и Кузман Јосифовски – Питу. Во социјалистичката историографија, 19 март се земаше како ден на основањето на КПМ. Основањето на КПМ всушност претставува процес, оти како што видовме погоре, таа и претходно делувала како автономна, па дури и го променила името во ПК на КПМ. Светозар Вукмановиќ – Темпо фактички ја констатирал постоечката состојба и го издигнал ПК во ЦК, и со тоа го сменил неговиот состав.[47]

Светозар Вукмановиќ – Темпо заедно со неколку цврсти соработници во ЦК на КПМ, како Страхил Гигов,[48] создал раководен центар и вешто поттргнувал на страна одделни членови за кои имаше основано сомнение за непотполна приврзаност. Тие членови биле испраќани во градовите под

---

[45] Вера Ацева, *Писмо до Светозар Вукмановиќ – Темпо,* Скопје 1991, 358-387.

[46] Михајло Миновски, цит. дело, 34-35.

[47] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 30.

[48] Страхил Гигов – Андро е роден во Велес во 1909 година. Член е на КПЈ од 1929 година, а кон крајот на 1934 година бил затворен и осуден на три години затвор кои ги одлежал во Сремска Митровица. Во 1939 година станал член на ПК на КПЈ за Македонија, а на почетокот на 1940 година повторно е затворен и одлежал два месеци. Од септември 1942 година е член на ПК на КПЈ за Македонија, а од основањето член на ЦК на КПМ. Од март 1943 година член е и на ГШ на НОВ и ПОМ, потоа е член на ИО за свикување на АСНОМ и делегат на АСНОМ. Тој е доследен спроводник на политиката на КПЈ, а по ослободувањето врши повеќе државни функции во републиката и федерацијата. Почина во 1999 година во Скопје.

окупаторска власт со образложение дека единствено тие можат да го организираат масовизирањето на ослободителното движење таму. Вистинската цел беше да бидат што подалеку од раководењето со македонското националноослободително движење, во време кога претстоеше донесувањето на судбоносните одлуки. Таков беше случајот со упатувањето на Кузман Јосифовски – Питу во Скопје. Тој во тоа време е најголем изразувач на националните интереси во македонското националноослободително движење, и неговите ставови до крај не се вклопуваа во наметнуваната југословенска линија.

Воедно Светозар Вукмановиќ – Темпо постојано се плашел да не ја изгуби контролата. Тоа се гледа од писмото кое го испратил до ЦК на КПЈ на 10 август 1943 година каде вели дека се плаши да не згрешил и да не избрзал со формирањето на КПМ.[49]

Значи, по доаѓањето на Светозар Вукмановиќ – Темпо во Македонија внатрешните процеси добија подруг тек. Тоа е очигледно и во документите од НОБ. Дотогаш доминираат термините „независна и обединета Македонија во идна балканска федерација", а оттогаш „слободна Македонија, во слободна Југославија." Светозар Вукмановиќ – Темпо воспостави полна контрола над македонското националноослободително движење. Тој можеше самостојно да донесува и донесуваше одлуки во името на ЦК на КПМ. Анемичното македонско партиско раководство не покажа волја и решеност да му се спротивстави на диктатот на Светозар Вукмановиќ – Темпо и слепо ги слушаше неговите инструкции. Малку е тешко за верување, еден човек непопречен од никого да воспостави контрола над македонското националноослободително движење, со мал отпор на одделни членови. Секако дека постои одредена заслепеност кај македонските комунисти, кои започнуваат посериозно да се запознаваат со комунистичката идеологија и нејзиниот интернационален карактер, влегувајќи во догматизам и сметајќи дека инструкциите од Светозар

[49] *Извори за Ослободителната војна...*, I, кн. 2, 207-208.

Вукмановиќ – Темпо се всушност инструкции одозгора од КПЈ и Интернационалата, и мора да се почитуваат.

Македонското националноослободително движење под силното влијание на илинденската традиција ја увиде историската шанса во Втората светска војна, борејќи се на страната на антихитлеровската коалиција да дојде до национално ослободување и создавање на македонска држава. Во првите години на НОБ носител на македонското националноослободително движење е ПК на КПЈ за Македонија и претставува целосно автономно национално движење. Но ЦК на КПЈ не можеше да прифати автономно македонско движење бидејќи без него немаше легитимитет за возобновување на версајска Југославија со републиканско и федеративно уредување. Затоа со повеќе интервенции се обидуваше да го стави македонското националноослободително движење под свое раководство и да го насочува кон ослободување само на вардарскиот дел на Македонија, односно само на делот на Македонија под версајска Југославија.

# Глава II

# ПОМЕЃУ ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА И СКРАТЕНА МАКЕДОНИЈА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКА ФЕДЕРАЦИЈА

## II 1. ПОТРЕБАТА ОД ИЗДАВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ДОКУМЕНТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА НОБ И МАНИФЕСТОТ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПОМ

Со разгорувањето на НОБ во Македонија летото 1943 година се наметна потребата за донесување и објавување на посебен политички документ со кој ќе биде обнародена целта на македонската национална борба. Тоа прашање го актуализира Кузман Јосифовски – Питу, член на ЦК на КПМ. Во писмото од 1 јуни 1943 година до ЦК на КПМ, Кузман Јосифовски – Питу бараше ЦК на КПМ да одржи состанок за определување на стратегијата на дејствувањето, за потоа ЦК на КПМ да издаде проглас.[50] Во втората половина на јуни, додека Светозар Вукмановиќ – Темпо не е во Македонија, Кузман Јосифовски – Питу бара самостојно одржување врски и уредување на односите со комунистичките партии на соседните земји: Грција, Бугарија и Албанија. Всушност се прашува: „дали со осамостојувањето на нашата партија нашето ЦК раководство има право директно да влегува во контакт со соседните братски партии за соработка“.[51]

Светозар Вукмановиќ – Темпо се наоѓа во Грција на преговори со водачот на КПГ Андреас Цимас, за создавање балкански штаб во кој требало да доминира КПЈ. Со ова Јосип Броз – Тито сакал да се наметне како прва личност на антифашистичките комунистички движења на отпорот

[50] *Извори за Ослободителната војна...*, I, 2, 129.

[51] Истото, 144.

на Балканот.[52] Преговорите не успеале и до формирање на балкански штаб не дошло.

Барањето на Кузман Јосифовски –Питу за издавање политички документ е прифатено од останатите членови на ЦК на КПМ. Партиското раководство покажува единство, го издава Јунскиот проглас во кој се декларира самостојноста на оружената ослободителна борба на македонскиот народ, во рамките на општата антифашистичка војна и Македонија ја претставува како посебна балканска земја надвор од Југославија.[53]



***Кузман Јосифовски – Питу***

По објавувањето на Јунскиот проглас Светозар Вукмановиќ – Темпо веднаш допатува во Македонија за да го присили ЦК на КПМ за измена на обнародената македонска линија во Јунскиот проглас и да направи „исправување“ кон југословенската линија. Со неговите карактеристични писма и извештаи од 8 и 10 август 1943 година тој го критикува македонското скршнување од линијата на КПЈ.[54] Под тој притисок ЦК на КПМ отстапи. Повторното свртување и автономизирање на движењето

[52] Михајло Миновски, цит. дело, 32 и 36-41.

[53] Истото, 150-151;

[54] Виолета Ачкоска, *Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањето на Светозар Вукмановиќ – Темпо.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 373.

беше спречено. Но декларативно Светозар Вукмановиќ – Темпо дозволува да се употребува паролата за обединување на македонскиот народ и Македонија, но само во рамките на Југославија.[55] Македонското партиско раководство прифати самото да поведе беспоштедна борба против сите автономистички тенденции.

Во август 1943 година, од егејскиот дел на Македонија, кога Цветко Узуновски – Абаз[56] член на ЦК на КПМ се наоѓа таму, повторно се зголемиле барањата за обединување на македонското националноослободително движење и целото движење да премине под раководство на ЦК на КПМ и на Главниот штаб (ГШ) на Народноослободителната војска (НОВ) и партизанските одреди на Македонија (ПОМ), и да се прекине вештачката поделба, одржувана од балканските комунистичките партии.[57]

Пројавениот стремеж на македонскиот народ за автономност на македонското националноослободително движење се квалификуваше како сепаратизам. За каков сепаратизам можеше да станува збор и од кого се сепарираше македонскиот народ? Насилно окупиран и анектиран во текот на Балканските војни и Првата светска војна, на македонскиот народ му се оспоруваше сопствената волја и избор, односно демократското право на самоопределување во духот со Атлантската повелба.

Од 2-4 август 1943 година се одржува состанок на ЦК на КПМ во Отешево – Преспа, попознат како Преспански состанок (советување), на кој се утврди потребата од донесување на политички програмски документ

---

[55] *Извори за Ослободителната војна...*, I, 2, 207.

[56] Цветко Узуновски – Абаз е роден во 1916 година во Ресенско. Член е на КПЈ од 1934 година и учесник е во Шпанската граѓанска војна од 1937 до 1939 година, а од септември 1941 година член на ПК на КПЈ за Македонија. Член е на ЦК на КПМ од основањето, потоа е член на ИО за свикување на АСНОМ и делегат на АСНОМ. Тој е доследен спроводник на политиката на КПЈ и прв началник на ОЗН-а. По војната извршувал високи функции во органите за внатрешни работи. Почина во Скопје 1994 година.

[57] Михајло Миновски, цит. дело, 42-44.

потпишан со полни имиња и презимиња на носителите на НОБ. Покрај тоа, меѓу поважните одлуки од Преспанскиот состанок се: да се формира народноослободителна војска (поголеми воени формации) како дел од Народноослободителната војска на Југославија (НОВЈ) и да се свика државотворното собрание – АСНОМ.[58] На состанокот негативно беа оценети ставовите во Јунскиот проглас.

Нешто подоцна негативно се оценети и ставовите на Кузман Јосифовски – Питу во неговиот проглас до бегалците од Македонија под окупација на Италија. Имено, инструкторот Драгољуб Радосавлевиќ во писмото до Кузман Јосифовски – Питу од 26 септември 1943 година напишал дека ставовите во прогласот се спротивни на линијата на ЦК на КПЈ за решавање на македонското прашање. Притоа му забележува на Кузман Јосифовски – Питу дека веќе е детално разговарано за линијата на Преспанскиот состанок. Исто му се забележува дека „другарот Темпо“ не се согласува со тоа што Кузман Јосифовски – Питу го потпишал прогласот со „Поверенство на ЦК.“[59] Значи Кузман Јосифовски – Питу и покрај тоа што бил критикуван на Преспанскиот состанок за ставовите во јунскиот проглас, останал на своите ставови. Во писмото до ЦК на КПМ од 13 октомври 1943 година Кузман Јосифовски – Питу пишува „Јас не сум се сживеал со линијата [(југословенската)] до таа мерка, што не да ја разбирам само за себе, но и луѓето со кои работам, и да ја изнесам и објаснам во еден проглас до народот.“[60] Всушност укажува дека линијата покрај народните маси не ја прифаќале и партиските кадри.

Потребно е да се укаже и на тоа кој го претставува ЦК на КПМ во овој период и кој ги донесува одлуките во негово име. Имено, од шест члена на ЦК, на терен работат само тројца – Страхил Гигов, Цветко Узуновски и Кузман Јосифовски. Од нив само Кузман Јосифовски – Питу е интелектуалец и по обемот на сочуваната документација тој е и најактивен.

---

[58] Владо Ивановски, *Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ,* Скопје 1983, 1-32.

[59] *Извори за Ослободителната војна...*, I, 2, 304.

[60] Истото, 367.

Во базата на ЦК на КПМ само Страхил Гигов е постојан член заедно со инструкторот Добривоје Радосавлевиќ и токму тие ги донесуваат одлуките во името на ЦК на КПМ, со постојано насочување од Светозар Вукмановиќ – Темпо.

Кузман Јосифвски – Питу во октомври 1943 година го предупредува ЦК на КПМ дека може да дојде до опасности кои можат да ја загрозат масовноста на МНОБ и претстојното државотворно АСНОМ со подготовките на бугарската окупациона власт за организирање на парламентарни избори во Македонија, или пак со можноста за капитулирање на Бугарија и создавање на квислиншка држава Македонија под протекторат на Германија.[61]

Сето тоа ја наметна потребата од најитно објавување на политички документ со кој прецизно и јасно ќе биде определена целта на борбата, и тоа и се прави но без свикување на државотворно собрание. Таков документ издава Главниот штаб на НОВ и ПОМ во октомври 1943 година. Тој документ настанува во договор меѓу Светозар Вукмановиќ – Темпо и командантот на Главниот штаб Михаило Апостолски[62] и носи наслов Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПОМ.[63]

Иако Манифестот на Главниот штаб е иницирал од Кузман Јосифовски – Питу, донесен е во тесен круг на луѓе (Темпо, Апостолски,

[61] Михајло Миновски, цит. дело, 48-49.

[62] Михаило Апостолски е роден во Ново Село – Штип во 1906 година. Завршил Виша воена академија во Белград. Пред војната е генералштабен мајор во војската на кралството Југославија. Во 1941 година станува член на Покраинскиот воен штаб, а од јуни 1942 година командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Член е на ИО за свикувањето на АСНОМ, делегат на АСНОМ и член на неговиот Президиум. По ослободувањето извршува високи воени функции во ЈНА. По пензионирањето во 1958 година се занимава со проучување на историјата на НОБ. Беше директор на ИНИ, а од 1967 година е член на МАНУ и нејзин претседател во два мандата (1976-1983). Почина во 1987 година во Стар Дојран.

[63] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 406-411; *АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,*. I, 1, Скопје 1984, 29-35.

Гигов), а не на државотворно собрание. Главниот штаб кој во потполност го претствува македонскиот народ, бидејќи има борци од сите краеви на Македонија и од сите слоеви на македонското население[64] имал легитимитет за донесување воени одлуки, но не за донесување политички одлуки. Всушност, се става пред свршен чин македонското политичко претставништво, односно идното државотворно собрание – АСНОМ. Тоа се прави поради силно изразените стремежи во движењето и во широките народни маси за самостојност и обединување во единствена самостојна национална држава, а македонскиот народ да се подготви за одделно решавање на македонското национално прашање, само вардарскиот дел, во рамките на југословенската федерација.

Вешто сроченииот манифест го објавуваше создавањето на македонска држава во вардарскиот дел од Македонија, во согласност со концептот на југословенското комунистичко раководство за идната југословенска држава, чиешто создавање сѐ уште не беше објавено. Така југословенското комунистичко раководство со Манифестот си обезбедува покритие за статусот на вардарскиот дел од Македонија на претстојното одржување на Второто заседание на Антифашистичко собрание (веќе) на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ) и прокламирањето на создавањето на авнојска Југославија.

Главниот штаб на НОВ и ПОМ во тоа време имаше вклучено поголем број авторитетни личности, некомунисти од редот на македонското граѓанство и граѓанска интелигенција, кои се застапуваа за национална програма, за интегрално решавање на македонското национално прашање. За нив, повеќе од извесно, еден таков документ беше неприфатлив.

При издавањето на Манифестот несвојствена е улогата на командантот на Главниот штаб, Михаило Апостолски – зошто се согласил

[64] Славко Милосавлевски, *Македонската национална свест – Манифестот на ГШМ 1943 – „Приговорот“ кон Манифестот.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 131-132.

на такво недемократско издавање на Манифестот, ако се знае дека тој и Светозар Вукмановиќ – Темпо не биле во идеални односи. Светозар Вукмановиќ – Темпо дури сакал да го смени Михаило Апостолски од командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ.[65]



***Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ***

Светозар Вукмановиќ – Темпо успевал да го заобиколи командантот на Главниот штаб и воените работи да ги решава со Перо Брајовиќ, командант на македонско-косовската бригада (потпоручник авијатичар). Методија Андонов – Ченто и Венко Марковски членови на Главниот штаб почнале да бараат повеќе информации за тоа кога ќе се напаѓа, а добивале одговор дека тие во Главниот штаб се за јавноста, а не за да се мешаат во воените работи.[66]

Манифестот беше еднострано пуштен да се дистрибуира без датум и место на издавање, со имињата на комплетниот состав на Главниот штаб[67]

---

[65] Страхил Гигов, *Сеќавања,* Скопје 1975, 344-346; Киро Глигоров, *Македонија е сè што имаме,* Скопје 2002, 59.

[66] Вера Ацева, цит. дело, 348.

[67] Состав на ГШ на НОВ и ПОМ: Командантот Михаило Апостолски, политички комесар Цветко Узуновски – Абаз, членови: Методија Андонов – Ченто, Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски, Петар Пирузе – Мајски, Иван Танев, Јелисије Поповски и Кузман Јосифовски – Питу (*Зборник на документи АСНОМ 1944-1964,* Скопје 1964, 74.)

но без нивните потписи, што е спротивно на одлуката од Преспанскиот состанок, што значи пуштен е без согласност од мнозинството членови.

Документот е умножуван и ширен на територијата на цела Македонија, односно и во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија, заради негово популаризирање, но не се однесувал на Македонците од тие делови на Македонија.[68]

Манифестот декларативно се повикува на илинденската традиција, и повикува на приклучување во борбата за ослободување на Македонија, не напоменувајќи дека тоа е само вардарскиот дел односно делот на Македонија под Југославија. Декларативно во него има дека претстои обединувањето на македонскиот народ, но во братски сојуз со југословенските народи.

Македонското партиско раководство ја пласираше паролата за конечно разрешување на македонското национално прашање со обединување на Македонија, но по завршувањето на Втората светска војна кога ќе победат комунистичките движења во сите балкански држави. Со тоа балканските држави би се демократизирале, а македонскиот народ би можел да го оствари правото на самоопределување со што би можело да се очекува разрешување на македонското прашање. „Колку и да беше апсурдна [...паролата е...] 'популаризирана' како солуција за македонското национално прашање, со единствена цел колку-толку да се амортизира острицата на очекуваните остри реагирања, посебно од граѓанските средини кои беа надвор од непосредната контрола."[69]

На ова остро реагира Јосип Броз – Тито и на 9 ноември 1943 година со писмо го предупредува Светозар Вукмановиќ – Темпо дека во Манифестот на Главниот штаб е неправилно да се поставува прашањето за

---

[68] Владо Ивановски, *Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Кузман Јосифовски-Питу.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 128.

[69] Михајло Миновски, цит. дело, 57.

обединување на македонскиот народ и Македонија, туку само ослободување и самоопределување на македонскиот народ.[70] Следниот месец во писмото од ЦК на КПЈ до Светозар Вукмановиќ – Темпо од 06 декември 1943 година се вели дека и премногу споменувањето на правото на самоопределување до отцепување може да биде штетно.[71]

Со директива на ЦК на КПМ, со потпис на Страхил Гигов во името на ЦК, партиските организации се задолжуваа да обезбедат поддршка од широките народни маси за Манифестот на Главниот штаб, со политички објаснувања на целите и карактерот на борбата, и да ја популаризираат линијата на партиското раководство и југословенската линија.[72]

Во науката има поделеност околу авторот на самиот текст на Манифестот. Имено, Михајло Миновски смета дека автор е токму Светозар Вукмановиќ – Темпо што го утврдува врз основа на статијата на Стојан Ристески и искажување на Петре Пирузе – Мајски.[73] Владо Ивановски врз основа на анализа на содржината и речникот употребуван во Манифестот, заклучува дека автор е Михаило Апостолски забележувајќи дека има многу зборови коишто до крајот на животот можеа да се слушнат од него.[74] Факт е дека тој што го пишувал го користел рефератот на Кузман Јосифовски – Питу поднесен на Преспанскиот состанок во врска со континуитетот на македонската НОБ.[75]

---

[70] Истото, 54 и 57.

[71] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 31.

[72] Архив на ИНИ, ин. Бр. 301/1943.

[73] Стојан Ристески, *Дебарца во искажувањата на Петре Пирузе – Мајски.* – Петре Пирузе – Мајски време – живот – дело (1907-1980), Скопје 1997, 236; Михајло Миновски, цит. дело, 49.

[74] Владо Ивановски, *Манифестот на Главниот штаб...,* 128.

[75] Наум Димовски, *Кузман Јосифовски – Питу за континуитетот на националноослободителната борба на македонскиот народ.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 171.

Првиот критички осврт за Манифестот го дава Кузман Јосифовски – Питу во неговото писмо до ЦК на КПМ пишувано во почетокот на ноември 1943 година[76] како одговор на писмото од ЦК (од октомври 1943 година), со кое го добил Манифестот на Главниот штаб. Во целина дава позитивно мислење, а дава забелешки за недоволно негативно претставување на контрачетниците, недоволно нагласување на тешката економска положба, и објаснувањето за тоа какво подобрување на економската ситуација носи за народните маси народно-демократската власт.[77]

Со цел да се обезбеди државно-правен континуитет и легитимитет на Југославија, југословенското комунистичко раководство донесе одлука да се организира Второто заседание на АВНОЈ на кое ќе се прогласи возобновување на Југославија и продолжување на нејзиниот државен континуитет. Заседанието е одржано на 29-30 ноември 1943 година во Јајце – Босна, каде што покрај другото, одлучено е Југославија да се изгради како државна заедница на соединети народи, со федеративните единици: Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. На заседанието избран е Национален комитет на ослободувањето на Југославија (НКОЈ) на чело со Јосип Броз – Тито како највисок извршен орган. Доста значајна одлука на Претседателството на АВНОЈ и Претседателството на НКОЈ е одлуката донесена во јануари 1944 година со која е признат македонскиот јазик, заедно со словенечкиот, хрватскиот и српскиот, како официјални јазици на целата територија на Југославија.[78]

Македонскиот народ непосредно не учествуваше во создавањето на АВНОЈ-ска Југославија, бидејќи на заседанието немаше македонски претставници. Светозар Вукмановиќ – Темпо преку радиоврска на

---

[76] *Извори за ослободителната борба ...*, I, 2, 407-419.

[77] Владо Ивановски, *Манифестот на Главниот штаб...*, 127; Данчо Зографски, *Кузман Јосифовски за економско-социјалните проблеми.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 25-28.

[78] Виолета Ачкоска, *Лекции од современата македонска држава (1944-1991),* Скопје 2011, 21.

завршувањето на заседанието, соопшти имиња на неколку македонски личности за претствници на АВНОЈ. Тој ги предложил Димитар Влахов и Владимир Поп Томов во АВНОЈ, а Методија Андонов – Ченто и Страхил Гигов во НКОЈ.[79]

## II 2. АНОК И ПРИГОВОРОТ КОН МАНИФЕСТОТ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПОМ

Втората половина на 1943 година на окупираната територија дејствуваа народноослободителни комитети (НОК), воглавно составени од членови од македонското граѓанство и интелектуалци раководени од централен Акционен народноослободителен комитет (АНОК). Во тоа време АНОК дејствуваше како највисок политички орган на македонскиот народ. Меѓу поистакнатите членови на АНОК се споменуваат: Киро Глигоров,[80] Емануел Чучков,[81] Кирил Петрушев, Благој Хаџипанзов, Лазар Соколов и други.

[79] Михајло Миновски, цит. дело, 59.

[80] Киро Глигоров е роден во Штип во 1917 година. Студирал на Правниот факултет во Белград и бил дел од студенското движење МАНАПО. Есента 1943 година е член во АНОК. Член е на КПМ од 1944 година, секретар на ИО за свикување на АСНОМ и делегат на АСНОМ. По ослободувањето извршува повеќе функции во федерацијата од кои позначајни се: министер за финансии, потпретседател на југословенската влада, претседател на Сојузното собрание на Југославија. Во 1991 година е избран за прв претседател на независна Република Македонија, а во 1994 година е реизбран на непосредни претседателски избори. Функцијата претседател на Република Македонија ќе ја извршува до 1999 година кога ќе се повлече од политиката. Почина во 2012 година во Скопје.

[81] Емануел (Мане) Чучков е роден во 1901 година во Ново Село – Штип. Студирал во Белград и Скопје каде дипломирал во 1925 година. Бил член на ММТРО. Српскиот режим не му давал работа во Македонија, па затоа морал да работи како професор во Србија и Босна. За време на бугарската окупација бил професор во Прилеп и директор на машката гимназија во Скопје. Член е на АНОК, потпретседател на ИО за свикување на АСНОМ и

Има поделеност кај историчарите околу формирањето на АНОК. Имено еден дел од историчарите сметаат дека АНОК го формира Кузман Јосифовски – Питу, а Владо Иваноски и Вера Весковиќ – Вангели сметаат дека и претседател на АНОК е токму Кузман Јосифовски – Питу.[82]

Во почетокот на септември 1943 година, АНОК издаде проглас со којшто го повикуваше македонскиот народ на самостојна масовна, сенародна, оружена борба за национално ослободување. Во прогласот се потенцираше континуитетот на македонското национаослободително движење на македонскиот народ за слобода, обединување и самостојна македонска национална држава врз идеалот на Илинден 1903, како и дека ослободувањето на македонскиот народ зависи од него и треба самиот „да ја доведе борбата до победоносен крај."[83]

АНОК делуваше и работеше од Скопје, каде беше и Кузман Јосифовски – Питу кој ја одржуваше врската помеѓу АНОК и ЦК на КПМ. Едноставно кажано, ставовите на АНОК и ЦК на КПМ се согласуваа во целта да се формира македонска национална држава, но едните–АНОК се надвор од југословенската линија и се за независна и обединета Македонија во балканска федерација, а другите–ЦК на КПМ, повеќе под притисок на КПЈ, се за скратена Македонија (само вардарскиот дел) во рамките на југословенска федерација.

Кузман Јосифовски – Питу, иако настојуваше да остане на линијата на ЦК и да ги спроведува неговите ставови, евидентно е дека имаше гледишта, блиски до тие на членовите на АНОК. И покрај тоа што е комунист, работи на „македонската платформа" и на создавање широк

---

делегат на АСНОМ. По ослободувањето бил сметан за дел од групата автономисти и сепаратисти, врши повеќе државни функции и почина во Белград во 1967 година.

[82] Владо Ивановски, *Манифестот на Главниот штаб...*, 126; Вера Весковиќ – Вангели, *Илинденската традиција – фактор во формирањето на личноста на Кузман Јосифовски – Питу.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 157.

[83] ДАРМ, фонд НОБ, К-9, АНОК.

македонски народноослободителен фронт од чесни и видни Македонци интелектуалци без разлика на нивната довчерашна определеност.[84]

По големата револуционерна активност на Кузман Јосифовски – Питу во Скопје, македонски интелектуалци, со граѓанско-демократски убедувања, членови на АНОК и други, се приклучуваат кон МНОБ. Тие организирано преминуваат на слободна територија и се приклучуваат во Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како и во Иницијативниот одбор (ИО) за свикување на АСНОМ. Со тоа се зајакнала промакедонската демократска политичка струја во МНОБ, која води до засилена политичка и идејна поларизација, со спротивставени стојалишта за прашањето на македонската државност и карактерот на општественото уредување на македонската држава што се создаваше.

Промакедонската демократска политичка струја се залагаше вооружената борба да се води до дефинитивно ослободување на целата национална територија и обединување на Македонија, создавање самостојна независна македонска национална држава со демократско уредување, при што не се исклучуваше можноста за нејзино пристапување, како суверена држава, во една идна балканска или југословенска федерација. Истата беше предводена од Методија Андонов – Ченто,[85] Емануел Чучков, Лазар

---

[84] Виолета Ачкоска, *Кузман Јосифовски – Питу...*, 370.

[85] Методија Андонов – Ченто е роден во Прилеп во 1902 година. Во 1935 и 1939 година учествувал на југословенските избори како кандидат на здружената опозиција. Во Југославија на два пати е затворан еднаш поради организирање на Илинденските демонстрации во 1939 година, а вториот пат поради барањето за воведување на македонскиот јазик во прилепската гимназија. Исто така бил затворан и од бугарските окупаторски власти во 1941, 1942 и 1943 година. Во октомври 1943 година преминал на слободна територија во Дебарца и е кооптиран како член на ГШ на НОВ и ПОМ. Претседател е на ИО за свикување на АСНОМ, а на Првото заседание на АСНОМ е избран за претседател на Президиумот на АСНОМ. Во 1946 година поради своите ставови за поголема самостојност на ДФ Македонија во ФНР Југославија и обединување на Македонија бил принуден да се откаже од сите функции. Истата година во монтиран сталинистички судски процес е на осуден на 11 години затвор. Во затвор остана до 1955

Соколов и Киро Глигоров. Оваа струја пред одржувањето на АСНОМ видно ќе се зголеми.[86]



***Методија Андонов – Ченто***

Во почетокот на декември 1943 година по долги политички разговори со Кузман Јосифовски – Питу и членовите на АНОК,[87] следуваше опширен Приговор на АНОК кон Манифестот на Главниот штаб.[88] Автори на текстот на Приговорот се Киро Глигоров и Благој Хаџипанзов.[89] [90] Во истиот се оспорува легитимитетот на Главниот штаб да донесува одлуки од

---

година, а потоа се враќа во Прилеп каде во 1957 година почина. Рехабилитиран е во 1991 година.

[86] ДАРМ, фонд ЦК КПМ, 1. 427, 1. 70/374.

[87] Киро Глигоров во своите мемоари: „Разгледувајќи го Манифестот, исто така ни падна в очи дека тој се фокусира само на Вардарска Македонија, на борбата во овој дел, додека ја немаше борбата на Македонците во Егејска и Пиринска Македонија. [...] Според нас, борбата беше многу позрела, подалеку отидена. Ние сметавме дека не смее да се пропушти оваа историска можност за обединување на Македонија, бидејќи доаѓа време кога ќе се прекројуваат повеќе држави." (Киро Глигоров, цит. дело, 52.)

[88] ДАРМ, фонд НОБ, К-35, 279, 1943; *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 415-425.

[89] Киро Глигоров, цит. дело, 53.

[90] Благој Хаџипанзов е роден во Велес 1911 година. Студирал на правниот факултет во Белград. Активно учествувал во студентското друштво „Вардар" и МАНАПО. Прогонуван и затворан повеќе пати од југословенските власти. Во 1943 година станал член на АНОК и според Киро Глигоров заедно со него биле автори на Приговорот кон Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. Бил делегат на Првото заседание на АСНОМ. Суден е по резолуцијата на Информбирото и испратен на Голи Оток. Почина во емиграција во Софија.

исклучителна надлежност на политичко-претставничко тело, односно народно државотворно собрание. АНОК, кој раководеше со националноослободителната борба на окупираната територија преку НОК, се смета за одговорен и повикан да го изнесе ставот за повредувањето на процедуралните и суштински прашања од страна на Главниот штаб. Во Приговорот стои дека „слобода и рамноправност на една третина од Македонија,“ онаа што беше во границите на бивша Југославија, не е доволна затоа што „делумно ослободен народ не е слободен народ.“ Затоа тие принципи не можеа да се прифатат како применливи на македонската реалност, односно во „тесните рамки на Југославија“ не можеше да се реши македонското национално прашање. Македонското прашање битно се разликуваше од националните прашања на другите поробени народи во поранешна Југославија и проблемот на Македонија и неговото решение ги надминува рамките на бивша Југославија. Потоа стои дека југословенското раководство не е доволно информирано за македонското национално прашање, дека за македонскиот народ Југославија симболизира „најцрно ропство“ и таа претставува „вештачка комбинација.“ Со приговорот кон Манифестот се повикува Главниот штаб да се откаже од него, бидејќи немал компетенција да го издаде, и истиот можел да има несогледливи последици за македонскиот народ. Исто се наведува дека македонскиот народ мора самостојно да се избори за обединување на Македонија и треба да се направи друга автономна национална програма врз основа на историските национални стремежи.[91]

Приговорот Киро Глигоров му го предал на Кузман Јосифовски – Питу, кој бил врската помеѓу АНОК и ЦК на КПМ. Намерите на членовите на АНОК потекнуваат од чесни и македонско-патриотски побуди.[92]

---

[91] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 415-425.

[92] Новица Велјановски, *Погледите на Кузман Јосифовски – Питу за прашањата во врска со создавањето на македонската држава (1941-1944).* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 57.

За време на НОБ и веднаш по војната не дојде до дискусија или расправа во врска со Приговорот до Манифестот на Главниот штаб. Постои одговор (писмо до Кузман Јосифовски - Питу) на приговарачите од страна на Главниот штаб и ИО за свикување на АСНОМ во одбрана на линијата на Манифестот.[93] Во писмото меѓу другото се бара да се распушти АНОК, а неговите членови да се префрлат на слободна територија и да се вклучат во ИО за свикување на АСНОМ, и сето тоа без навреди до нив. Главниот штаб останал на ставовите од Манифестот. Во наредниот период поголемиот број од членовите на АНОК се префрлија на слободна територија и се вклучија во борбата влегувајќи во ИО за свикување на АСНОМ или беа делегати на Првото заседание на АСНОМ. За тоа најголеми заслуги има Кузман Јосифовски – Питу кој со долги и упорни разговори со членовите на АНОК ја отстрани опасноста од разединување на македонскта НОБ[94], и впрочем делуваше на нејзиното единство. Со вклучувањето на македонските интелектуалци (антифашисти) зајакна промакедонската демократска струја во македонското револуционерно раководство. Грешките кои се направија со Манифестот оваа струја сметаше дека ќе ги исправи со одлуките на Првото заседание на АСНОМ. Со тоа македонската НОБ остана единствена и не дојде до поделба како во други ослободителни движења, а тоа ја покажува зрелоста на тогашните македонски лидери.

Сепак, македонското раководство (дел од него) беше обвинето од ЦК на КПЈ за „неизживеан национален автономизам“.[95]

За Приговорот кон Манифестот во комунистичката историографија многу малку е пишувано, а тоа што е напишано е негативно. За првпат негативно е споменат од страна на Лазар Колишевски за време на Првиот конгрес на КПМ одржан во декември 1948 година, а тој всушност не учествувал во тие политички случувања и поголемиот дел од македонската

---

[93] *Зборник на документи АСНОМ...,* 93-94.

[94] Илија Милчин, *Моите сеќавања за Кузман.* – Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, 107.

[95] Архив на ИНИ – Скопје, инв. бр. 267/43, Извештај на ЦК на КПЈ од 20 декември 1943.

НОБ го поминал во затвор. Лазар Колишевски го карактеризира Приговорот на манифестот на Главниот штаб како негативен став со антијугословенски и антимакедонски карактер. Лазар Мојсов оди дотаму што Приговорот го поврзува со БРП (к),[96] иако за такво нешто не постои никаква документација во изворите.

## II 3. АКТИВНОСТИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА СВИКУВАЊЕ НА АСНОМ

Во првата половина на ноември 1943 година е формиран и Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ,[97] под претседателство на Методија Андонов – Ченто. Со тоа, ИО за свикување на АСНОМ станува највисоко претставничко политичко тело. Меѓутоа, и по неговото формирање, Главниот штаб не престана да донесува политички одлуки. ИО за свикување на АСНОМ можеше да се состанува и да донесува одлуки само заедно со Главниот штаб. Главниот штаб Иницијативниот одбор го третираше како свое помошно тело за работите од доменот на политичкото одлучување. Впрочем, Главниот штаб и ги именуваше членовите на Иницијативниот одбор, во редот на кои влегуваа повеќе членови на Штабот, вклучувајќи го и неговиот командант.

На 14 март 1944 година, ИО за свикување на АСНОМ со посебно писмо ги задолжуваше Народноослободителните одбори (НОО), меѓу другото, да извршат избор на делегати за заседанието на Собранието, нагласувајќи ја определбата на ЦК на КПМ и на Главниот штаб за вклучување на Македонија во новата федеративна Југославија. За делегати

---

[96] Лазар Мојсов, цит. дело, 149-185.

[97] Првичниот состав на ИО за свикување на АСНОМ е: Методија Андонов – Ченто, претседател; Страхил Гигов, секретар; Михаило Апостолски, Цветко Узуновски, Борко Темелковски и Венко Марковски, членови.

на АСНОМ да избираат само „луѓе согласни со политичката линија во Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ“.[98]

Со преминувањето на слободна територија на македонски интелектуалци и угледни граѓани се прошири ИО за свикување на АСНОМ. И покрај нивниот селективен избор, тоа битно влијаеше врз натамошната работа и ставовите на Иницијативниот одбор во насока на зајакнување на промакедонската демократска струја и влијаеше на виталните прашања за иднината на македонскиот народ. Но пројугословенското партиско раководството, бараше обезбедување на утврдената дотогашна политика и наложи Иницијативниот одбор во проширен состав на конститутивната седница која се одржува на 30 април 1944 година, официјално да ги усвои решенијата донесени дотогаш.[99] Интересно е дека со седницата раководи командантот на Главниот штаб, генералот Михаило Апостолски, а не претседателот на Иницијативниот одбор Методија Андонов – Ченто. На седницата е проширен Иницијативниот одбор и сега броел 22 члена, при што Методија Андонов – Ченто останал претседател на ИО. Исто така одобрени се дотогашните решенија, меѓу кои секако најзначаен е Манифестот на Главниот штаб. Во однос на таа точка на дневениот ред, според записникот од состанокот, Апостолски и Ченто велат дека „Главниот штаб и Иницијативниот одбор биле **принудени** (подвлекол О. С.) да донесат важни решенија да се определи позицијата на Македонија, без да се дочека формирање на редовно народно собрание“, а тоа „се налагало од развитокот на меѓународната ситуација и состојбите во Југославија.“[100]

Од седницата ИО за свикување на АСНОМ упати поздравна телеграма до врховниот командант на НОВЈ и претседателот на НКОЈ Јосип Броз – Тито, но донесе и посебна одлука претседателот на Одборот Методија Андонов – Ченто да отпатува при Врховниот штаб на Југославија,

[98] *АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 1, Скопје, 1984, 55-58.

[99] ДАРМ, фонд АСНОМ, К-1, инв. бр. 1500.

[100] Истото.

во својство на претставник на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, во директна средба да ја претстави вистинската положба на Македонија. Секако, различни беа размислувањата кај едната и другата политичка струја за тоа што треба да се постави на маса кај југословенското раководство и Јосип Броз – Тито.

Сепак и покрај тоа што мнозинството во раководството на македонското националноослободително движење се држеше (под притисок или самоиницијативно) до југословенската линија, претседателот на ИО Методија Андонов – Ченто имаше свој став. Тој став го истакна во весникот „Илинденски пат".[101] Ченто го актуализира прашањето за обединување на Македонија и на македонскиот народ како акциона задача и крајна цел што претстоеше да се оствари на првото заседание на Македонското народно собрание. Притоа посебно потенцираше дека единствено Македонското народно собрание, избрано по демократски пат, непосредно од народните маси, ќе може легитимно да го претставува македонскиот народ, и како единствен репрезент на народниот суверенитет треба да прокламира ослободување на Македонија и создавање на македонска национална држава.

## II 4. ТИВКИОТ СУДИР ПОМЕЃУ КОМУНИСТИЧКОТО РАКОВОДСТВО И ОПОНЕНТСКАТА ПРОМАКЕДОНСКА ДЕМОКРАТСКА ПОЛИТИЧКА СТРУЈА

Тивкиот судир помеѓу двете струи продолжи и дојде до израз и во Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Во Главниот штаб во декември 1943 година се постави прашањето за правецот на повлекување на Првата македонско-косовска бригада, а членот на Штабот Методија Андонов – Ченто категорично бараше бригадата да замине на југ во егејска Македонија. Дојде до разидување меѓу него и Светозар Вукмановиќ – Темпо кој бараше

[101] *Зборник на документи АСНОМ...*, 149-153.

бригадата да се префрли во јужна Србија. Главниот штаб застана на страната на Методија Андонов – Ченто.

Пројугословенската комунистичка струја го возврати ударот со изршеното влијание врз младината и добивањето од неа поддршка за декларираната линија во Манифестот. На 22 декември 1943 година во с. Фуштани – егејска Македонија на Првиот конгрес на антифашистичката младина на Македонија беше упатена телеграма до Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ со поддршка „за остварување слободна Македонија во Демократска Федеративна Југославија“.[102]

Следниот судир се случил околу предлогот за формирање на четврт воено-оперативен и политички центар во пиринска Македонија. Имено, кон крајот на јануари 1944 година во влашките колиби на планината Кожув и во с. Ноти на неколкуте последователни состаноци на Главниот штаб, Светозар Вукмановиќ – Темпо го спречи предлогот за формирање на четврт политички и воено-оперативен центар за пиринскиот дел од Македонија.[103]

Истовремено, на крајот од јануари 1944 година, македонскиот револуционер Димитар Влахов го актуализира интегралното решавање на македонското национално прашање, со барање БРП(к), КПЈ и КПГ јасно да го определат својот однос. Тој бара елиминирање на версајските граници и смета дека решението би било нецелосно без автономија за македонскиот народ во сите три балкански држави.[104]

Политичката и идејната поларизација во Главниот штаб и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ не беше ограничена само во раководството на МНОБ, туку имаше поширoки размери и ги опфаќаше и партиските организации и широките народни маси кои најчесто не ја разбираа југословенската линија. Партиското раководство, и покрај

---

[102] *Зборник на документи АСНОМ...,* 91.

[103] Цветко Узуновски, *Белешки за националната и социјално-ослободителна борба на македонскиот народ,* Историја, XIII/1, Скопје 1977, 71.

[104] ДАРМ, фонд Димитар Влахов, К-34, 26.01.1944.

преземените акции, не успеваше целосно да ја наметне својата линија. И уште повеќе, мораше да се соочи со зголемени барања од поединци и организирани групи граѓански интелектуалци, ЦК да го измени својот став и да прифати обединување на македонскиот народ и Македонија.[105]

До нов судир дошло непосредно пред заседанието на АСНОМ во јули 1944 година при предлагањето на членовите на президиумот на АСНОМ. Двете струи се обидувале да предложат свои луѓе за членови на Президиумот на АСНОМ. До пожесток судир дошло при изборот на Видое Смилевски – Бато за член на Президиумот на АСНОМ на состанок на ИО за свикување на АСНОМ. Имено Видое Смилевски – Бато за член го предложил Страхил Гигов, но бидејќи бил дотогаш непознат, неактивен во Македонија, дојден од Србија и не го познавал македонскиот јазик Методија Андонов – Ченто го одбил предлогот. На тоа жестоко реагирал Светозар Вукмановиќ – Темпо и се вмешал во ИО за свикување на АСНОМ на што Методија Андонов – Ченто му укажал дека тој, Светозар Вукмановиќ – Темпо, не е член на ИО за свикување на АСНОМ и со тоа нема право на збор, а потоа предлогот го ставил на гласање и истиот е одбиен.[106] Уште истата вечер била формирана партиска комисија за испитување на националистичките испади на одредени членови на ИО за свикување на АСНОМ. Апсурдот да биде поголем, со комисијата раководел Видое Смилевски – Бато. Методија Андонов – Ченто бил казнет со укор пред исклучување од Пратијата.

[105] Михајло Миновски, цит. дело, 71-78.

[106] Киро Глигоров, цит. дело, 58-59.

## II 5. ОБИД НА МАКЕДОНСКОТО РАКОВОДСТВО ДА ГО ПРИДОБИЕ ЈОСИП БРОЗ – ТИТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

На 6 мај 1944 година се одржа заедничка седница на ИО за свикување на АСНОМ и Главниот штаб под претседателство на Методија Андонов – Ченто, на која е избрана трichлена македонска делегација за посета на југословенското раководство во состав: Методија Андонов – Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев.[107] Нешто подоцна било договорено кон делегацијата да се приклучи и Светозар Вукмановиќ – Темпо.

Во изборот на личностите кои ја составуваат делегацијата се забележува дека сите се од промакедонската политичка струја, односно онаа линија која барала промени во југословенската политика во насока на обединување на Македонија и македонскиот народ. Во записникот од седницата стои дека во делегацијата се „претставени сите слоеви на Македонија, освен селаните.“[108]

Во јуни 1944 година делегацијата оди на островот Вис тогашното седиште на НКОЈ, Врховниот штаб на НОВЈ и Президиумот на АВНОЈ.[109][110]

---

[107] Кирил Петрушев е роден во Богданци во 1895 година. За време на Првата светска војна живеел како емигрант во Бугарија каде што бил затворен од бугарските власти. По Септемвриското востание во Бугарија во 1923 година се префрлил во Кралството Југославија и учествувал во работничкото и синдикалното движење. Во Втората светска војна бил повторно затворан од бугарските власти. Член е на КПМ од 1944 година. Член е на ИО за свикувањето на АСНОМ и делегат на Првото заседание на АСНОМ, кога е избран во Президиумот на АСНОМ како повереник за внатрешни работи. И во првата влада на ДФ Македонија е избран за министер за внатрешни работи. По линија на Резолуцијата на Информбирото бил исклучен од КПМ, разрешен од сите функции и пензиониран.

[108] ДАРМ, фонд АСНОМ, К-1, инв. бр. 1500.

[109] Непосредно пред доаѓањето на македонската делегација на Вис, југословенското раководство имаше средба со делегација од КПГ. Делегацијата на КПГ на разговорите со Тито, го обвинува македонското политичко и воено раководство за загрозување на

На седницата на 6 мај 1944 година покрај изборот на македонската делегацијата истата е ополномоштена за следниве барања до југословенското раководство:

– да се продолжи борбата за целосно обединување на Македонија, ако тоа го допушта меѓународната состојба;

– да се побара од СССР да испрати своја мисија во Главниот штаб на НОВ и ПОМ;

– да се засили пропагандата на македонски јазик и да му се даде ист третман со другите југословенски јазици, во емисиите „Слободна Југославија," на радио Лондон и радио Њујорк.[111]

Состанокот со Јосип Броз – Тито и со високи претставници на НКОЈ и Президиумот на АВНОЈ и македонската делегација се одржува на 24 јуни 1944 година. Членот на македонската делегација Емануел Чучков на состанокот поднесе реферат во кој го потенцира очекувањето на македонскиот народ дека до крајот на војната ќе ги оствари своите национални права. Методија Андонов – Ченто и Кирил Петрушев го дополнија изнесеното во рефератот. Методија Андонов – Ченто ги презентираше заклучоците и инструкциите што македонската делегација ги доби од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.[112]

Ставот на НКОЈ на македонските претставници категорично им го соопшти Јосип Броз – Тито. Поставување на целосното решавање на

---

линијата на КПГ. Притоа, извесно е дека југословенското раководство прифатило продлабочување на соработката меѓу двете партии и задржување на версајските граници, но воедно добиле впечаток за погрешниот став на КПГ кон Македонците во Грција. (Павле Раковски, *КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и Македонското народноослободително движење (Прилог кон согледување на историската вистина),* ГИНИ XXVI/2-3, Скопје 1982, 267.)

[110] Истиот ден кога на островот Вис пристигнува македонската делегација, на 16. 06. 1944 година склучен е првиот договор меѓу НКОЈ на чело со Тито и кралската југословенска влада на Иван Шубашиќ.

[111] ДАРМ, фонд АСНОМ, К-1, инв. бр. 1500.

[112] Михајло Миновски, цит. дело, 90-91.

македонското прашање ги загрозувало меѓународните позиции и виталните интереси на Југославија. Но, бидејќи се разговараше со претставниците на националната политичка струја во македонското раководство, југословенското комунистичко раководство на состанокот декларативно го поддржа барањето на македонскиот народ и националното право на обединување. Но исто така, тоа право може да се оствари единствено по пат на самоопределување на деловите на македонскиот народ, откако секој од нив самостојно ќе се избори за тоа свое право во заедничка антифашистичка борба со народите во државите под чијашто власт се наоѓа. Прашањето на правото на самоопределување требало да се решава со раководствата на комунистички партии во тие држави.

Декларираниот став на Јосип Броз – Тито на Вис беше со единствена цел, да ја обезбеди приврзаноста на сето македонското политичко и воено раководство кон југословенската линија. Декларативната поддршка на обединувањето на македонскиот народ, во перспектива, во некои поповолни околности, и вниманието со коешто Јосип Броз – Тито ја прими македонската делегација, повлијае на македонските претставници да поверуваат дека југословенското политичко и воено раководство и Јосип Броз – Тито ќе се застапат за целосно разрешување на македонското национално прашање и за обединување на Македонија, во рамките на југословенската федерација.[113]

Ваквиот декларативен став на југословенското раководство за македонското прашање, не соодветствуваше со ставот за словенечкото прашање, кое се издигна до ниво на општојугословенско прашање. На 19 јуни 1944 година, 5 дена пред состанокот со македонската делегација, југословенското раководство ги прецизира териториите кои ќе се бараат од Италија и Австрија.[114]

---

[113] Од Македонија до маршал Тито и назад. – Илинденски пат, I, 7-8, Митрашинци 1944, 39-49.

[114] Михајло Миновски, цит. дело, 91-92.

Југословенското комунистичко раководство успеа сериозно да ја загрози автономноста на македонското националноослободително движење од почетокот на НОБ и со интервенции и притисоци да ја преземе контролата врз него. Тоа се правеше преку комунистичката партиска организација и нејзината хиерархија. Затоа приврзаниците на југословенската линија се комунисти, а приврзаниците на македонската линија се комунисти и некомунисти – граѓанска интелигенција или поранешни членови на ВМРО (обединета). Секако дека има исклучоци во ваквата поделба. Но, комунистичкото движење е сепак носител на НОБ, па доаѓа до приклучување, зачленување на македонските интелектуалци со граѓанско-демократски и национални сфаќања кон КПМ. Судирот на различните идеи и концепции доаѓа до израз во втората половина на 1943 и 1944 година, во непосредните подготовки за свикување на државотворно собрание и создавање национална држава на македонскиот народ.

Можеби исполитизирано и поедноставено изгледа ваквата поделба на политички струи, поточно на комунисти и некомунисти, од кои едните не се бореле, а другите се бореле за обединета Македонија. Вака исполитизираната црно-бела поделба е едноставна поделба на две крајни линии, која ако се прифати здраво за готово може да премине во догматизам. За обединување на Македонија се залагале претставници и на комунистичката опција, така што меѓу двете крајни линии постоеле бројни подлинии на доближување и разидување во однос на различните политички ставови и решенија.

# Глава III

# АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА

## III 1. КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА

Македонската современа национална држава е создадена на државотворното АСНОМ на 2 август на Илинден 1944 година во конаците на манастирот Св. Отец Прохор Пчински.

Заседанието на АСНОМ го отворил најстариот делегат, учителот од Велес Панко Брашнаров,[115] со поздравен говор. Тој „без некој да му помогне, на почетокот на Заседанието на АСНОМ одржа брилијантен говор."[116] Во говорот тој вешто прави синтеза на илинденските традиции и Крушевската република, со НОБ и АСНОМ. Метафорично ја споменува потребата од обединување на „целата македонска земја," кое требало да го измие „десетвековниот срам од пропаста на Самоиловата држава".[117]

Сувереноста на новата држава Македонија се подвлекла и во поздравните телеграми и поздрави[118] до и од АСНОМ. Детален извештај за работата на Иницијативниот одбор поднесол неговиот претседател Методија Андонов – Ченто. Во него се информира Собранието за

---

[115] Панко Брашнаров е роден во Велес 1883 година. Меѓу двете светски војни бил организатор на ВМРО (обединета) во вардарскиот дел на Македонија, за што бил осуден и одлежал 7 години затвор. Член е на ИО за свикување на АСНОМ и делегат на Првото заседание на АСНОМ. По војната во 1948 година е уапсен и испратен на Голи Оток каде починал во 1951 година. Погребните останки се пронајдени во 2011 година во Загреб и се донесени во Велес.

[116] Киро Глигоров, цит. дело, 60.

[117] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 555-566.

[118] Истото, 557-569.

организационата мрежа на НОО, начинот на избор на делегатите за АСНОМ, како и за разговорите на македонската делегација со НКОЈ на Вис.

Од ИО за свикување на АСНОМ поднесени се и два реферати, едниот под наслов „Борбата против окупаторот", а другиот „Народно-демократска власт во Македонија".[119]



***Методија Андонов – Ченто***

Државотворното собрание[120] донесе девет акти од кои четири имаат конститутивен и државно-правен карактер:

1. Решение за прогласување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија.
2. Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија.
3. Решение на АСНОМ за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.
4. Решение на АСНОМ за оддавање признание и благодарност на Народноослободителната војска.

---

[119] Истото, 569-590.

[120] Киро Глигоров: „Кај сите, особено кај членовите на ИО за свикување на АСНОМ, а тоа беа главно интелектуалци, се чувствуваше сосем јасната претстава дека сега на дневен ред е нешто историско и дека сите учествуваме во еден историски настан, дека, ете, пред нашите сопствени очи се создава парламент, се донесуваат историски одлуки, се конституира македонската држава". (Киро Глигоров, цит. дело, Скопје 2002, 61.)

5. Решение на АСНОМ за образување на државна комисија за уредување на престапите на окупаторите и нивните помагачи.

6. Правилник за работа на АСНОМ.

7. Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од Главниот штаб на НОВ и ПОМ и на ИО за свикување на АСНОМ.

8. Решение на АСНОМ за образување на законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ.

9. Решение на АСНОМ за прогласување на Илинден – 2 август – за народен државен празник на македонската држава.[121]

Еден од најзначајните акти претставува Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓаните на Демократска Македонија. Оваа Декларација прокламира широки демократско-граѓански права кои се карактеристични за државите со демократско уредување. Декларацијата прокламира еднаквост и рамноправност на сите нејзини граѓани, и други граѓански, политички, економски, социјални и културни права, меѓу кои позначајни се слободата на вероисповед, слободата на говорот и печатот, слободата на собирање и здружување, избирачкото право за сите полнолетни граѓани.[122] Со тоа асномска Македонија се конституирала како демократско-граѓанска држава со широк спектар на загарантирани човекови права и во тој момент била далеку од спроведување на социјализам.

Првото заседание на АСНОМ избрало Президиум на АСНОМ кој

---

[121] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 590-600.

[122] Избирачкото право во Декларацијата во точка 6 и 7:

*„6. Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласување на основа на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право.*

*7. Правото да избират и да бидат избирани во сите изборни тела во народната власт имајат секој граѓанин и секоја граѓанка кој се наполниле 18 години, ако не се провинени за некоје престапление. До дека трaје народноослободителната војна, по решение на АСНОМ, може да се отстапи от принципите на тајното и непосредното гласување."* (www.slvesnik.com.mk/, Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија, 1/I, 1945.)

имал извршна власт. Составот на Президиумот е: Претседател – Методија Андонов – Ченто (трговец), потпретседатели: Панко Брашнаров (учител) и Емануел Чучков (директор на гимназија), секретари: Љупчо Арсов (банкарски службеник) и д-р Владимир Полежиновски (правник), членови: Венко Марковски (поет), Цветко Узуноски (работник), Богој Фотев (земјоделец), генерал-мајор Михаило Апостолски, Страхил Гигов, Петре Пирузе (адвокат), Кирил Петрушев (работник), Иван Ѓоргов (свештеник), Епаминонда Поп Андонов (професор), Генадие Лешков (земјоделец), Кемал Аголи (студент), Лазар Соколов (економист), Вера Ацева (домаќинка), Камбер Хасан (земјоделец), Ацо Петровски (кројач), Младен Ѓеоргиев Челопечки (земјоделец), Лилјана Чаловска (студент).[123] Беа избрани претставници и за органите на Југославија во АВНОЈ, Президиумот на АВНОЈ и НКОЈ.

Во актите и одлуките на АСНОМ се прокламира слободна и рамноправна федерална држава Македонија во слободна демократска и федеративна Југославија. Со тоа се задржа југословенската линија и покрај тоа што има одредена силна македонска линија на сувереност и автономност, во вид на нагласување на континуитетот на борбата, поврзување со илинденските традиции и неисклучување на можноста за обединување на Македонија. Демократска Федерална (ДФ) Македонија требаше да стане Пиемонт на македонското обединување. АСНОМ и Президиумот дејствуваа во потполност самостојно во донесувањето на одлуките и другите акти со кои се заокружуваше самостојната македонска национална држава, иако декларативно кога се носат одлуките стои дека се носат врз основа на прописите и мерките на АВНОЈ и НКОЈ.

Првото заседание на АСНОМ се одржува во период кога сѐ уште не е ослободен вардарскиот дел од Македонија и покрај тоа што многу поголем дел е ослободен и има голема слободна територија. Остануваат да се ослободат големите градови и линијата Солун – Скопје по вардарската

---

[123] *Зборник на документи АСНОМ...,* 271.

долина која е од особено значење за германската војска, која требало преку неа да се повлече од Грција. Во тие моменти постои обид паралелно со создавањето на асномска ДФ Македонија, да се создаде т.н. Независна Македонија под протекторат на фашистичка Германија. Таа Независна Македонија требало да биде под раководство на Иван (Ванчо) Михајлов.

На 5 септември 1944 година, Хитлер издава наредба со која се бара итно да се формира Независна Македонија, а на 6 септември Советскиот сојуз ѝ објавува војна на фашистичка Бугарија. Со тоа бугарската окупациона војска во Македонија се подготвува за повлекување од Македонија. Истиот ден Иван Михајлов пристигнува во Скопје и веднаш започнува со консултации со своите приврзаници за прогласување на Независна Македонија. Но, поголемиот дел од неговите приврзаници планирале да се повлечат во Бугарија заедно со бугарската војска и окупациската власт. Воедно рокот кој му бил даден за формирање на држава бил многу краток, па вечерта на 7 септември 1944 година Ванчо Михајлов ја напуштил Македонија без да прогласи Независна Македонија.[124] Ова претставува уште еден доказ за силата на македонското национаноослободително движење и македонската војска, и за цврстината и општоприфатената од народот новоформирана асномска ДФ Македонија.

Асномската власт се обидува да ги амнестира оние Македонци кои застанале на страната на окупациските бугарски власти против македонското национаноослободително движење, и им упатува повик дека ги амнестира ако се вклучат во македонската борба. Таков повик им бил упатен на Јордан Чкатров од Прилеп и Александар Станишев од Кукуш кој извршувал високи државни функции во Фашистичка Бугарија.[125]

Во периодот од Првото заседание на АСНОМ до наредното, Првото вонредно (Второто) заседание (од 28 до 30 декември 1944 година), неговиот извршен орган – Президиумот (со функции на законодавно тело) ги донесе

[124] Историја на македонскиот народ, том V, Скопје 2003, 309-314.

[125] Истото, 291.

основните, системските документи и други основни акти со коишто самостојно се уредуваше правниот поредок во македонската држава. Во тоа време беа донесени прописи за органите на државната власт, за уредување на односите во стопанството, финансиите, даночната политика и буџетот, просветата и одржувањето на внатрешниот ред со народна милиција. Тоа значеше интензивна државотворна дејност на градење на македонската национална држава со воспоставување на целосно самостоен политички, безбедносен, економско-финансиски и национален културно-просветен систем.

## III 2. МАКЕДОНСКОТО РАКОВОДСТВО И ПРАШАЊАТА ЗА САМОСТОЈНОСТ И ОБЕДИНУВАЊЕ

Евидентно беше дека Демократска Македонија не се движеше во насока каква што сакаше југословенското раководство кое во тоа време имаше друг приоритет – целосно ослободување на Југославија. Се појавија битни разлики во позициите на југословенското раководство и Президиумот на АСНОМ по прашањето за односот спрема Федеративна Југославија и степенот на самостојноста на македонската држава. Президиумот, за разлика од југословенското раководство (коешто Македонија ја гледаше целосно интегрирана во Југославија, со силна централна власт) се застапуваше за реална економска и политичка самостојност на македонската држава, во југословенска федерација на национални држави.

На седницата од 6 септември 1944 година, Президиумот одлучи Киро Глигоров да биде испратен како претставник на Президиумот на подолг период при НКОЈ на Вис. На Вис на 13 септември 1944 година Киро Глигоров се сретна со повереникот за надворешни работи на НКОЈ Јосип Смодлака, за приликите во Македонија. Глигоров пренесол дека „Македонците немаат шовинистички стремежи [...] немаат територијални аспирации на Солун и приморските делови на Македонија во кои мнозинството од населението е од грчка народност“. Во петте окрузи:

Лерин, Костур, Воден, Јеница (Еница Вардар) и Кукуш, „народот со оружје в раце се бори за својата слобода и народност“. Во краевите, каде што Македонците се во малцинство се задоволуваат со загарантирано признавање на употребата на нивниот јазик. Во поглед на Солун според Глигоров ДФ Македонија барала „само слободно користење на тоа [солунското] пристаниште и непречена врска со југословенската заднина.“[126]

Ваквиот став на Киро Глигоров не содветствува со ставот на Президиумот кој никогаш не се откажал од „праведно и неотстапно сакање за обединение на целиот македонски народ на принципите на правото на самоопределување.“[127] Не е јасно дали тој став е личен на Глигоров, или на македонското партиско раководство. До разјаснување можеше да дојде можеби со издавањето на мемоарите на Глигоров во 2002 година, но во нив во делот за неговиот престој во Вис (септември – октомври 1944) забележливо не спомнува никаква средба со Јосип Смодлака и воопшто за каква било негова политичка активност таму. Познавајќи ја долгата политичка кариера на Глигоров, можеме да констатираме дека тој бил подготвен да направи политички компромиси.

Кон крајот на септември 1944 година Јосип Броз – Тито се сретна со Сталин, кој ја покрена идејата за обединување на Југославија и Бугарија во јужнословенска федерација под покровителство на Советскиот сојуз, согласно со тогашната советска политичка стратегија за Балканот. Јосип Броз – Тито претендираше на лидерство на проектираната јужнословенска државна заедница, што ја замислуваше како проширена Југославија.

Според тоа, позицијата по однос на пиринскиот дел од Македонија, во овој период, беше суштествено подруга. Македонското раководство не е спречувано да го поставува прашањето за обединување, дури и се иницираше поактивно ангажирање за забрзување на подготовките за негово

---

[126] Михајло Миновски, цит. дело, 114.

[127] ДАРМ, фонд АСНОМ, К-1, Манифестот на АСНОМ, 1944.

присоединување кон ДФ Македонија, но не и да се финализира тоа обединување.

Во исто време македонска делегација во состав: Лазар Колишевски, Михаило Апостолски, Бане Андреев и Светозар Вукмановиќ – Темпо отпатувала во Софија на разговори со БРП (к), по прашањето на пиринскиот дел на Македонија. За време на разговорите бугарската страна целосно прифати да му го признае правото на македонскиот народ на самоопределување до отцепување.[128]

Отечествениот фронт даде согласност во Софија да продолжи со работа делегатот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Кирил Миљовски, и да се отвори официјално Привремено македонско претставништво во Софија со што се обезбедуваше одржување редовни политички односи без посредништво на Белград.

Во пиринскиот дел од Македонија се случуваше национална преродба. Во тек беше забрзано организирање и изградување македонска национална државност: македонски НОО, Македонски националноослободителен комитет кој претставува централно македонско раководно тело за пиринскиот дел од Македонија, воени единици со самостојни македонски воени команди, а беше донесена и одлука истите да се стават под врховна команда на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како почетен чекор кон целосно обединување со ДФ Македонија.

Но текот на природното обединување на Македонците од ДФ Македонија и пиринскиот дел на Македонија доби поинаков тек во ноември 1944 година по спогодбата на Јосип Броз – Тито со бугарската делегација предводена од Т'рпешев и Тодоров за македонското прашање. Според неа македонското прашање требало да се остави да се решава едновремено со создавањето на пропагираната југословенско-бугарска федерација. Ставот од спогодбата на состанок со ЦК на КПМ ја пренесе делегатот на Политбирото на ЦК на БРП (к) Димитар Ганев. На состанокот на кој

[128] ДАРМ, фонд НОБ, ЦК КПМ, К-3, ин. бр. 2058, 1944.

присуствуваше и Димитар Влахов,[129] дојде до поделеност во редовите на македонското раководство. Членовите на ЦК на КПМ заведоа став дека во актуелниот момент не треба да се извршува обединувањето и се обврза да го почитуваат ставот на КПЈ. Само Димитар Влахов остана доследен и се застапуваше за обединување на Македонија, и тоа да се изврши независно од односите меѓу Југославија и Бугарија.[130]

Процесите за осамостојување на македонскиот народ во пиринскиот дел од Македонија македонското партиско раководство ги прогласи за грешка, но не грешка на ЦК на КПМ туку грешка на командантот на македонската војска Михаило Апостолски. Полковникот Пецо Трајков, командант на Брегалничко-струмичкиот корпус на македонската војска, е обвинет многу повеќе. Бугарскиот делегат Димитар Ганев го прогласил Пецо Трајков за провокатор што сакал да предизвика вооружен конфликт. На тоа ЦК „се солидаризира, тврдејќи дека тоа било самоволно однесување на полковникот Трајков и вети дека ќе биде сменет од командната должност."[131] Президиумот на АСНОМ не бил многу информиран за преговорите и активностите на раководствата на комунистичките партии во Македонија, Југославија и Бугарија, па само по неколку дена Пецо Трајков е избран за делегат во АСНОМ.

Инаку ЦК на БРП (к), со писмо од 2 ноември 1944 година, до маршалот Јосип Броз – Тито и ЦК на КПЈ, го поздравува создавањето на македонска слободна држава, преземајќи обврска дека истата ќе ја

---

[129] Димитар Влахов е роден во Кукуш во 1878 година. Студирал во Швајцарија, а потоа кратко време бил професор во гимназијата во Солун. По Младотурсктата револуција бил еден од основачите и раководителите на НФП. По првите парламентрани избори во османската држава во 1908 година е избран за пратеник во турскиот парламент. Активно учествува во создавањето на ВМРО (об) и е главен уредник на органот на ВМРО (об) „Македонско дело." За време на Втората светска војна работи како претставник на македонскиот народ во Сеславјанскиот комитет во Москва. По ослободувањето извршува високи функции во ФНРЈ. Почина во Скопје 1953 година.

[130] Михајло Миновски, цит. дело, 129-130.

[131] Истото.

популаризираат меѓу бугарскиот народ и македонскиот народ во бугарскиот дел на Македонија и ќе помагаат во будењето на македонската национална свест.[132]

Есента 1944 година беше критична и за егејскиот дел на Македонија. Искористувајќи ги македонските партизани и македонската организација Славјаномакедонски народноослободителен фронт (СНОФ) за борба против фашистите, сега кога победата над фашизмот беше при крај, грчкото комунистичко движење и монархистичкото антифашистичко движење побрзаа да го ликвидираат македонското движење во овој дел на Македонија. Целта беше да се растури организацијата СНОФ и да се спречи приливот на борци во нејзините вооружени единици, да се забрани употребата на македонскиот јазик во револуционерната пропагандна дејност и посебно барањата за право на самоопределување на македонскиот народ. Воедно се сконцентрирале и голем број грчки единици на територијата на егејска Македонија. Македонското раководство и Главниот штаб внимателно ја следеле состојбата и планирале испраќање на воени сили за заштита.

На почетокот на ноември 1944 година КПГ го испратила при Главниот штаб на НОВ и ПОМ Такис Пападопулос – Нико кој арогантно побарал од македонската страна да го осуди и да прекине секаква врска со македонското националноослободително движење во Грција, да ја прифати линијата на КПГ и да се вратат назад во Грција повлечените македонски бригади во ДФ Македонија. Отфрлени се барањата на грчкиот делегат и кажано му е дека македонското националноослободително движење ќе добие целосна помош бидејќи тоа движење „се бори против германскиот фашизам, а за остварување на своите основни демократски национални права.“[133] Но следуваше интервенција од југословенското до македонското партиско раководство, да се воздржи од упатување воени единици.

---

[132] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 2, 659-660.

[133] Павле Раковски, цит. дело, 266.




***Територија од егејска Македонија која кон крајот на Втората светска војна е под контрола на СНОФ***

КПГ одлучно застана на иста позиција со монархистите дека „нема Македонци во Македонија,“ и се насочи кон задушување на македонското националноослободително движење во егејскиот дел на Македонија, погазувајќи ја официјалната декларативна политика на КПГ за целосна рамноправност на малцинствата. Во социјалистичката историографија се покрива вистинскиот однос на грчките комунистички раководители.[134]

Со тоа, утопија била политиката на југословенското и македонското партиско раководство, македонскиот народ да се избори за правото на самоопределување до отцепување во рамките на комунистичките револуционерни движења во Бугарија и Грција, а потоа да дојде до обединување на Македонија. Така, разрешувањето на македонското националноослободително прашање од национално се сведе на класно прашање, кое треба да се разреши со победата на социјализмот во секоја од тие држави.

Претседателот на грчката монархо-комунистичка влада Георгиос Папандреу, воден од амбицијата за територијално проширување на Грција

[134] Истото, 243-267.

кон Епир презеде иницијатива за спогодување со Јосип Броз – Тито за поделба на Албанија помеѓу Грција и Југославија во комбинација со територијални отстапки за Југославија во северозападниот дел на егејска Македонија. Тој кон крајот на септември 1944 година имал средба со коалициониот партнер КПГ, која ја претставувал Андреас Цимас. Папандреу се интересирал за ставот на Јосип Броз – Тито во поглед на македонското прашање и побарал од Цимас да му предложи на Тито официјален предлог за спогодба со Јосип Броз – Тито за територијални отстапки во егејскиот дел од Македонија. Цимас на Тито му го презентирал предлогот на Папандреу, но од Тито не добил никаков одговор.[135] Јосип Броз – Тито немал некое високо мислење за КПГ, што се гледа од неговото писмо до Димитров,[136] и не сакал да се впушта во таква авантура кога сè уште немал меѓународно признавање на авнојска Југославија.

Првите македонски личности од националната промакедонска демократска политичка струја, која е доминантна во Президиумот на АСНОМ, на своите јавни настапи, говори, политички реферати, натписи во весници, (ноември-декември 1944 година) постојано истапуваа со паролата „слободна и соединета Македонија."[137]

## III 3. ОДНОСИТЕ МЕЃУ МАКЕДОНСКОТО АСНОМСКО РАКОВОДСТВО И ЈУГОСЛОВЕНСКОТО КОМУНИСТИЧКО РАКОВОДСТВО

Југословенското комунистичко раководство ги засили мерките и активностите за интервенција и пренасочување на правецот по кој се движеше ДФ Македонија. Во декември 1944 година на мисија во

[135] Ристо Кирјазовски, *Од извештаите на Андреас Цимас, претставник на ПЕЕА и ЕЛАС во ВШ на НОВ и ПО Југославија,* Историја XXVIII/1-2, Скопје 1992, 160-161.

[136] Павле Раковски, цит. дело, 266-267.

[137] Особено активни биле: Методија Андонов – Ченто, Димитар Влахов, Михаило Апостолски, Бане Андреев, Пецо Трајков, Павел Шатев.

Македонија е пратен Андрија Хебранд, генерален секретар на комунистичката партија во Хрватска, кој направил детален доверлив извештај за состојбите во македонското државно раководство и неговиот однос кон авнојска Југославија.[138]

Во извештајот стои дека доминантно влијание во Президиумот имаат „македонски националисти и сепаратисти," поради дејствувањето на Методија Андонов – Ченто. Тие немале доверба во НКОЈ, на кој му го оспорувале правото да донесува одлуки што се однесуваат на Македонија, без претходна согласност на Президиумот. Како претставници на оваа група на „македонски националисти и сепаратисти" покрај Методија Андонов – Ченто беа посочени Емануел Чучков, Лазар Соколов и генералот Михаило Апостолски. Потоа се изведува заклучок дека Президиумот води самостојна политика, а „националистичката и сепаратистичката група" во него е за независна и самостојна Македонија и истата е нереално и неоправдано поврзана со Отечествениот фронт. Обвинето е и македонското партиско раководство дека не му посветувало внимание на Президиумот, но вистината е дека тоа било интелектуално инфериорно за да се наметне без помош и интервенција од југословенското комунистичко раководство. Со тоа македонската национална и демократска струја всушност го презела приматот од македонското партиско раководство.

Но југословенското раководство предвидува систем на мерки и акции кои треба да се спроведат во Македонија, при што како приоритетни беа определени: сите членови на Президиумот да се членови на КПМ, во Президиумот да се внесат шест нови членови – комунисти. Како најефикасна мерка се предвидуваше водечките личности да се отстранат од Македонија и да се ангажираат во центарот односно во сојузните органи во Белград.[139]

---

138 Михајло Миновски, цит. дело, 110.

139 Истото, 109 и 111.

Президиумот на АСНОМ спроведуваше самостојна национална економска политика. Тука се појави и економски судир меѓу македонското и југословенското раководство кое сметаше на дел од приходите од македонскиот тутун, памук, волна, ориз и други продукти за обнова на Југославија.

Исто така, мерките што Президиумот ги презеде за спречување на враќањето во Македонија на српските колонисти, се сметаа за националистичка и шовинистичка антисрпска политика. Президиумот на АСНОМ на својата трета седница одржана 2-5 септември 1944 година, донесува „Решение за запазување статус кво над населеничките имоти", а на 21 ноември 1944 година донесува решение за привремена забрана за враќање на југословенските поданици, немакедонци, кои живееле во Македонија пред 1941 година.[140]

Од 28 до 30 декември 1944 година се одржа Првото вонредно (Второто) заседание на АСНОМ, на кое се потврди политиката на Президиумот на АСНОМ. Поздравен говор имаа Методија Андонов – Ченто – претседателот на Президиумот, и Едвард Кардељ – потпретседател на НКОЈ.[141] Претставниците од егејскиот и пиринскиот дел на Македонија[142] на Заседанието влијаеа за задржување и поттикнување на идеите за дослободување и обединување на преостанатите делови од Македонија со ДФ Македонија.

Најголемо значење на Заседанието има рефератот поднесен од претседателот Методија Андонов – Ченто, кој претстави „семакедонска национална програма обнародена на заседанието."[143] Конкретно бараше

---

[140] Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1944-1953,* Скопје 1998, 119-121.

[141] *АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 2, 395-396.

[142] Претставници од егејскиот и пиринскиот дел кои говореле на Заседанието биле: Филип Велков – Славјански, Пецо Трајков, Атанас Атанасов. *(АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 2, 415-417.)

[143] Михајло Миновски, цит. дело, 142.

преземање активности за потполно остварување на три главни национално-државни задачи:

– Зацврстување на единството на македонскиот народ, за да може да ги победи своите непријатели, да ја изгради својата држава и да ја брани.

– Задача на македонската војска за ослободување, обединување и сочувување на Македонија.

– Самостојно изградување и развивање на македонската држава како демократска и граѓанска, сплотување на народот на политичко, економско, национално и културно издигнување.[144]

Овие три национално-државни задачи се „дело на интелектуалната граѓанско-демократска струја.“[145] Тие се во спротивност со југословенското партиско раководство, па до отворен судир дојде на самото заседание. Светозар Вукмановиќ – Темпо остро реагира со отворени закани, нарекувајќи ги членовите на промакедонската струја „разни луѓе кои подоцна дојдоа во движењето.“[146] Светозар Вукмановиќ – Темпо говори за „шовинистичките и сепаратистичките тенденции“ во Македонија, дејствување за распарчување на Југославија или за децентрализирање на Југославија. Оди дотаму што јавно повикува на акција за ликвидирање на замаскираниот непријател.[147]

По излагањето на Светозар Вукмановиќ – Темпо како да се осоколиле приврзаниците на југословенската партиска линија. Во полза на Светозар Вукмановиќ – Темпо говорат Никола Минчев, велејќи дека „македонскиот народ не може економски сам да живее,“[148] потоа Љупчо

[144] *АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 2, 430-431.

[145] Михајло Миновски, цит. дело, 142.

[146] *АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 2, 407.

[147] Истото, 407.

[148] Истото, 452.

Арсов, а интересно за цврста југословенска федерација се изјасниле Михаило Апостолски[149] и Димитар Влахов.[150]

Поради таквиот тек на дебатата и создадената негативна атмосфера, кон крајот на Заседанието претседателот на Президиумот флексибилно попушта и дава ублажена изјава, потврдувајќи дека е за политиката федерална Македонија во федеративна Југославија, со постојана меѓусебна координација.[151]

На 30 декември претседателот на Президиумот Методија Андонов – Ченто ја доби повторно поддршката од Собранието и е избран новиот состав на Президиумот со речиси подеднаква застапеност на двете политички струи.[152]

И покрај рамноправната застапеност на пројугословенската комунистичка струја во Президиумот, во наредните четири месеци ќе продолжи самостојноста политика во сите сфери. Самостојно се доградува правниот поредок, се усвојува самостоен буџет, даночен систем, царинска

---

[149] Истото, 59.

[150] Истото, 463-466.

[151] Истото, 462.

[152] Претседателство во состав: Методија Андонов – Ченто – претседател, Лазар Колишевски – прв потпреседател, Неџат Аголи – втор потпретседател, Д-р Борис Спиров – прв секретар и Епаминонда Поп Андонов – втор секретар; повереници на поверенствата: Киро Петрушев – повереник за внатрешни работи, Страхил Гигов – повереник за индустрија и занаетчиство, Кирил Миљовски – трговија и снабдување, Петар Пирузе – повереник за судство, Никола Минчев – повереник за изградување на власта, Мире Анастасов – повереник за шумарство и рударство, Богоја Фотев – повереник за земјоделие, Ацо Петроски – повереник за социјална политика, Д-р Стерио Бооздов – повереник за народно здравје, Инж. Георги Василев – повереник за градежништво, Киро Глигоров – повереник за финансии и Димитар Мирески – поверник за просвета; членови: Александар Петровски, Димитар Влахов, Панко Брашнаров, Павел Шатев, Александар Мартулков, Крсто Гермов Шакир, Мара Нацева, Цветко Узуновски, Хасан Шукри, Јован Гелев, Вукашин Попадиќ, Милош Јаковлевиќ, Димитар Несторов, Младен Челопечки, Кемал Сејфула и Веселинка Малинска. (*АСНОМ, документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ,* I, 2, 475-476.)

служба, образовен систем и безбедносен систем.[153] Се остваруваше потполна самостојност и сувереност на ДФ Македонија. Таа самостојност до некаде ја наруши формираното Работно тело на Президиумот на АСНОМ, избрано на седница на Президиумот на 22 јануари 1945 година, наводно за решавање на тековните секојдневни работи, а претставуваше преземање на дел од ингеренциите на извршната власт од Президиумот. Во ова Работно тело доминира пројугословенската струја, а на негово чело е поставен потпретседателот на Президиумот и секретар на ЦК на КПМ Лазар Колишевски.[154]

До априлското заседание на АСНОМ можеме да констатираме дека во власта во ДФ Македонија сè уште доминира промакедонската национална демократска политичка струја, која била сериозно загрозена од пројугословенската комунистичка политичка струја.

## III 4. ПОБУНИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ВОЈСКА И НЕЈЗИНОТО УКИНУВАЊЕ

На самиот почеток на јануари 1945 година особено меѓу македонските војници, дојде до јавно искажување на стремежот на македонскиот народ, за дефинитивно доослободување и обединување на Македонија и разрешување на македонското национално прашање.

Постепено во македонската војска на одредени командни позиции беа именувани Срби и Црногорци. Тоа предизвика револт кај македонските војници. На почетокот на јануари 1945 година, стигна наредба од Врховниот командант Јосип Броз – Тито, 15-от корпус, елитна единица на македонската војска, да замине на Сремскиот фронт. Командантот на Главниот штаб на македонската војска, генералот Михаило Апостолски, ја прифати таа наредба. Тоа беше причина за јавно манифестирање отпор во

[153] Истото, 382-385.

[154] Виолета Ачкоска, *Лекции...*, 43.

единиците на македонската војска против одењето на Сремскиот фронт. Македонските војници не чувствуваа дека тоа е дел од нивната борба.

На 7 јануари 1945 година во офицерскиот дом во Скопје се одржуваше II конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија (НОМСМ) на кој учествуваа 2000 делегати од сите три дела на Македонија. Главната причина за одржување на Конгресот е да се убеди македонската младина масовно да учествува на Сремскиот фронт.[155] Во тоа се успеа, младината е убедена и еуфорично ја скандираше паролата „на Берлин". Громогласното извикување „на Берлин" ги вознемирува македонските војници сместени во касарната на Скопското кале. Тие се подготвуваа за поход кон југ и исток за доослободување и обединување на Македонија и извикувањето „на Берлин" за нив значеше изненадување и предавство на Македонците од егејска и пиринска Македонија. Се побунија две артилериски бригади. Побунетите македонски војници и офицери излегуваат од касарната и јавно демонстрираат на плоштадот во Скопје, обидувајќи се да влезат во офицерскиот дом каде што се одржуваше младинскиот конгрес. Војниците демонстрираа на плоштадот со паролата „не сакаме на Берлин, сакаме на Солун"[156] и бараа од командантот на Главниот штаб на македонската војска, генералот Михаило Апостолски, започнување воени дејства за ослободување на Солун и егејскиот дел на Македонија. Командантот на Главниот штаб, генералот Михаило Апостолски, кој имаше голем авторитет кај војниците ги убедил да се смират и да се повлечат на Скопското кале за да се договорат. Таму побунетите единици се разоружани. Реагира партиското раководство и на војниците учесници во побуната им се изречени затворски казни. ОЗН-а[157]

---

[155] *Жртви на комунизмот,* документарана серија, втора епизода (излагање на Владо Ивановски), Скопје 2011.

[156] *Настаните на скопското кале од 7 јануари 1945 година,* документи, Скопје 1997, 25.

[157] На 13 мај 1944 година при повереноството за народна одбрана на НКОЈ, формирано е одделение (отсек) за заштита на народот (ОЗН) кое претставува разузнавачка служба. Била под водство на Александар Ранковиќ, кој директно му одговарал на Тито. Во Македонија

го презеде иследувањето на организаторите на побуната. Веќе на 9 јануари Лазар Колишевски во името на ЦК на КПМ со телеграма го известил Јосип Броз – Тито за мерките што беа преземени против побунетите единици на македонската војска.

За настаните на скопското кале социјалистичката власт и историографија во Македонија тврди дека илузија би било да се оди на Солун, бидејќи таму имало две англиски дивизии и добро подготвена грчка војска и доколку сме се судреле со нив, ќе сме го изгубеле антифашистичкиот карактер на нашата борба зашто ќе сме се судреле со сојузниците од антихитлеровската коалиција.[158]

Веќе на 14 јануари 1945 година во Штип изби побуна во 20-тата бригада. Барањата на војниците од гарнизонот во Штип беа идентични со барањата од побуната во Скопје: продолжување на војната за ослободување и обединување на пиринскиот и егејскиот дел од Македонија. Со наредба од Белград „бунтовниците“ се разоружани и пратени на принудна работа, а организаторите уапсени и пратени на воен суд.[159] Истиот ден, 14 јануари им се судеше тајно во Воениот суд при Штипската воена зона и им се изрекоа

---

ОЗН-а е формирана на слободна територија во Кумановско во втората половина на 1944 година, а ЦК на КПМ го назначил Цветко Узуновски – Абаз за началник на македонската ОЗН-а. Во март 1946 година ОЗН-а се поделила на два дела од кој поголемиот дел припаднал на Министерството за внатрешни работи на ФНР Југославија како Управа за државна безбедност (УДБ-а) и дел при Министерството за народна одбрана на ФНР Југославија како Контраразузнавачка (контраобавештајна) служба (КОС).

[158] Вера Ацева: „Во тоа време, кога сè уште на беше ослободена Југославија, кога сè уште не беше завршена војната со Германија, ние ако тргневме на Солун, тоа значеше дека треба да се судриме со сојузниците на чијашто страна дотогаш бевме. [...] Можевме ли ние да се носиме со грчката војска [...] Значи ние ќе направевме, ако тргневме на Солун, да влезат Англичаните овде [во ДФ Македонија] да го вратат кралот Петар во Југославија, зашто ќе ја дестабилизиравме ФНР Југославија и да го возобноват кралството на Југославија. Во тој случај ќе ја загубевме државата и ќе ја загубевме нацијата ќе бевме целосно колонизирани.“ (*Жртви на комунизмот,* втора епизода (сведоштво на Вера Ацева).

[159] Михајло Миновски, цит. дело, 195-197.

смртни пресуди на 6 лица.[160] Обвинет е и командантот на 20-тата бригада Георги Кушев, кој знаел за побуната и не презел никакви мерки за спречување на истата, заедно со двајца негови соработници. На командантот на бригадата му судел Вишиот воен суд на Југословенската војска и е осуден заедно со неговите соработници, со депортација во Бугарија, бидејќи пред Војната биле бугарски државјани.[161]

На 29 јануари во Скопје започна судскиот процес за организаторите на побуната на војниците во Скопје. Истражниот судија при Воениот суд на Скопската воена област поднесе обвинение против 39 лица поради организирање и учество во отворен бунт на 7 јануари против установениот ред-поредок на НОВЈ.[162] Воениот суд, на тајното судење ги прогласи за виновни и осуди 34 лица. Од нив 12 на смрт со стрелање и губење на граѓанските права, војничката чест и конфискација на имотот, 13 на долгогодишни затворски казни, 9 на условни казни, а 5 лица беа ослободени од обвинение.[163]

Но Вишиот воен суд – Совет при Главниот штаб на 14 март 1945 година ја поништи пресудата на Воениот суд на Скопската воена област и нареди повторно судење, бидејќи констатирал неправилности во постапката, односно дека случајот не бил доистражен доволно за да се организира судење. Притоа констатирал дека казните не се правилно одмерени, дел од обвинетите и судени лица во истражната постапка воопшто не се испитувани. Воедно Вишиот воен суд – Совет при Главниот штаб го задолжи Воениот суд на Скопската воена област да го испита прашањето на македонско тробојно знаме (бела, црвена и црна боја)[164] истакнато на протестот од 7 јануари, кое според македонските војници

---

[160] *Настаните на скопското кале од 7 јануари...*, 117.

[161] Михајло Миновски, цит. дело, (документ, Судска пресуда на Вишиот воен суд на југословенската војска), 199.

[162] *Настаните на скопското кале од 7 јануари...*, 112.

[163] Истото, 133-134.

[164] Трите бои ги симболизирале трите дела на Македонија (Егеј, Вардар и Пирин).

требало да биде знаме на македонската војска и држава под кое требало да настапува во доослободувањето и обединувањето на Македонија. Воедно од Воениот суд на Скопската воена област се бараше да истражи од каде потекнала таа идеја за тробојно македонско знаме, односно, да се открие дали зад неа стои некоја друга група која дејствувала, што сигурно е и главната причина за поништување на претходниот судски процес.[165]



***Знаме подготвено од македонските војници за ослободување на егејскиот и пиринскиот дел на Македонија***

Од 27 до 29 април 1945 година се одржа повторно судење во Воениот суд на Скопската воена област. Судот донесува пресуда на 12 мај 1945 година, со која се осудени на смрт 9 лица, 14 осудени на временски казни, а 9 условно осудени.[166]

Воениот Совет при Главниот штаб, пресудата на Воениот суд на Скопската воена област, ја препрати до Вишиот воен судски совет при Генералштабот на Југословенската војска, кој ја потврди вината на осудените за кривичното дело за кое им се судеше со тоа што смртната казна ја преиначи и на осудените им изрече високи временски казни, до 15 години.[167] Сепак по наредба од Белград поголемиот дел од затворените се

[165] *Настаните на скопското кале од 7 јануари...*, 153-158.

[166] Истото, 210-219.

[167] Истото.

ослободени на Илинден 1945 година, освен оние кои биле осудени на смрт – тие останале в затвор 2-3 години.[168]

Негодување на македонските војници за одењето на Срем, наместо на Солун имало и на други места. Според сеќавањето на Никола Коларов еден од судените од битолската група на ВМРО во 1947 година во Битола вели: „И во Базерник [Демирхисарско] и во околината се јави отпор кај мобилизираните младинци за војска да одат на Срем“[169] Притоа убиен е од малтретирањето на иследничките органи Иван Јосифовски од Базерник.[170]

Во настаните во јануари 1945 година кога треба да се расчистува со бунтот на македонските бригади не се спомнува државното раководство односно Президиумот на АСНОМ на чело со Методија Андонов – Ченто. Со „бунтовниците“ расчистува ОЗН-а и комунистичкото раководство на чело со Лазар Колишевски.[171]

Како што можеме да согледаме од изворниот документиран материјал за настаните на Скопското кале не можеме да видиме жртви. Историчарот Ѓорѓи Малковски со пишувањата во македонскиот печат на почетокот на 90-тите години смета дека по настаните од 7 јануари се случил „масакар.“[172] Секако дека не можеме да констатираме „масакр,“ но имало недокументирани убиства по 7 јануари, само поради извикувањето на паролата „на Солун“ за што сведочат дел од живите сведоци на тие настани.[173]

---

[168] Стојан Ристевски, Судени за Македонија (1945-1985), Скопје 1993, 255-256.

[169] *Жртви на комунизмот,* втора епизода.

[170] Сведоштво на Александар Лозаноски од Базерник.

[171] *Жртви на комунизмот,* втора епизода (излагање на Виолета Ачкоска).

[172] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 147.

[173] Убиени се таткото на Вангел Димитров Попов и уште неколкумина струмичани – сведоштво на Стојан Поповски од Ново Село – Срумица (Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 147); Убиен е Ацко Велјановски од Бабино – Демирхисарско (сведоштво на Александар Лозаноски од Базерник – Демирхисарско).

Настаните со побуната на македонските војници имале и втора трагична епизода. Во ноември 1945 година се одржувал митинг на артилериската бригада во Штип. Последен на митингот говорел некој политички комесар на бригадата, Црногорец, кој намерно се задржал на бунтот во македонската војска, говорел за непријателските елементи во војската, при што се создала претходно договорена вжештена атмосфера и барања на масите да се посочи непријателот и да се казни. Политичкиот комесар ги посочил „непријателите“, тројца од судените за настаните од јануари 1945 година, македонски патриоти кои ја извикувале паролата „на Солун,“ биле тепани и каменувани до смрт од разулавената маса.[174]

Паралелно се расчистува без судење и со соработниците на окупаторот. Панко Брашнаров и Павел Шатев[175] известуваат за егзекуција

---

[174] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 147-148.

[175] Павел Шатев е роден во Кратово во 1882 година. Се школувал во Скопје и Солун каде што завршил егзархиска гимназија во 1900 година. Во истата година се вклучил во револуционерниот терористички кружок на ученици по потекло од Велес, наречени Гемиџии. Во 1903 година учествува во солунските атентати, кревајќи го во воздух на францускиот брод „Гвадалкивир.“ Турските власти го осудиле на смрт, а потоа е испратен на робија во Либија. Амнестиран е во 1908 година по Младотурската револуција. Во 1912 година завршил правни науки во Брисел. Во Првата светска војна бил мобилизиран во бугарската војска и работел како правник во Ниш. Во декември 1921 година во Софија е избран за претседател на основачкиот конгрес на МЕФО. Од 1923 година бил професионален разузнувач во служба на СССР. Неговите контакти со СССР ќе придонесат за создавање на Мајскиот манифест. Во септември 1924 година емигрирал во Турција, а во 1925 година во Виена. Како член на раководството на ВМРО (об) работел во редакцијата на „Македонско дело.“ Во 1928 година преминал на работа во Берлин. Поради судир со Димитар Влахов околу самостојноста на ВМРО (об), во 1929 година преминал во Цариград. Пред Втората светска војна работи повторно со разузнувачката служба на СССР во Софија. Во ноември 1941 година е уапсен од бугарската полиција и осуден на 15 години затвор каде останал до капитулацијата на Бугарија. Потоа е избран за член на Президиумот на АСНОМ и повереник за правосудство. Во јуни 1949 година е уапсен како „непријател на државата“ поради неговите поранешни врски со разузнавачките служби со СССР. Е интрениран во Битола каде што починал во 1951 година.

на околу 100 луѓе во Скопје, Велес и Куманово без какво било судење.[176] Убиени се од органите на ОЗН-а по директива од Александар Ранковиќ.[177] Повеќето од нив биле соработници со непријателот, но фактот дека биле убиени без судење е погазување на основните човекови права и кршење на меѓународното хуманитарно право.

Од нив само велешките егзекуции во кои се убиени 53 души, се доволно истражени, а воедно е пронајдена и масовната гробница.[178] Убиството во Велес се случило ноќта помеѓу 15 и 16 јануари 1945 година во околината помеѓу селата Ветерско, Летевци и Рудник. Егзекуторите не употребувале огнено оружје, бидејќи ќе се слушале истрели во околните села, затоа убиството го извршиле ѕверски со токмак и ашов (дурија) со директен удар во главата. Посмртно тие се осудени, односно донесени се пресуди како да им се судело.[179] Дел од убиените носеле вина за соработка со окупаторот, но дел од нив биле невини или пак не заслужиле таква свирепа казна без никакво судење само со сослушување од органите на ОЗН-а.

На 19 февруари 1945 година генералот Михаило Апостолски е разрешен од функцијата командант на македонската војска и лично од Јосип Броз – Тито прекомандуван на воена служба во Белград. Тоа е дел од тактиката на југословенското раководство за отстранување на кадрите кои не му беа целосно лојални. Од март истата година македонската војска е преименувана во Југословенска армија во Македонија и покрај тоа што сè уште е самостојна. Главниот штаб на македонската војска продолжи да

---

[176] Со сублимирање на изворите и литературата дојдовме до следниве бројки на егзекутирани луѓе без судење. Вкупно 130-132 и тоа: Скопје 12, Велес 53, Куманово 48 и Ресен 17-19. (Михајло Миновски, цит. дело, документ Панко Брашнаров и Павел Шатев за политичките состојби во Македонија 1945-1946, 231; Нова Македонија, 21.02.1945; Ефтим Гашев, Нашата кауза, Скопје 1995, 52-53; Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 144.)

[177] Михајло Миновски, цит. дело, бел. 966.

[178] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 159-168.

[179] Истото, 160-162.

функционира сè до мај, кога е укинат. Со тоа македонската војска стана дел од југословенската војска.

Едноставно кажано побуната на дел од македонските воени единици е патриотски чин, а улогата на македонското партиско раководство во тие настани – предавнички чин. Комунистичкото раководство се правда со тоа дека меѓународната позиција во тој момент не налагала можност за ослободување на егејска Македонија и нејзино обединување со ДФ Македонија, бидејќи егејскиот дел е веќе ослободен од фашизмот и таму доколку продолжеше војната ќе дојдеше до судир со сојузничка војска. Сепак предавничкиот чин на партиското раководство се состои во апсењето и судењето на македонските патриоти без разлика дали нивните патриотски барања биле политички изводливи или не.

Со конституирањето на македонската национална држава промакедонската демократска политичка струја, поради својот интелектуален капацитет, успеа да се наметне над македонското партиско раководство. Со тоа Македонија се конституира во демократско-граѓанска држава како федерална единка на авнојска Југославија, целосно прифаќајќи го принципот на самоопределување до отцепување. Делувајќи целосно самостојно асномската власт ја насочи својата политика кон економско зацврстување на земјата и нејзино доконституирање, но и кон изнаоѓање начини за доослободување и обединување на Македонија.

# Глава IV

# АВТОНОМИЗМОТ И СЕПАРАТИЗМОТ ВО ДФ МАКЕДОНИЈА

## IV 1. ИНТЕРВЕНЦИЈАТА ОД БЕЛГРАД И АПРИЛСКОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Југословенското партиско раководство на чело со Јосип Броз – Тито не беше задоволно од политичката состојба во Македонија, односно од функционирањето на власт од граѓански тип и сметаше дека дел од Президиумот на АСНОМ е насочен кон државен сепаратизам и се залага за поголема автономија на Македонија во рамките на Југославија и дека е националистички настроен кон Србите во Македонија.

Според југословенското раководство, ДФ Македонија треба цврсто да се интегрира во југословенската федерација, а за тоа ќе се преземат слични мерки како за враќањето на МНОБ на југословенската линија. Испраќани се политички инструктори да ја контролираат работата на Президиумот и да му помагаат на македонското партиско раководство да ја преземе власта. Правени се интервенции преку ресорните поверенства на НКОЈ со писмени интервенции до поверенствата на Президиумот на АСНОМ како на подредени оперативни органи.[180]

Македонското партиско раководство предводено од Лазар Колишевски, потпретседател на Президиумот, и покрај рамноправната застапеност во Президиумот, поради слабиот интелектуален капацитет не можеше да се наметне и не можеше да го спроведе интегрирањето на Македонија во Југославија.

[180] Михајло Миновски, цит. дело, 202-208.

Интервенциите со укинувањето на македонската војска, праќањето на југословенски инструктори и интервенциите преку поверенствата не беа доволни бидејќи Президиумот на АСНОМ продолжуваше да спроведува самостојна политика. Македонското партиско раководство, сè уште не беше во состојба самостојно да ја преземе власта без интервенција од центарот во Белград.

Состојбата во Македонија Јосип Броз – Тито ја сметал за сериозна и затоа свикува специјална седница на Политбирото на ЦК на КПЈ која се одржа на 21 март 1945 година. На седницата политичкиот инструктор Миха Маринко дава нереален доверлив извештај до ЦК на КПЈ.[181] Миха го обвини претседателот и други членови на Президиумот за „застапници на самостојност на Македонија," кои Југославија ја сметале за „договорна заедница на суверени национални држави," што претставуваат интереси на „малата македонска буржоазија."[182] Притоа приврзаниците на промакедонската струја неточно се обвинуваат за наклонетост и поврзаност со бугарските власти.

Во дискусиите излегле на површина Методија Андонов – Ченто и Димитар Влахов, како „најопасни" и со кои треба да се расчисти. Прифатен предлогот на Јосип Броз – Тито „Ченто да се раскринкува во партијата, а Димитар Влахов да се отстрани од Македонија со негово повлекување во Белград."[183] Притоа потврдено е дека Лазар Колишевски е лојален на југословенското раководство, но воедно е констатирано дека како лидер на комунистите во Македонија е слаб за да ја води државата, со што се

[181] Реален извештај за состојбата во Македонија, на добра организација на власта со демократичност во одлучувањето, дава политичкиот инструктор словенецот д-р Дарко Чернеј началник на одделението за изградување на власта при НКОЈ (ДАРМ, фонд АСНОМ, К-10, 13 јануари 1945.)

[182] Драган Кљакиќ, *Времето на Колишевски,* Скопје 1994, 299.

[183] Михајло Миновски, цит. дело, 211.

потврдува оскудноста на интелектуални кадри во партиското раководство.[184]

Исто така, Јосип Броз – Тито истакнал дека во Македонија не е изживеан „михајловизмот“, термин кој ќе стане етикета за дискредитација на Македонците патриоти кои биле на вистинскиот пат борејќи се за самостојна и обединета Македонија.[185]

Од 14 до 16 април 1945 година се одржува Второто вонредно (Третото) заседание на АСНОМ. Претседателот Методија Андонов – Ченто поднесе извештај за работата на Президиумот, а потпретседателот на Президиумот Лазар Колишевски политички реферат.[186] Во нив се потврдени сосема спротивните политички стојалишта.

Лазар Колишевски изнесува сериозни забелешки на Президиумот од политички карактер, со „сепаратистички тенденции“ на поединци и национални чувства кои биле на штета на братството и единството.[187]

Во рефератот Лазар Колишевски го обвини Президиумот дека не презел решителни мерки спрема оние кои не сакале да ги исполнат своите обврски кон државата, неефикасно се борел против „шпекулата,“ односно поимотните селани и „буржоазијата во градот.“ Президиумот дозволил, според Колишевски, по прашањето на цените да имаат корист шпекулантите од редот на трговците и другите капиталистички елементи.[188]

Клучната одлука на Заседанието е одвојувањето на извршната од законодавната власт, што би значело натамошно демократизирање на државата, но не било така. Напротив, на тој начин извршната власт конечно

---

[184] Драган Кљакиќ, цит. дело, 298.

[185] Виолета Ачкоска, *Лекции...,* 59.

[186] *Документи за борбата на македонскиот народ..., 2,* 635-642.

[187] Истото, 640.

[188] Миле Тодоровски, *Прилог кон работата на президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание заседание на АСНОМ (од 01. I до 15. IV 1945),* Историја XI/2, Скопје 1975, 57-58.

ја освојува projугословенската комунистичка струја која потоа ќе ја втурне државата во болшевички социјализам и во целосно интегрирање на Македонија во југословенсктата федерација, во зависен (колонијален) однос кон југословенската комунистичка власт.

На заседанието на АСНОМ донесен е „Закон за измени и дополнување на решението за АСНОМ како врховен законодавен и извршен орган на државната власт на демократска Македонија.“ Со овој закон АСНОМ се преименуваше во Народно собрание на Македонија. Президиумот на АСНОМ се преименуваше во Президиум на Народното собрание на Македонија, со законодавни надлежности помеѓу заседанијата на собранието, и со оние извршни функции кои му припаѓаат во својство на Президиум на федералната држава Македонија и репрезент на народниот и државен суверенитет на федерална Македонија.[189] Извршната власт, што дотогаш ја вршеше, се пренесуваше во исклучива надлежност на Народната влада на Македонија. На 16 април Народното собрание на Македонија донесе Закон за народна влада на Македонија како „врховен извршен и наредбодавен орган на државната власт,“ и истиот ден веќе е именувана владата со „указ за именување на влада на федерална Македонија.“[190]

Новата влада предводена од Колишевски на 25 април 1945 година објави Декларација,[191] во која требаше да биде објавена програмата за работа на владата, но таа повеќе наликува на манифест во кој е

---

[189] *Документи за борбата на македонскиот народ..., 2,* 642-643.

[190] Составот на владата: 1. Претседател – Лазар Колишевски, 2. Прв потпреседател и Министер за финансии – Љупчо Арсов, 3. Втор потпретседател – Абдурахман Мехмед, 4. Министер за внатрешни работи – Кирил Петрушев 5. Министер за просвета – Никола Минчев, 6. Министер за правосудство – д-р Павел Шатев, 7. Министер за индустрија и рударство – Страхил Гигов, 8. Министер за трговија и снабдување – Тоде Ношпал, 9, Министер за земјоделие и шумарство – Богоја Фотев, 10. Министер за народно здравје – д-р Вукашин Попадиќ, 11. Министер за социјална политика – д-р Неџат Аголи и 12. Министер за градежништво – инж. Георги Василев (*Документи за борбата на македонскиот народ..., 2*, 643.)

[191] Истото, 644-647.

презентирана југословенскта политика како единствено можна опција. Владата декларираше дооослободување на Југославија и целосно интегрирање на федерална Македонија (политичко и економско) во федеративна Југославија.

Владата прикажува апсолутна приврзаност кон југословенското комунистичко раководство, а Лазар Колишевски нагласува и во декларацијата, и претходно во политичкиот реферат на априлското заседание на АСНОМ за „напатствијата на АВНОЈ од 5 април,“[192] што всушност претставува директна интервенција на југословенското комунистичко раководство за преземање на власта во Македонија. Новата влада му обезбеди легалитет (не и легитимитет) за ефективна примена на југословенското законодавство и фунционирање на власта на југословенските органи на територијата на македонската држава. Претседателот на Владата Лазар Колишевски ќе започне процес на поставување свои доверливи луѓе во сите институции на државната власт, судството итн.

## IV 2. ПРЕСМЕТКА СО ПРОМАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА СТРУЈА ВО ДРЖАВНОТО РАКОВОДСТВО

И по интервенцијата во април 1945 година и губењето на извршната власт, промакедонската демократска струја доминирала во Народното собрание, а нејзиниот носител Методија Андонов – Ченто е сè уште претседател на Президиумот на Народното собрание, и претставува авторитетна политичка личност со голема популарност кај народот. Со изборот на Лазар Колишевски на чело на првата македонска влада, во една личност доаѓа до удвојување на две високи функции: партиската (Секретар на ЦК на КПМ) и извршната (Претседател на Владата на ДФ Македонија), а

[192] Истото, 641 и 644.

со тоа рапидно се зголемува неговата политичка моќ. На тој начин се формираше партиската држава со силна централна власт.

До продлабочување на судирот помеѓу двете струи доаѓа и поради начинот на решавање на проблемите со поранешните српски колонисти во Македонија и со статусот на православната црква во Македонија.[193] Покрај судирот помеѓу двете политички струи овие проблеми предизвикуваат и национална нетрпеливост помеѓу Македонците и Србите.

Мерките што ги презеде Президиумот за спречување на враќањето во Македонија на српските колонисти се сметаа за националистичка и шовинистичка антисрпска политика. Президиумот на АСНОМ на својата трета седница одржана од 2 до 5 септември 1944 година донесува „Решение за запазување статус кво над населеничките имоти", а на 21 ноември 1944 година донесува решение за привремена забрана на враќање на југословенските поданици немакедонци, кои живееле во Македонија пред 1941 година.[194]

Се создаде и нетрпеливост непосредно на теренот меѓу колонистите: Срби и Црногорци, кои не ги почитувале решенијата на Президиумот (или не биле информирани) и постепено се враќале во Македонија, и Македонците од друга страна. До конфронтирање доаѓа и на седницата на Законодавниот одбор на Претседателството на АВНОЈ на 31 јули 1945 година. Емануел Чучков зазема одлучен став против колонистите, сметајќи дека сите тие во Македонија се наоѓаат заради остварување на големосрпските цели и дека ја загрозуваат македонската нација.[195] На тоа реагирал Марко Вујачиќ и изразил недоверба кон Емануел Чучков како припадник на ВМРО и непартиец, барајќи по тоа прашање да се разговара само со комунисти. Затоа веќе следниот ден, на 1 август 1945 година, во Белград е повикан Лазар Колишевски. Претседателот на Владата на ДФ

---

[193] Види поглавје 4 од оваа глава.

[194] Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи...*, 119-121.

[195] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 199.

Македонија изјавува дека ќе се работи согласно упатствата што ќе ги изработи Министерот за колонизација Сретен Вукосавлевиќ, кој не ја признавал македонската нација, и дека ќе се постигне договор во поглед на враќањето на колонистите во Македонија.[196]

На крајот од мај 1945 година Методија Андонов – Ченто е повикан во Белград. На 30 мај е примен од Јосип Броз – Тито, но сепак останува енигма што точно е предметот на разговорите. Секако, може да се претпостави, познавајќи ги односите во македонското државно раководство и заклучоците од споменатa мартовска седница на Политбирото на ЦК на КПЈ, дека се работи за последно предупредување за Методија Андонов – Ченто.

Се создаде најголемиот јаз меѓу двете политички струи во македонската држава. Сè повеќе поделбата беше врз идеолошка основа. Комунистите изразувајќи се „во името на народот", како свои и лојални ги вбројуваа сите оние кои ја прифаќаа Партијата, нејзината идеологија, нејзините политички економски мерки во трансформацијата на општеството, односно во комунистичката транзиција. Од другата страна се наоѓаа т.н. народни непријатели, класни непријатели, кои не се согласуваа со идеологијата на комунистичката партија, и беа прогласени за „непријатели на партијата и државата" и сурово репресирани.

На Пленумот на ЦК на КПМ, одржан во средината на август 1945 година, на кој учествуваше највисокиот врв на комунистичката партија (Лазар Колишевски, Цветко Узуновски, Вера Ацева, Крсте Црвенковски) презентирано е известувањето на Цветко Узуновски – Абаз, кој раководи со службата за безбедност (ОЗН-а). Според известувањето на Цветко Узуновски, опонентска политичка струја постои и дејствува во континуитет од времето на издавањето на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и

---

[196] На 3 август 1945 година е донесен Законот за ревизија на дозволите за доделување на земја на колонистите, за кој Министерот за колонизација Сретен Вукосављевиќ, изразил јавно несогласување. (Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи...*, 135-136.)

ПОМ, а во актуелниот момент е засилена. Шефот на ОЗН-а на состанокот ги соопшти имињата на водечките личности од опонентската политичка струја: Методија Андонов – Ченто, Венко Марковски, Михаило Апостолски, Емануел Чучков, Киро Глигоров, Лазар Соколов,[197] Петре Пирузе,[198] Благој Хаџипанзов и Димитар Влахов.[199]

Предводник наројугословенската струја е Лазар Колишевски, но тој е продолжена рака на Александар Ранковиќ и Светозар Вукмановиќ – Темпо. Позначајни личности од оваа догматско-комунистичка струја се: Страхил Гигов, Цветко Узуновски, Видое Смилевски, Љупчо Арсов и други.

Оваа политичка струја ја обвинува промакедонската политичка струја дека ги застапува интересите на македонската буржоазија, се стреми кон отцепување на Македонија од Југославија и воведување на буржоаско уредување во Македонија. На августовскиот Пленум е заклучено дека треба итно да се расчисти со таа „антипартиска“ група. Но, исто така се заклучува дека КПМ, не е во позиција во тој момент да се пресмета со „антипартиската“ група. КПМ тогаш сè уште е мала и слабо организирана „со крајно ограничен интелектуален кадровски потенцијал на кој можеше да смета партиското раководство во актуелниот момент за преземање таква

[197] Лазар Соколов е роден во Куманово во 1914 година. Студирал и работел на Универзитетот во Белград каде што членувал во студентското друштво „Вардар.“ Активно учествувал во организирањето и дејноста на МАНАПО (1936-1938 година), поради што е затворен и суспендиран од работа. Член е на КПЈ од 1941 година, од есента 1943 година член е на АНОК, член е на ИО за свикување на АСНОМ, делегат на АСНОМ и член на Президиумот на АВНОЈ. По војната работел во економски институт.

[198] Петре Пирузе – Мајски е роден во Охрид во 1905 година. Завршил правен факултет во Белград. Во КПЈ се зачленил во 1941 година и бил секретар на комунистичката партија за Охрид. Станал командант на Втората оперативна зона, член е на ГШ на НОВ и ПОМ, член на ИО за свикување на АСНОМ, делегат на АСНОМ, член на неговиот Президиум и прв повереник за правосудство. По резолуцијата на Информбирото е осуден и испратен на Голи Оток. Почина во 1980 година во Охрид.

[199] ДАРМ, фонд ЦК КПМ, ОИО, К-1, а.е. 70, 371-377, 1945.

пресметка.“[200] Промакедонската политичка струја, доминантна во Президиумот на Народното собрание, ја претставуваа репрезентативни политички личности и интелектуалци со потврден голем углед кај народот.

Партискиот Пленум усвои заклучок да им се даде задача на секретарите на окружните партиските комитети да собираат материјал за споменатите членови од „антипартиската“ група за нивно компромитирање. На 18 август 1945 се одржа состанок на окружните комитети на КПМ, кога е донесена и оперативна програма за пресметка со групата.[201] Интересно е што Лазар Колишевски за слабоста на партиската организација ги обвинува интелектуалците кои дошле во раководството и бара истите да се заменат со работници.[202]

КПМ како прв приоритет си поставила ликвидирање на сите појави на опозиционо политичко дејствување, посебно дејствувањето против позициите на македонскиот државен „сепаратизам“ и појавите на македонски „национализам“ и „шовинизам.“ Во „антипартиската“ група се наоѓаа македонски патриоти и интелектуалци кои се спротивставуваа на недемократските методи на владеење на комунистичката власт и не го прифатија југословенското решавање на македонското прашање за дефинитивно. Тие бараа поголема политичка и економска самостојност на Македонија во Југославија, а поради тоа беа сметани за идеолошки противници на комунистите.

Истовремено кај народот се зголемуваше чувството за предавство на националните интереси од страна на актуелното комунистичко раководство. Тоа беше посебно силно во редовите на македонското граѓанство, средношколската младина и дел од македонските војници и офицери. Со тоа

---

[200] Михајло Миновски, цит. дело, 226.

[201] ДАРМ, фонд: ЦК КПМ, К-1, а.е.65, 18.08.1945.

[202] Прв на кого му пречат интелектуалците во македонското нацоионалноослободително движење е Светозар Вукмановиќ – Темпо, кој од декември 1943 година го поставил барањето за замена на интелектуалците со работници предани на партијата (Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 169-170).

се зголемуваше и патриотското чувство и барањата за поголема самостојност на ДФ Македонија во рамките на ДФ Југославија и целосно решавање на македонското национално прашање. Од страна на највисокиот врв патриотизмот е третиран како сепаратизам и национализам.

Со оглед на тоа што се бори против својот народ, против своите национални интереси, против целосното решавање на македонското национално прашање (без разлика дали ќе беше меѓународно прифатено), во замена за туѓи југословенски интереси, нема да биде погрешно ако тогашното највисоко комунистичко раководство го вброиме во редот на националните предавници. Тоа врши маргинализирање, гонење, затворање и судење во монтирани судски процеси, по примерот на сталинизмот, на македонските политичари од националната промакедонска демократска политичка струја, која е носител на асномските одлуки.

Новосоздадениот политички систем е така концепиран што најголемата моќ во државата ја има комунистичката партија, и нејзе ѝ припаѓа целосната контрола над државно-управниот и судскиот апарат.[203] На тој начин таа може да расчисти со неистомислениците и идеолошките противници. Во февруари 1945 година е создадена институцијата Јавен обвинител, а во август истата година е донесен Законот за уредување на народните судови, кои ќе работат по партиска директива.[204]

На почетокот на политичката пресметка е применет методот на разбивање на „антипартиската" група со отстранување од Македонија на оние кои имаат поумерен однос кон југословенската линија. Така, против нивната волја, во Белград се испраќани видни интелектуалци на сојузни функции. Тие интелектуалци „не можеа да се вклопат во болшевичкиот калап и во догматската комунистичка свест која се изградуваше."[205]

---

[203] Истото, 131-137.

[204] Истото, 137.

[205] *Жртви на комунизмот,* документарана серија, прва епизода (излагање на Виолета Ачкоска), Скопје 2011.

Уште од март 1945 година во Белград е пратен Киро Глигоров лично од Лазар Колишевски, со изговор да му однесе доверливо писмо на Едвард Кардељ.[206] Се работеше систематски на постепено истиснување на Димитар Влахов од јавноста, целосно е маргинализиран Панко Брашнаров, Венко Марковски[207] е тргант од Президиумот на АСНОМ, Александар Мартулков е пензиониран и веднаш разрешен од Президиумот на АСНОМ, а јавни и најжестоки обвинувањата се насочени кон Методија Андонов – Ченто.

Пред донесувањето на Уставот на македонската држава (1946 година), со кој се определи нејзиниот државно-правен статус и уставна положба во Југославија, Комунистичката партија на власт презеде решителна пресметка со главните носители на македонскиот „автономизам" и „сепаратизам". Најопасен се сметаше Методија Андонов – Ченто, кој всушност е водечка личност на националната државна програма, застапник за економска и политичка самостојност на Македонија во Југословенската федерација.

---

[206] Киро Глигоров, цит. дело, 77.

[207] Венко Марковски е роден во 1915 година во Скопје. Средно гимназиско образование завршил во Скопје, потоа студирал словенска филологија на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија (1938-1941). Во 1938 година ги објавува првите стихозбирки на македонски јазик „Народни бигори," и „Огинот." За време на Втората светска војна е член на ГШ на НОБ и ПОМ, член на ИО за свикување на АСНОМ и делегат на Првото заседание на АСНОМ. По ослободувањето членувајќи во комисиите за кодификација на македонскиот јазик е против прифаќањето на Вуковата азбука и на нејзината примена во Македонија. Во 1946 година од властите забранета е неговата драма „За родниот кат." Како припадник на „антипартиската" група првпат бил затворен во 1949 година по линија на Информбирото. Во 1955 година го објавува делото „Сувремени парадокси," за што завршува на Голи Оток на петгодишно „превоспитување." Во 1966 година емигрирал во Бугарија. Во Бугарија е избран за пратеник во Народното собрание, член е на Сојузот на бугарските писатели и член на Бугарската академија на науките. Добива награди: „Херој на Бугарија", „Херој на социјалистичкиот труд", „Георги Димитров" и др. По 1975 година е обезбедуван од бугарските тајни служби, бидејќи имало информација дека му е загрозен животот од УДБ-а. Почина во 1988 година во Софија.

На 15 март 1946 година Методија Андонов – Ченто е принуден да даде оставка од сите државни функции. Неговата функција претседател на Президиумот на Народното собрание официјално престана за време на Четвртото заседание на Народното собрание на Македонија одржано од 15 до 18 април 1946 година. Против Методија Андонов – Ченто веќе е поведена истражна постапка за обезбедување основ за покренување обвинение.

Методија Андонов – Ченто е обвинуван за своите патриотски ставови. ЦК на КПМ на проширен состанок на 13 мај 1946 година го обвини Методија Андонов – Ченто затоа што сметал дека Македонците не соработувале организирано со окупаторот за разлика од другите југословенски народи. Тоа се сметало за „сепаратизам, национален шовинизам и линија на ВМРО."[208]

На 14 јули 1946 година Методија Андонов – Ченто е уапсен во Прилеп и префрлен во затвор во Скопје. Дури на 31 јули од министерот за внатрешни работи Цветко Узуновски е објавено дека Методија Андонов – Ченто наводно е уапсен при обид за бегство преку граница кон Грција. Од 19 до 21 ноември се одржа монтираниот сталинистички судски процес против Методија Андонов – Ченто, а на 23 ноември 1946 година е објавена пресудата, со која е осуден на 11 години затвор и присилна работа, како и губење на политичките и граѓанските права 5 години по издржувањето на казната.[209] Со пресудата се товари за:

– Не се согласувал со внатрешната и надворешната политика на ФНР Југославија;

– сметал дека ФНР Југославија е против интересите на македонскиот народ бидејќи во неа не може да се обедини;

---

208 ДАРМ, фонд ЦК КПМ, 1.427. 174/383, 1946.

209 Фиданка Танаскова, *Методија Андонов – Ченто,* Скопје 1990, 51-56.

– имал намера да се префрли во Грција, а потоа во Париз на мировната конференција, каде требало да бара обединување на Македонија под протекторат на западните сили;

– во случај тоа да не му успее, по пат на насилство да ја отцепи Македонија и да ја стави во федерација со Грција.[210]

Во исто време од министер за правосудство во владата е отстранет д-р Павел Шатев. Како министер Павел Шатев учествува во работата на владата за последен пат на седницата од 19 март 1946 година.

По изборот за пратеник во Уставотворното собрание Павел Шатев е избран за прв потпретседател на Президиумот на Собранието. Така, при крајот на 1946 година тој сè уште има висока државна функција. Како повод за елиминирање на Павел Шатев и Венко Марковски ќе послужи нивната средба (заедно со Димитар Влахов) со бугарската делегација во Белград за време на одржувањето на Сесловенскиот конгрес. За таа средба Александар Ранковиќ реагирал кај Колишевски. Во декември 1946 година стигнува и официјална директива од КПЈ за ЦК на КПМ за сменување на Павел Шатев од функцијата прв потпретседател на Президиумот и за исклучување на Венко Марковски од Партијата. На 27 декември се одржа итна седница на ЦК на КПМ на која е исполнета директивата од Белград.[211]

Павел Шатев е повикан од Лазар Колишевски, кој му соопштил дека е разрешен од функцијата од политички причини, со можност за негово пензионирање. Понудената пензија легендарниот македонски револуционер-гемиџија не ја прифати. Тој смета дека пензија не заслужил и дека сè уште е способен да работи, а ако веќе се пензионира ќе може да прифати само илинденска пензија.

Венко Марковски исклучувањето од Партијата го прифати без приговор, без објаснување, мислејќи дека ќе биде поштеден од натамошни

---

[210] Истото, 54-55.

[211] ДАРМ, фонд ЦК КПМ, К-7, а.е.119, 1946.

притисоци. Единствено се интересира дали ќе може и понатаму да се занимава со книжевност за својата материјална егзистенција.

Со тоа до крајот на 1946 година заврши првата фаза од елиминирањето на највлијателните личности од редот на македонската национална граѓанска интелигенција и политичка струја за кои се смета дека се носители на македонскиот национален и државен сепаратизам. „Ова е можеби единствен пример во историјата на човештвото некој да биде осуден од сопствената власт, некој да биде осуден за патриотизам, односно за љубов кон сопствената татковина.“[212]

Дел од промакедонската струја поради силниот притисок ја прифати постојната реалност, прагматично ја согледа „грешката,“ се пасивизира или стана дел од другата страна, како доследен и ревносен спроводник на партиската политика. Но исто така промакедонската струја и покрај силниот притисок, реперкусии и репресија незапирливо се шири со нови приврзаници.

Дефинитивното расчистување со „антипартиската“ група „автономисти и сепаратисти,“ односно со промакедонската национална демократска политичка струја ќе се случи по резолуцијата на Информбирото против КПЈ во периодот по 1948 година. Како што видовме погоре, оваа политичка струја 1945-1946 година е обвинувана од комунистите поради тоа што не се придржува до официјалната југословенска партиска линија и нивните ставови беа десно ориентирани кон решавање на националното македонско прашање во целина, воведување на демократско-граѓанско уредување и поголема самостојност на Македонија во југословенската федерација. Според тоа, не е логично припадниците на оваа група за време на Информбирото да се свртат ултра лево и да ја прифатат резолуцијата на Информбирото, да се откажат од националниот идентитет и да се свртат кон колективен комунистички

---

[212] *Жртви на комунизмот,* документарана серија, прва епизода (излагање на Зоран Тодоровски), Скопје 2011.

идентитет, што би било својствено токму за комунистите и пројугословенската политичка струја. Но, државата искористи можност овие луѓе сосила да ги прогласи за приврзаници на резолуцијата на информбирото и на тој начин во информбировските чистки да се ослободи од нив.

## IV 3. НЕЛЕГАЛНАТА КОНСПИРАТИВНА ОПОЗИЦИЈА

Делумното решение на македонското национално прашање во рамките на ДФ Југославија во 1945 година е причина да се создаваат револуционерни групи и организации со предзнакот ВМРО, чија политичка цел е да се создаде самостојна и обединета Македонија со демократско уредување под покровителство на некоја од западните земји (најчесто се споменува САД). Во ситуација кога македонското раководство под влијание на југословенското, се откажува од идејата за целосно решавање на македонското национално прашање и обединување на Македонија, делот од раководството кој сè уште ја поддржуваше таа идеја постепено е маргинализиран. Во услови кога не е дозволена легална политичка опозиција, се појави македонска конспиративна нелегална опозиција. Македонија немаше граѓански политички партии пред војната за тие да се обноват, но затоа ја имаше револуционерната ВМРО која по ослободувањето многумина Македонци паралелно на повеќе места во Македонија се обидоа да ја обноват во нови општествено-политички услови. Помирувањето на комунистичкото раководство со нерешавањето на македонското национално прашање во целина, и прифаќањето на постојниот зависен статус на македонската држава во ДФ Југославија се смета за предавство на македонскиот народ и македонската држава од страна на партијата и владата.

Паралелно со националното и политичкото назадоволство се јавува незадоволство и од одземањето на приватната сопственост од страна на комунистичката власт, односно насилната конфискација и експропријација,

и национализација. Македонија немаше капиталистичка сопственост за да се прогласи капиталистичка или буржоаска класа, класен непријател. Затоа со идеолошка конструкција настрадаа голем број сопственици на приватен имот: занаетчии, трговци, сопственици на мали производни погони.[213]

Веднаш по појавата на првите нелегални групи во 1945 година комунистичката партија со полицијата и судовите започна акција на силна репресија со апсења, судења и стрелања без судски процес или со монтирани судски процеси. Агентите и доушниците на ОЗН-а следеа сè: оние кои биле за самостојна и обединета Македонија, оние кои биле против национализацијата, но и оние кои во семејството имале во минатото некој член на ВМРО или илинденец. Во 1946 година се зголемија апсењата, а обвинетите со присила потпишувале однапред напишани изјави. Затворениците се интензивно „превоспитувани“ со ужасна физичка и психичка репресија. Сите опозициски конспиративни групи и организации од властите без никакво објаснување и поврзаност ги етикетираат како ванчомихајловистички, а со тоа и терористи, империјалистички агенти, фашисти, народни непријатели, реакционерни елементи итн.

### *IV 3. 1. ВМРОВСКИ ГРУПИ*

На крајот од мај инструкторот од ЦК на КПЈ Владо Стругар известуваше за силно влијание на ВМРО во Струмица под паролата за приврзаност на заветта на Гоце.[214]

Идеалите на ВМРО и обединувањето на Македонија и покрај големата репресија не престануваат да се шират. Особено наоѓаат плодна почва кај младинците, а особено кај средношколската младина.

Во август 1946 година се судени групи младинци од Струмица и Гевгелија, Штип, Велес, Скопје, Охрид и Струга, Битола. Покрај групи од младината имаше и други ВМРО-ски групи во Богданци, Кочани, Битола и други градови. Во март 1946 година доаѓа до поврзување на ВМРО-ските

[213] Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственистичките односи...*, 102-108.

[214] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 137.

групи во Битола. Главна активност на овие групи е расфрлање летоци и испишување пароли за обединета и самостојна Македонија.[215] Имало и летоци со незадоволство од стопанските мерки на комунистичката влада, што претставува можност за власта да прикаже дека тоа е дело на класен непријател односно дело на остатоците од буржоазијата.[216]

## *IV 3. 2. ВМРОВСКИ ОРГАНИЗАЦИИ*

**Демократскиот фронт на Македонија – Илинден 1903** е организација формирана 1945 година, во ДФ Македонија. Се залага за самостојна државност и национално обединување приврзана на програмските определби на ВМРО – Гоцеделчевска и илинденскиот идеал. Самостојноста и обединувањето требаше да се постигне со отцепување на ДФ Македонија од Југословенската федерација и обединување со другите делови од Македонија.

На чело на Организацијата стоеле петмина Македонци од различни краеви на Македонија: д-р Илија Чулев (лекар од Кавадарци), д-р Димитар Златарев од Охрид (докторирал правни науки на универзитетот во Рим), Коста Хрисимов – Смилец (родум од с. Старчишта, Драма), Стефан Кузманов (економист од Битола) и Коста Динев (економист од с. Сарачиново, Воден).[217]

ДФМ – Илинден 1903 создал свои ограноци во Скопје, Битола, Велес, Штип, Охрид и Кавадарци. Согласно поставената програмска цел ДФМ – Илинден 1903 се активира за актуализирање на нерешеното македонско национално прашање пред сојузничките сили. Организацијата подготвува посебен Меморандум до владите на големите сојузнички сили, кој им го предава на нивните дипломатски претставници пред почетокот на Мировната конференција во Париз. Со Меморандумот состојбата во

---

[215] Најчести испишани пароли: „да живее ВМРО“, „да живее Македонија“, „долу србокомунистичкиот режим“, „долу Лазо Колишевски“, „долу стопанскиот план“ и други.

[216] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 191-193.

[217] Истото, 202.

Македонија е прикажана како критична со многубројни затворања и убиства од страна на новата власт, која со србокомунизам постепено ја србизираше Македонија. Во него се бараше од владите на САД, Советскиот сојуз, Велика Британија и Франција, на македонскиот народ, кој активно учествуваше и го даде својот потполн придонес како сојузник во антифашистичката коалиција да му го признаат легитимното право на самоопределување во обединета и самостојна македонска држава.[218] Дел од членовите на оваа организација сепак имале национално бугарско чувство.[219]

На 20 октомври 1945 година властите ја откриле организацијата и ги затвориле раководните лица: Константин Хрисимов – Смилец, Стефан Кузманов, д-р Димитар Златарев, д-р Илија Чулев, Константин Динев, Петар Ташулов Петров, Кирил Пецаков, Лука Секулов, Серафим Лазаров, Анастас Анев и Методи Светиев. Кај некои од нив биле пронајдени списоци на членови на организацијата, така што апсењата се прошириле. Судскиот процес се одвивал во февруари 1946 година и донесена е пресуда дека се виновни за одржување состаноци со цел да се создаде илегална, противнародна, терористичка организација – Демократски фронт на Македонија. Судот е бескомпромисен и изречени се казни од 5 до 20 години строг затвор.

**ВМРО на д-р Тренчев и д-р Терзиев** е создадена во октомври 1945 година од д-р Коста Тренчев од Царево Село, д-р Коста Терзиев од Кукуш и д-р Васил Иванов од Струмица. Тие формираат ЦК на ВМРО од 13 члена на чело со Коста Терзиев.[220] Организацијата е конспиративна, а „членството не е големо, но е внимателно одбирано."[221]

---

[218] Стојан Ристески, цит. дело, 158.

[219] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 202-204.

[220] Ефтим Гашев, цит. дело, 197-198.

[221] *Жртви на комунизмот,* шеста епизода, (излагање на Никола Жежов).

Подготвен е и привремен устав од страна на Д-р Васил Иванов во кој се поставени програмските цели на Организацијата. ВМРО се залагала за правилно решавање на македонското прашање, за независна демократска Македонија. Организацијата го актуализирала македонското прашање пред владите на големите сили,[222] и на Парискатa мировна конференција, за создавање на слободна и независна Македонија под покровителство на големите сили, САД или ООН.

Централниот комитет изготвува Манифест до Мировната Конференција во Париз, со кој се бара Македонија да не влезе во југословенската федерација, туку да добие статус на автономна држава. Потписници на манифестот се седум членови на ЦК на ВМРО.

По проширувањето на ВМРО со нови членови, властите ја откриваат организацијата и преземаат чекори за што помасовно разоткривање и апсење на нејзините членови. Судскиот процес за раководителите на ВМРО се водеше во март 1947 година во Скопје на 13-те члена од ЦК на ВМРО. Процесот го водеше Панта Марина, истиот судија што го водеше процесот против Методија Андонов – Ченто. Процесот беше јавен со голема покриеност во печатот. Со тоа комунистичките власти од една страна сееја страв кон другите ВМРО-ски организации, а од друга страна власта требаше да добие поддршка од народот за пресметка со „државните непријатели."

Обвинетите беа оквалификувани како „непријатели," „соработници со ГЕСТАПО," „терористи" и „шпиуни." Беа обвинети дека со американски агенти сакале да извршат отцепување на НР Македонија и соработувале со Ванчо Михајлов. Вистината е дека тие воопшто не го познавале Ванчо Михајлов, кој живеел во емиграција во Рим.

Коста Терзиев, Васил Иванов, Коста Тренчев, Методи Попов, Никола Попов, Асен Темов се осудени на смрт со стрелање и конфискација на целиот имот, а останатите со високи временски казни со присилна работа.

---

[222] „Подготвиле Повелба која ја дале на белгиската и англиската амбасада во Скопје". (Истото, (сведоштво на Оливера Тренчева))

Врховниот суд во Белград под притисок на ООН и големите сили ги преиначи смртните пресуди на раководителите на ВМРО. Остана само пресудата на д-р Константин Терзиев. Тој е стрелан покрај затворот Идризово на 15 април 1947 година. Времетраењето на затворските казни постепено е намалувано и повеќето од раководителите на ВМРО одлежале од 10 до 12 години строг затвор во Идризово и во други затвори во Југославија.[223]

**ВМРО-СДРМА (Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка)** е создадена март 1946 година во Прилеп и е младинска конспиративна антикомунистичка организација, предводена од Глигор Крстески и неговиот најблизок соработник Костадин Смичкоски. Крајната цел на организацијата е ослободување и обединување на Македонија и нејзино конституирање како самостојна Демократска Република Македонија со граѓанско демократско уредување од западен тип, под протекторат на САД.

Една од причините за формирање на оваа организација е неправедноста на законите на ФНР Југославија, недемократскиот комунистички систем без основни граѓански права, без слобода, без можност за критика, без слобода на личноста, без слобода на зборот, без социјална правда. Организацијата на почетокот е составена од десетина ученици и возрасни поддржувачи симпатизери, а потоа започнува со создавање организациона конспиративна мрежа. Првпат се појавува пред јавноста во јули 1946 година кога во Прилеп нејзини членови испишуваат пароли против СКОЈ-евската организација. Активностите на организацијата се главно од пропаганден карактер. Покрај испишувањето пароли таа растура летоци и дејствува по пат на лични контакти. Организационата мрежа се гради врз систем на мали групи „тројки“, со цел да се обезбеди заштита од апсења и провали. Тој систем ѝ овозможи да изгради

[223] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 206-208.

организациона мрежа и да ја рашири својата дејност во Прилеп, Битола и во повеќето села во Прилепско.

ВМРО-СДРМА имала изготвена програма и правилник односно правила на однесување. Таа сметала дека ќе премине во понапредна фаза на отпор, односно дека ќе презема вооружени акции и ќе извршува атентати. Затоа има и печат со мртовечка глава.[224]

Постоењето на оваа Организација е прекинато со провалата од јуни 1947 година и на 8 септември 1947 година по јавниот судски процес е донесена пресуда против: Глигор Крстески, Костадин Смичковски, Благоја Стојкоски, Александар Ѓоргиевски и Благоја Мрмески за дело против државното и општествено уредување и територијалниот интегритет на Југославија. Организацијата е прогласена за терористичка група на ВМРО на Ванчо Михајлов што се бори против постојното општествено и државно уредување, за отцепување на НР Македонија од Југославија, со странска интервенција под заштита на САД.[225]

Во 1938 година од Трајко Попов и Борислав Градишки е формирана организацијата **Македонско национално движење – Бунт.** Тоа е национална пропагандна група која ја подигнувала македонската национална свест преку идејата на ВМРО, за самостојна, обединета и демократска Македонија. Дејноста на „Бунт" се засилува по ослободувањето на Македонија со конспиративно работење против југословенското решение на македонското национално прашање, против комунистичкиот режим, за демократско уредување од западен тип. Дејноста на Бунт е откриена од властите, и во мај 1945 година нејзините членови: Трајко Попов, Борислав Градишки, Ефтим Гашев, Никола Попов, Милорад (Ратко) Градишки, Милка Цветанова се првите уапсени и судени за идеите на ВМРО во ДФ Македонија.

---

[224] Михајло Миновски, цит. дело, 312.

[225] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, цит. дело, 202.

Лидерот на Бунт, Трајко Попов е осуден на смрт и е стрелан, а Борислав Градишки осуден на 20 години затвор, од кои одлежал 12, Ратко Градишки осуден на 12 години од кои одлежал 9, Ефтим Гашев осуден на 12 години, од кои одлежал 7 години, Никола Попов осуден на 8 години затвор итн.[226]

Сите судени за идеите на ВМРО како прво и основно барање го поставуваат барањето за отцепување на Македонија од Југославија и создавање на самостојна Македонија, што претставува уставно право на југословенските републики. Комунистичката власт не можеше да ги суди за уставно загарантирано право, кое, иако декларативно, сепак стоеше во Уставот на ФНР Југославија од 1946 година. Поради тоа обвинетите се судени за ванчомихајловизам, што дополнително ги навредувало.

## IV 4. АВТОКЕФАЛНОСТ ИЛИ АВТОНОМНОСТ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

### *IV 4. 1. ОСАМОСТОЈУВАЊЕ И БАРАЊЕ АВТОКЕФАЛНОСТ*

Со создавањето поголеми слободни територии по капитулацијата на Италија, во Дебарца под управа на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, започнува средување на верскиот и црковниот живот преку донесување одлука за формирање верско повереинство на 11 октомври 1943 година. Така, командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ Михаило Апостолски на 15 октомври го назначил Вељо Манчевски, свештеник од с. Брошница – Дебарско, за верски референт при Главниот штаб на НОВ и ПОМ. За тоа постојат повеќе причини: придобивање на македонскиот народ и негово масовно приклучување кон НОБ, бидејќи огромното мнозинство од народот е религиозен и патријархално воспитан; заштита на православната црква од туѓите влијанија кои сè уште биле многу силни, односно од српската,

[226] *Жртви на комунизмот,* шеста епизода.

бугарската и албанската православна црква; помасовно придобивање на свештенството, кое делумно и претходно се вклучувало во НОБ.

Верското поверенство во втората половина на октомври 1943 година во с. Издеглавје организирало свештеничко собрание за средување на црковните работи на слободната територија. На собранието учествувале 11 свештеници и 25 претставници на селските НОО.[227] Било избрано архиерејско намесништво за девет парохии, но донесена е и одлука за активно вклучување на свештениците и организирање на материјална помош за НОВ и ПОМ.

Силно е присутна идејата за создавање самостојна православна црква во Македонија повикувајќи се на традицијата на Охридската архиепископија укината 1767 година и нејзино возобновување како Македонска православна црква. Религиозниот македонски народ, борејќи се за своја национална слобода, го отфрла туѓонационалното и туѓојазичното владеење и проповедање во својата македонска црква.

Со одржување на Првото заседание АСНОМ, остварено е историското право на Македонците за формирање на македонската државност. Се отворија можности за сестран политички, економски, национален, културен развој, а со тоа и за самостоен верски развој на македонскиот народ. Во тие рамки продолжи и процесот на црковното осамостојување на православните Македонци, односно борбата за обновување на Охридската архиепископија и ослободување од јурисдикцијата на Српската православна црква.

Уште во неослободено Скопје дошло до самоиницијативно организирање на иницијативна група од некои повидни свештеници (Кирил Стојанов, Никола Апостолски и Методи Гогов). Групата се договорила подготвено да се дочекаат деновите на ослободувањето и да се сочува редот во црквата. Особено од заминувањето на бугарските власти на 9 септември

---

[227] Јован Белчовски, *Историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква,* Скопје 1990, 139.

1944 година до конечното ослободување на Скопје на 13 ноември, групата презела мерки за зачувување на организацијата на црквата во Скопје.[228]

Во октомври 1944 година, во селото Горно Врановци, Велешко, и во неговата поширока околина престојуваат и работат највисоките воени и политички тела и организации на ДФ Македонија, меѓу кои и Президиумот на АСНОМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Тогаш е формиран Иницијативен одбор за организирање на Православната црква во Македонија во состав: Вељо Манчевски, Методи Гогов, Панде Поповски, поп Шаќо и Спиро Дамевски. Сите овие околности водат во насока на формирање посебна национална црква како другите православни цркви. Иницијативниот одбор требало да формира духовни одбори во ослободените градови во Македонија. Веднаш по ослободувањето такви одбори се формирани во Битола и Прилеп.

На самиот ден на ослободувањето на Скопје свештениците Кирил Стојанов и Никола Апостолски веднаш ја отворија зградата на Скопската митрополија и го зачуваа редот во црквата. Воедно ги повикаа и останатите скопски свештеници, а од Горно Врановци дојдоа неколку од членовите на Иницијативниот одбор за организирање на МПЦ. Така, во тоа време во црковните работи во Македонија главниот збор го имале свештениците: Методи Гогов, Кирил Стојанов, Вељо Манчевски и Никола Апостолски.

Иницијативниот одбор презеде подготвителни мерки за избор на делегати за Првиот црковно-народен собор, којшто требаше да ги утврди основите за идната положба на православната црква во Македонија.

По повод божикните празници, на 3 јануари, свештениците Методи Гогов, Никола Апостолски и Кирил Стојанов испратиле писмо до Светиот архијерејски синод на СПЦ во кое го информирале за новата состојба во Македонија на црковен план. Тие нагласиле дека се претставници на Православната црква во Македонија и додале дека остануваат верни на канените на Православната црква. На писмото веднаш одговорил скопскиот

[228] Истото, 140-141.

митрополит Јосиф, при што ги повикал свештениците уште еднаш да размислат за своите ставови, „прашањето да го разгледаат од црковно-правен аспект, а не да се водат од моментно и минливо расположение.“ Светиот архијерејски синод на СПЦ на 22 јануари 1945 година побарал од „самонареченио инцијативен одбор“, како што го нарекле, сите свои молби и преписки да ги испраќа исклучиво преку митрополитот скопски Јосиф, како свој надлежен митрополит.[229]

Без оглед на одговорот од Синодот на СПЦ, Иницијативниот одбор продолжува да презема мерки за избор на делегати за Првиот црковно-народен собор. Подготовките не се лесни, особено контактите со свештенството од внатрешноста, но сепак, подготвени се сите материјали и извештаи за успешно одвивање на соборот. Во овој период постои општа оценка од сите политички и црковни структури во ДФ Македонија и асномската власт, дека треба да се конституира самостојна македонска црква.

За кусо време се избрани делегати и свикан е Првиот македонски црковно-народен собор. Тој се одржува во Скопје, на 4-5 март 1945 година, во салата на Офицерскиот дом со присуство на 300 делегати (свештеници и мирјани).

Соборот го отвори протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник од црквата Св. Константин и Елена во Скопје. Видна и значајна улога во Соборот имаа повеќе македонски општественици, свештеници, интелектуалци и политичари, членови на АСНОМ, Македонската војска и други. На Соборот присуствуваа и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто, претставникот од војската полковник Панче Неделковски, помошник-повереникот за просвета Љубен Лапе и претседателот на Градскиот НОО Лазар Танев.

На Соборот се обрати и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто кој истакнува дека НОБ не се водела со идејата

[229] Борче Илиевски, *Македонско-српските црковни односи 1944-1970,* Скопје 2011, 41.

за борба против православната црква и верата, и дека верниците имаат право на народна црква. Во својата дискусија Методија Андонов – Ченто ја нагласува улогата на народното свештенство во ослободителните борби на македонскиот народ, и заклучва дека македонскиот народ има целосно историско право на своја автокефална црква, бидејќи тој е слободен и како таков може сам да ги решава своите проблеми.

Членот на Иницијативниот одбор, теологот Левко Арсов на Соборот поднесува исцрпен извештај за историското и канонско право на македонскиот народ за своја автокефална православна црква. Историскиот дел на рефератот му го посветува на повеќевековното постоење на автокефалната Светиклиментова охридска архиепископија и на долгогодишните борби на македонскиот народ за нејзина обнова.

На овој црковно-народен собор е донесена резолуција со следните заклучоци:

1. Македонскиот православен народ преку своите делегати од сите духовни центри на Македонија донесува решение да се обнови Охридската архиепископија, како Македонска самостојна црква, која нема да биде потчинета на ниедна друга помесна национална православна црква;

2. Македонскиот православен народ донесува решение за свој епископат и свое народно свештенство кое ќе биде гаранција дека нашиот народ ќе ги зачува карактерните особености и ќе биде поблизок до својата родна црква;

3. Се одлучува првиот македонски епископ на возобновената Охридска архиепископија да ја носи титулата: „архиепископ охридски“, а нашата православна црква да се вика: „Светиклиментова охридска архиепископија“;

4. Избрана делегација да ги посети сите сестрински цркви или писмено да ги извести и да биде толкувана пред нив како таква, за да добие пред нив канонска потврда;

5. По завршувањето на таа работа предлагаме делегација која ќе ги викне на гости епископите на другите православни цркви, а ние да бидеме викнати на Второто заседание за избор на кандидати за наши народни владики, кои ќе бидат хиротонисани од гостите епископи;

6. Првиот меѓу нашите епископи сакаме да биде устоличен на свечен начин во град Охрид, престолот на Охридската архиепископија;

7. Кога ќе се создаде Југословенска православна црква – патријаршија, и нашата Македонска православна црква ќе влезе во нејзиниот состав како и другите православни цркви во Федеративна Југославија.[230]

По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање на православна црква во Македонија со телеграма од 9 март 1945 година го запознал Светиот архијерејски синод на СПЦ за соборските решенија.

Светиот синод на СПЦ, како последен браник на големосрпската хегемонија во Македонија, остро реагира на заклучоците на Црковно-народниот собор, нагласувајќи дека не може да се признае никаква самостојна автокефална црква од страна на божем некој црковно-народен собор и истото се смета како потполно самоволен и неканонски акт. Притоа, СПЦ енергично бара враќање на предвоените архијереи – Срби, на чело со скопскиот митрополит и администратор на Битолско-охридската епархија, Јосиф.

Пролетта 1945 година српските црковни кругови и владиката Јосиф испраќаат во ДФ Македонија свештеници, учители, калуѓерици со одредена цел, без да побараат дозвола од македонските власти, кои и не ги признавале. Ваквите лица шират пропаганда против асномската македонска власт, Иницијативниот одбор за МПЦ и македонските свештеници. Испраќаните „мисионери" на владиката Јосиф, искажуваат негаторски став кон националната посебност на Македонците, при што дури не сакаат да го

[230] Славко Димевски, *Историја на МПЦ,* Скопје 1989, 1029-1030;

споменат ни името на државата – ДФ Македонија. Овие свештени лица се обидуваат без одобрување на властите да престојуваат во Македонија и да вршат богослужба на српски јазик. Ваквото насилничко однесување на „мисионерите" на српската православна црква наидува на отпор кај македонскиот народ и македонските свештеници.[231]

Великосрпскиот хегемонизам во високиот клер на СПЦ од времето на стара Југославија, продолжува и во авнојска Југославија, иако „велика Србија" на двапати е поразена, еднаш во априлската војна 1941 година и уште еднаш со НОБ и создавањето на авнојска Југославија. Светиот архијерејски синод на СПЦ не можеше да се помири со губењето на позициите во Македонија (која тие продолжија да ја нарекуваат Јужна Србија), ниту со создавањето на посебна федерална единица и со сите сили настојуваат да ги вратат своите позиции во македонските епархии. Со такви настојувања Светиот архијерејски синод на СПЦ, под број 1279 и пов. 81, запис. 471 од 22. 09. 1945 година ја донесе следната одлука:

– Не може да се признае никаква самостојна и независна црква во Федерална Македонија, која е прогласена спротивно на волјата и согласноста на Мајката Црква и канонската јерархија во тие краишта, која на прво место е повикана да ја толкува волјата на народот во црковните работи, како фактор кој првенствено се грижи за народот Господен и дава сметка за него;

– Прогласувањето на некаква независна Македонска православна Климентова црква што е извршено во Скопје на 4 март 1945 година од страна божем на некој црковно-народен македонски собор се смета како потполно самоволен и неканонски акт;

– Не признава и осудува секаква акција и работа на самонаречениот Иницијативен одбор за организирање на православна црква во Македонија, кој незаконито ја приграбил црквената управа во тамошните епархии, без знаење и одобрување на нивните законски архијереи презел

[231] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...*, 187-188.

работи кои не спаѓаат во негова надлежност и со тоа го нарушува постојниот црковен поредок и го руши единството на Црквата создавајќи раскол и неред во Црквата;

– Се повикува сето благочестиво свештенство и чествиот православен народ во епархијата Скопска, Злетовско-струмичка и Охридско-битолска да се обрнува на својата законита и канонска јерархија, да се покорува на нивните законити совети и наредби, и во заедница со неа, чиј повраток што поскоро треба да се овозможи, да ги расправува сите свои црковни потреби во тие епархии во духот на канонските прописи.[232]

Паралелно со борбата против великосрпскиот хегемонизам на СПЦ и за своја македонска православна црква, во првите години на авнојска Југославија течеше и воспоставувањето на догмите на комунистичката идеологија, односно воведувањето на атеизмот и изградбата на марксистичката свест во образованието и во свеста на луѓето. Меѓутоа, иако комунизмот го пласираше марксизмот и атеизмот во замена за религијата и со тоа проблемот за православната црква во Македонија го правеше помалку важен, сепак свеста за улогата на црквата во духовниот идентитет на луѓето не беше изгубена. Првата асномска власт во ДФ Македонија не може да се карактеризира како социјалистичка или комунистичка, туку според одлуките кои ги има донесено таа треба да се смета за граѓанско-демократска власт.

## *IV 4. 2. ПОПУШТАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ АВТОНОМНОСТ*

Веќе во 1945 година под притисок на македонската влада на чело со Лазар Колишевски слабее движењето за автокефалност. Еден дел од членовите на раководството на Иницијативниот одбор се најде во немилост на комунистичкото раководство. За претседателот на владата Лазар Колишевски барањето за создавање автокефална македонска црква беше уште една појава на македонскиот сепаратизам. Дури во еден период барањето за автокефалност било оквалификувано како шовинистички акт, а

[232] Славко Димовски, цит. дело, 1032-1033.

водачите на Иницијативниот одбор назначени како приврзаници на Ванчо Михајлов.[233] Барањето за автокефалност сè почесто се заменува со автономност во канонска врска со СПЦ.

Македонското црковно прашање добива нов правец на решавање. Резолуцијата на Првиот црковно-народен собор за властите беше неприфатлива. Од државните и партиските власти доаѓаат изјави дека барањето за автокефалност на Православната црква во Македонија е израз на национален сепаратизам. Дел од свештенството започнува да се изјаснува против одлуките донесени на Соборот во 1945 година. Автономното решавање на македонското црковно прашање стана најприфатливо решение, преку кое се сметаше да се постигне компромис со Српската патријаршија.[234] Доволно беше Православната црква во Македонија да има епископи кои потекнуваа од редовите на македонското свештенство, и во администрацијата да се употребува македонскиот јазик, за да се смета дека се постигнала определена рамноправност.

На почетокот на 1946 година во некои градови започнаа да се одржуваат свештенички собранија, на кои се разгледува состојбата со Православната црква во Македонија и се бара да се организира автономна црква во Македонија под јурисдикција на СПЦ, да се откаже послушност на Иницијативниот одбор и да се поништи резолуцијата од Првиот црковно-народен собор за автокефалност. Ваквите ставови на дел од македонското свештенство произлегуваат од реакцијата на СПЦ и од ставовите на комунистичкото државно раководство на Македонија. Партиските и државните власти во Македонија подготвуваа терен за свикување собрание на кое би се поништила Резолуцијата за автокефалност од Првиот црковно-народен собор.

Соочени со ваквите ставови членовите на Иницијативниот одбор, Кирил Стојанов и Никола Апостолски, на 17 април 1946 година со писмо се

---

[233] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ, 427.59. 69/509-513.

[234] Борче Илиевски, цит. дело, 50.

обратиле до претседателот на Владата на НР Македонија Лазар Колишевски. Во писмото ги изложиле своите погледи во однос на македонското црковно прашање кое влегло во фаза на длабока исполитизираност. Цврсто стоејќи зад одлуките на Првиот црковно-народен собор, ги негирале изјавите за сепаратистички тенденции на одлуките од овој Собор. Свештениците нагласувале дека на Соборот од 1945 година се барало она што претходно, благодарејќи на историските околности, го остварил српскиот народ, а тоа е црковна самостојност, своја црква која би можела да стане членка „во црковен сојуз на Југословенската православна црква". Во писмото е образложено дека е подобро православната црква да се стекне со автокефалност, отколку со автономност, бидејќи Македонија е република, а не автономна област или покраина на некоја република. Со тоа Македонија и во црковен однос со другите југословенски републики треба да биде рамноправна единка.[235]

Партискиот став бил поинаков: Македонската православна црква да биде автономна, а не автокефална. Властите успеваат да издејствуваат свикување свештеничко собрание на кое треба да се поништи резолуцијата за автокефалност.

Свештеничкото собрание започнало на 8 мај 1946 година и на него присуствувале 128 свештеници. Го отворил претседателот на Иницијативниот одбор, свештеникот Кирил Стојанов, кој од името на Иницијативниот одбор ги поздравил гостите, потпретседателот на Народното собрание д-р Павел Шатев и Епоминанда поп Андонов, претседател на Верската комисија при Претседателството на Владата на НР Македонија.

По третата точка од дневниот ред за организирање на Православната црква во Македонија, свештеникот Стоило Давидов поднел реферат со наслов „За правото на македонскиот народ за своја автокефална црква". Тој истакнал дека е грешка да се зборува против Резолуцијата од Црковно-

[235] Борче Илиевски, цит. дело, 53-54.

народниот собор од 4 март 1945 година, нагласувајќи го историското право на црквата во Македонија да биде автокефална. По ова се развила широка дискусија која главно се движела во правец за или против црковна автокефалност. Поделбата на свештенството по ова прашање била целосно видлива. Сепак, добар дел од нив останал на линијата на резолуцијата од Првиот црковно-народен собор.

По искажувањата на делегатите, пред собранието се обратил претседателот на Верската комисија Епоминанда поп Андонов. Тој застапувајќи го партискиот став истакнал дека „автокефалност значи одвоеност, прекинување на секоја врска со СПЦ, затворање во круг во самите во себе, што значи нарушување на братството и единството на југословенските народи“. Пред собранието во името на Верската комисија тој се залага за создавање на автономна црква во Македонија.[236]

По излагањето на официјалниот владин претставник, кој јавно и свртел грб на Резолуцијата од 1945 година, на предлог на некои свештеници се избрало работно тело кое било задолжено да состави нова предлог-резолуција. По подолга дискусија, во која повторно излегле на површина ставовите за и против Резолуцијата од Првиот црковно-народен собор од 1945 година, била усвоена нова резолуција од сите свештеници на ова собрание која гласела:

1. Црквата во НР Македонија да има народни архијереи, народно свештенство и самоуправност во решавањето на сите внатрешни црковно-народни прашања.
2. Владиците да бидат избрани од народот и свештенството.
3. Да се работи на поскоро формирање православна црква во Југославија, во која да влезат сите цркви (од републиките) врз рамноправни начела.
4. Црквите во републиките да се самоуправни во внатрешните црковни прашања, да се раководат од свои народни архијереи, кои ќе бидат

[236] Истото, 56-57.

членови на архијерејскиот собор на црквата во Југославија со еднакви права и задолженија.

5. Секоја црква да има по еден претставник во Синодот на црквата во Југославија.

6. Од претставниците на сите цркви да биде изработен нов устав на црквата во Југославија и усвоен од црковно-народен собор.[237]

Оваа резолуција се разликува во однос на Резолуцијата од Првиот црковно-народен собор, со која се предвидувало создавање автокефална самостојна црква. Новата резолуција предвидувала црквата да има самоуправни права за внатрешните прашања, но да биде во состав на друга црква што би значело симнување на еден степен подолу, односно со црковната терминологија овој статус е познат како автономен. Сепак, македонската црква не требало да биде во состав на Српската, туку во состав на новоформирана Југословенска православна црква. Карактеристично е дека од повеќето учесници на свештеничкото собрание идејата за создавање на Православна црква на Југославија во помала или поголема мера била прифатлива, најверојатно, како замена за автокефалноста која во тој момент немала поддршка од политичките структури. Но, и во оваа резолуција не се отстапува од основните настојувања, црквата во Македонија да го зачува својот национален македонски белег.

По завршувањето на свештеничкото собрание новиот Иницијативен одбор испратил апел до архијереите на СПЦ, а преку нив и до целото српско православно свештенство, да дадат сè од себе да дојде до единство на Православната црква во Југославија и да помогнат за поскоро разрешување на сите созреани и неодложни прашања од црковниот живот. Во спротивно се губи време и црквата место кон напредок ќе оди кон опаѓање. Во апелот се вели дека свештенството и православниот народ во Македонија од

---

[237] Славко Димовски, цит. дело, 1034.

првиот момент кога го поставиле прашањето за својата црковна слобода никогаш во тоа прашање не внеле црковен сепаратизам и шовинизам.[238]

По одржувањето на Свештеничкото собрание, Светиот архијерејски синод на СПЦ на седница одржана на 25 јуни 1946 година ја разгледал резолуцијата донесена на собранието. Било констатирано дека: „состојбата во епархиите на југ од нашата земја не се значајно променети во правец на канонско средување." Затоа било одлучено дека нема потреба да се менува одлуката од септември 1945 година, за што Синодот ги известил надлежните архијереи.[239]

Идејата за создавање Југословенска православна црква, родена во политичките, а не во црковните кругови, ниту тогаш ниту подоцна немала реална основа, и претставувала политичка фикција. Токму во СПЦ особено остро било реагирано против каква било Југословенска православна црква.

Значи, и покрај отстапките на македонското свештенство, Синодот на СПЦ на седницата од 10-23 ноември 1946 година останува тврдо на својот став дека никогаш нема да се откажат од она што го добиле во историјата, барајќи уште еднаш српските епископи и други раководни лица од пред војната да управуваат со епархиите во Македонија.

Таа одлука на Синодот на СПЦ претставува грешка и кусогледост, со што се вкопува во ров од кој не е излезена до денес. Со југословенско решение на црковното прашање ќе имаше корист само СПЦ која ќе ги задржеше позициите од пред војната, а само ќе го сменеше името во Југословенска православна црква. Во Југословенска православна црква јасна ќе беше доминацијата на српското свештенство поради бројноста, поранешната водечка улога и традиција. Македонското политичко и црковно раководство веќе се откажа од автокефалноста на МПЦ, по примерот на откажувањето на политичката самостојност на ДФ Македонија за сметка на југословенството, комунизмот и братството и единството.

---

[238] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, К-1.

[239] Борче Илиевски, цит. дело, 60.

Откажување кое всушност е под притисок, но и доброволно од страна на ЦК на КПМ.

## IV 5. ПРАШАЊЕТО ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА (1945-1946)

На почетокот на 1945 година, во јануари продолжуваат преговорите за создавање на југословенско-бугарска федерација, што е особено важно за обединување на пиринскиот дел на Македонија со ДФ Македонија. Преговорите не течат лесно, двете страни сакаат да дојде до обединување, но имаат сосема спротивен став за начинот на кој би се извело истото. Имено, југословенската страна смета дека Бугарија треба да влезе во југословенската федерација како седма членка на федерацијата. Бугарија смета дека треба да се создаде дуалистичка (двојна) држава, односно да се постигне федерација помеѓу Југославија и Бугарија врз рамноправни начела.[240] Југословенската варијанта за федерација никако не ѝ одговара на Бугарија, која на тој начин би ја жртвувала својата меѓународно призната независност. Бугарската варијанта за федерација никако не ѝ одговара на Југославија бидејќи во дуалистичка држава не само што ќе ја дели власта со една силна Бугарија туку може да дојде до зголемени аспирации на југословенските народи за самостојност и независност. И двете страни декларативно го признавале правото на самоопределување на македонскиот народ и правото на обединување на пиринскиот дел на Македонија со ДФ Македонија. Тоа требало да се постигне всушност со размена на територии. Бугарија требало да и го даде делот на Македонија кој го добила во 1913 година со Букурешкиот мировен договор, а Југославија на Бугарија да ѝ ги врати териториите кои ги добило Кралството СХС со Нејскиот мировен договор во 1919 година.

---

[240] Михајло Миновски, цит. дело, 249-268.

Меѓутоа и едната и другата страна знаеја дека прашањето за обединување може да излезе од обично билатерално прашање и да стане меѓународно, односно во прашањето на обединувањето да се замешаат САД и Велика Британија. По бројните неуспешни нацрт-договори направени од едната и другата страна, Велика Британија кон крајот на јануари 1945 година дипломатски реагира до бугарската влада, дека не би одобрила федерација или конфедерација меѓу Југославија и Бугарија.[241]

Во исто време Молотов, министерот за надворешни работи на СССР повикал по еден делегат од Југославија и Бугарија, за да се разгледа прашањето во врска со југословенско-бугарските преговори за обединување. Но, ставот на СССР бил нерешителен и разговарано е за долгорочната стратегија на односите меѓу Југославија и Бугарија, а првично да се потпише сојуз за пријателство и заемна помош. Интересно е дека се разговарало за решавање на македонското прашање и тоа не како размена на територии туку Македонија да добие „потполна независност како самостојна држава."[242]

Веќе во септември 1945 година за југословенската и бугарската страна станува беспредметно обединувањето на Југославија и Бугарија. Со тоа, прашањето на пиринскиот дел на Македонија стана внатрешна работа на Отечественофронтовска Бугарија.

Пролетта 1945 година југословенското раководство по сугестија на Москва се инволвира во подготвуваната граѓанска војна во Грција. Подготовките се одвиваа во ДФ Македонија, а оружјето доаѓаше од Бугарија. КПГ спротивно на договорот во Варкиза февруари 1945 година се одлучи за вооружена војна со поддршка на СССР, Југославија преку ДФ Македонија и Бугарија. Граѓанската војна, која немаше изгледи да се добие, имаше катастрофални последици за Македонците во егејска Македонија. Претставуваше, сепак, голема надеж за Македонците за целосно решавање

[241] Истото, бел. 1114.

[242] Истото, 257-259.

на македонското национално прашање. Македонското комунистичко раководство по инструкции од Белград активно се вклучи во помагање на КПГ, а за возврат не бараше да му се признае на македонскиот народ во Грција правото на самоопределување. Раководството на КПГ не го измени ставот за македонското прашање и на македонскиот народ во егејска Македонија не му го признаваше правото на самоопределување, туку само одредени културни и национални права во рамките на Грција.

Кон крајот на април 1945 година беше организирана македонска национална организација Народноослободителен фронт (НОФ).[243] Според Михајло Миновски[244] и Ристо Кирјазовски[245] организацијата е создадена и раководена од потесното раководство на КПМ за целото време на нејзиното постоење. НОФ постави задачи на дејствување, а во септември 1945 година и оперативна програма според која НОФ се бореше за национални и социјални права во рамките на идна комунистичка Грција, а не за правото на самоопределување.

Со ова паѓа во вода теоријата на пројугословенската политичка струја и социјалистичката историографија дека во јануари 1945 година немало меѓународни услови за борба во егејска Македонија под паролата „на Солун", и ако се тргнело во таков поход наводно ќе сме ја изгубеле ДФ Македонија. Какви меѓународни услови се создадоа потоа за мешање во граѓанската војна во Грција. Се разбира, меѓународните услови беа далеку полоши, а не подобри. Втората светска војна беше завршена, Грција припадна во британската сфера на влијание и беше потпишан договорот во Варкиза. Секако има нешто зедничко, и во двата случаи. Се внимаваше што

---

[243] Раководното тело на НОФ се нарекуваше Главен одбор на НОФ во состав: Паскал Митревски-политички секретар, Ѓорги – Џоџо Урдов, Михајло Керамитчиев, Атанас Коровешов и Минчо Фотев. (Ташко Мамуровски, *Македонците во Егејска Македонија (1945-1946),* Скопје 1995, 120.)

[244] Михајло Миновски, цит. дело, 270-271.

[245] Ристо Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна,* Скопје 1996, 3.

ќе каже Белград. Во јануари 1945 година имаше наредба за учество на Сремски фронт, а пролетта 1945 инструкции за мешање во граѓанската војна во Грција. А за КПМ комунистичката кауза беше поважна од националната.

Со договорот помеѓу Јосип Броз – Тито и лидерот на КПГ Никос Захаријадис од 2 април 1945 година, за поддршка и помош на оружената борба во Грција, македонското партиско раководство е задолжено да нареди на македонската национална организација НОФ, која дејствува во егејска Македонија, да се стави под раководство на КПГ.[246] Практичната реализација на договорот се случила есента 1946 година. Претставник од НОФ во преговорите е Паскал Митревски, кој е задолжен за спроведување на договорот. Секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски им издаде директива на НОФ дека КПГ сега е нивниот раководител и да имаат доверба во неа, и покрај тоа што во тој момент НОФ е поорганизиран и помасовен од движењето на КПГ. Според Колишевски секој отпор кон овие директиви ќе се сметал за „шовинизам и сепаратизам."[247] Во потполност можеме да се согласиме со Михајло Миновски, кој овој чин го смета за национално предавство на македонското комунистичко раководство.[248] Во интерес на комунистичкиот интернационализам сосем се газеа македонските национални чувства, и се служеше на туѓа национална политика која многупати во историјата, и пред тоа, и потоа, донесе репресија преку геноцид и истребување на македонската нација од овој дел на Македонија.

Во овој период (1945-1946 година) меѓу политичко активните Македонци се издефинираа три тенденции:

1. Тенденција за задржување на статус кво и отфрлање на потребата за обединување на Македонија, присутна кај комунистичкото раководство;

---

[246] Ристо Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949),* Скопје 1995, 11.

[247] Истото, 29.

[248] Михајло Миновски, цит. дело, бел. 1555.

2. Тенденција за обединување на Македонија во рамките на Југославија, присутна кај опонентската политичка струја во македонското раководство;

3. Тенденција за самостојна и обединета Македонија под протекторат на некоја западна сила, присутна кај конспиративната нелегална опозиција во Македонија.

Димитар Влахов интегралното решавање на македонското прашање го покренува во Сојузното собрание на ФНР Југославија на 18 јануари 1946 година. Но, освен говорот на Влахов, воопшто не се поведува расправа во Собранието.

Киро Глигоров во јуни 1946 година пишува прилог во два дела на 22 страни насловен „Македонија како економска целина."[249] Глигоров во прилогот обединувањето на Македонија го прикажува од исклучително значење за развитокот на Македонија и регионот. Постигнувањето на економското единство на Македонија, Глигоров смета дека ќе доведе до комуникациско поврзување на Македонија, Југославија и Подунавјето преку природниот излез – пристаништето во Солун, кое ако остане во рамките на Грција, ќе остане периферно пристаниште од трета категорија.[250] Интересно е дека Глигоров овој прилог не го споменува во своите мемоари.[251]

Во 1946 година прашањето за обединување на Македонија, и покрај неповолниот однос на комунистичката власт кон ова прашање, сè уште беше актуелно. Причината за тоа е одржувањето на Париската мировна конференција (29 јули – 15 октомври), која претставуваше последна надеж на македонските родољуби за целосно решавање на македонското национално прашање. Меѓутоа, југословенското државно раководство не

[249] ДАРМ, фонд Димитар Влахов, К-20, 1946.

[250] Истото.

[251] Киро Глигоров, цит. дело.

покажуваше намера за поставување на македонското прашање на Париската мировна конференција.

Во текот на Париската мировна конференција Бугарија прави одличен дипломатски тактички потег. Имено, на 17 август 1946 година Георги Димитров со писмо ги извести ЦК на КПЈ, дека ЦК на БРП (к) донесе решение со кое се признава националното и државно организирање на македонскиот народ во НР Македонија во рамките на ФНР Југославија и дека претстои обединување на останатите делови од македонскиот народ со НР Македонија.[252] Но сето тоа се условуваше со:

– Потпишување на договор за сојуз помеѓу Југославија и Бугарија;

– Враќање на „западните покраини" на Бугарија, кои Кралството СХС ги добило со Нејскиот мировен договор по Првата светска војна;

– Отстранување на граничната линија помеѓу Македонија и Бугарија.

Нешто пред тоа, исто на Париската мировна конференција, Грција бара стратегиска корекција на границата со Бугарија и Албанија во длабочина од цели 60 км. Со ова барање всушност поголемиот дел од пиринскиот дел на Македонија требало да ѝ припадне на Грција. Бугарија ќе ја добие безрезервната поддршка од Југославија на Париската конференција против територијалните аспирации на Грција.

Како член на југословенската делегација во Париз, Моша Пијаде категорички се спротивставува на територијалните аспирации на Грција кон Бугарија. Тој покажа посебен интерес за пиринскиот дел од Македонија да се заштити од грчките претензии, но не го постави македонското прашање на Мировната конференција, туку тоа е актуализирано од Грција. И во услови на арогантниот и предизвикувачки став на грчката страна, во поглед на аргументите за територијалните претензии, за наводниот стеснат животен простор на грчкиот народ и недостигот од обработливо земјиште

---

[252] Михајло Миновски, цит. дело, 345-346.

во Грција, југословенската делегација не го постави македонското прашање, иако ги имаше сите потребни релевантни аргументи. Дури и македонскиот претставник во југословенската делегација Димитар Влахов, и покрај претходните јавно искажани ставови за целосно решавање на македонското прашање, ќе остане лојален на југословенското државно раководство. Тој ја обвини Грција за територијални претензии кон НР Македонија, изнесе податоци за теророт и денационализацијата на грчкиот режим врз македонскиот народ, и побара граѓански и малцински права за Македонците во Грција.[253]

Југославија имаше радикално различен став и пристап за територијалното проширување на Југославија кон запад и целосно решавање на словенечкото и хрватското национално прашање на истата таа Мировна конференција, поточно за прашањето на границите со Италија и Австрија.

Комунистите вешто го избегнуваа и со одредена доза на присила спречуваа дискусија за обединувањето на Македонија. На македонското Уставотворното собрание, и покрај сугестиите и спречувањето од комунистичкото раководство да се отвори прашањето за обединување, Александар Мартулков[254] – народен пратеник, го покрена прашањето за обединување на Македонија пред пратениците на Уставотворното собрание.[255]

---

253 Истото, 346-352.

254 Александар (Алексо) Мартулков е роден во Велес во 1878 година, и е еден од основачите на првата социјалистичка група во 1895 година. Активно учествувал во револуционерниот илинденски период и учествува во борбите против туѓите пропаганди во Македонија. Во Втората светска војна учествува во антифашистичкото движење во Бугарија, поради што во 1943 година е затворен. Во 1944 година се враќа во Македонија и е кооптиран за член на АСНОМ. Носител е на Илинденска споменица.

255 Михајло Миновски, цит. дело, (документ, Говорот на Александар Мартулков за прашањето за обединување на Македонија 1946 година во Уставотворното собрание за донесување Устав на НРМ), 329-330.

Мартулков бара на заседанието на Уставотворното собрание да се поведе расправа за проект-уставот на Бугарија, кој се разгледуваше тогаш во бугарското уставотворно собрание. Тој инсистираше македонското Уставотворното собрание да усвои заклучок со кој ќе се бара отечественофронтовска Бугарија јасно да го одреди својот став кон македонското национално прашање, односно за прашањето за обединувањето на пиринскиот дел од Македонија со македонската држава. Со интервенција на комунистичкото раководство по говорот на Мартулков нема расправа и истиот е забранет да се печати.[256] И покрај забраната, БРП (к) дошла до говорот на Мартулков и лично Димитров протестирал кај Јосип Броз – Тито. Македонското раководство го обвинува Павел Шатев за предавањето на говорот на Бугарите на средбата со нивната делегација во Белград на Сеславјански конгрес.[257]

## IV 6. УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1946)

На 31 јануари 1946 година е донесен Уставот на Федеративна Народна Република Југославија (ФНР Југославија). ФНР Југославија се прогласи за федеративна држава со републикански облик. Со донесувањето на Уставот голем дел од суверенитетот на југословенските народи е префрлен во единствен неделив суверенитет на Југославија. Во првиот член на Уставот е нагласено дека се работи за заедница на рамноправни народи, декларативно спомнувајќи го нивното право на самоопределување со право на отцепување.

Но, во Проект-уставот овие права биле намерно изоставени. Затоа претседателот на ДФ Македонија Методија Андонов – Ченто се застапуваше за поголема самостојност, која ќе биде уставно загарантирана.

---

[256] Истото, (документ, Извештај на Колишевски до ЦК КПЈ за забрана за објавување на говорот на Мартулков во Уставотворното собрание и односот кон Шатев), 331-332.

[257] Поглавје 2 од истата глава.

Во постапката на донесувањето на Уставот на Југославија, Методија Андонов – Ченто поднесе амандман на член 1 на Проект-уставот, со којшто правото на обединување на републиките во југословенската федеративна држава се дополнуваше и со „право на Републиките на отцепување."[258] Тоа предизвика жестока реакција во Собранието со квалификации дека се работи за загрозување на интегритетот на Југославија и загрозување на основните придобивки на НОБ. Притоа Лазар Колишевски и Методија Андонов – Ченто отишле на состанок со Едвард Кардељ, каде што Методија Андонов – Ченто изричито барал правото на самоопределување до отцепување да се внесе во Уставот на ФНР Југославија. Покрај Методија Андонов – Ченто, и некои југословенски граѓански партии барале ова право да се внесе во Уставот.[259]

Со Уставот ФНР Југославија стана централизирана унитарна држава со надреденост на органите на централната власт над органите на федералните единици. Следуваше донесување на уставите на федералните единици што беше прашање на форма, бидејќи според југословенскиот устав, уставите на републиките мора да се во согласност со Уставот на ФНР Југославија.

Највисокото партиско раководство успеа во намерата да изгради силна сојузна држава, односно конституирање на државен централистички систем.[260] Сите крупни одлуки ги донесуваат мал круг на луѓе, односно Политбирото на ЦК на КПЈ. Со Уставот и дефинитивно се создава сојузна држава со федерални единици, а не сојуз на држави.

Во годините на конституирањето доста актуелно е прашањето за воспоставување граници меѓу федералните единици. Се разграничуваа териториите меѓу одделни републики и со тоа и меѓу Македонија и

---

[258] Стојан Ристески, цит. дело, 62.

[259] *Жртви на комунизмот,* документарна серија, трета епизода (сведоштво на Крсте Црвенковски), Скопје 2011.

[260] Виолета Ачкоска, *Братството и единството...,* 45-51.

Србија.[261] Разграничувањето се одвивало со барања на Србија за исправки на границата во нејзина полза и отстапки од Македонија. На 21 ноември 1945 година Владата на ДФ Македонија донесува Уредба за определување на бројот на околиите со која се изоставаат градовите Качаник, Бујановац, Прешево и Трговиште. Тоа значеше прекројување на северната граница, по кое и манастирот Св. Прохор Пчински, каде е создадена ДФ Македонија, остана надвор од неа.[262]

Српската влада брзаше да анектира дел од македонската територија пред да биде донесен Уставот на Македонија. Согласност за тоа даде ЦК на КПМ, кој иако ненадлежен, расправа за границата на 10 септември 1946 година, кога ја прогласува границата со Србија за административна и ги прави отстапките кон српската влада.[263] Не само што Св. Прохор Пчински веќе не беше дел од Македонија, туку границата се помести јужно од Качаник на половина пат, меѓу Качаник и Скопје, главниот град на ДФ Македонија, што воено-стратешки претставуваше многу лошо решение за Македонија.

На 23 јули 1946 година Владата формира шестчлена уставна комисија за изработка на Устав на Народна Република Македонија, во којашто се именувани: Неџат Аголи – претседател, Благој Поповски – секретар, Кирил Миљовски, Васил Калајџиски, Атанас Атанасиев и Перо Коробар. До октомври 1946 година веќе е подготвен текстот на уставот како Проект-устав.

Интересно е дека одлуката кога да се свика Уставотворното собрание ја носи ЦК на КПМ на 17 октомври 1946 година. Воедно утврден е составот на Президиумот на Собранието, и тоа: Богоја Фотев – претседател, Павел Шатев – прв потпретседател и Борче Наумовски – секретар. Исто така

---

[261] Истото, 208-218.

[262] Истото, 210.

[263] Истото, 212.

посебно е одреден претседател на Собранието, а тоа е д-р Борис Спирковски, и секретар Владо Малески.[264]

Како што било одлучено на ЦК, заседанието на Уставотворното собрание започнува на 1 ноември со читање на Указот за свикување на Собранието од претседателот Богоја Фотев.

По два месеци заседавање, на 31 декември 1946 година Уставотворното собрание на неговото II редовно заседание на VII седница едногласно од сите присутни 158 пратеници[265] го прогласи донесувањето на Уставот на Народна Република Македонија.[266] Македонската национална држава заврши со своето конституирање не како самостојна држава, туку како федерална единица на ФНР Југославија.

Уставот на НР Македонија е во целосна согласност со Уставот на ФНР Југославија. Во НР Македонија важат Уставот на ФНР Југославија и сојузните закони, а дури потоа Уставот на НР Македонија и законите на НР Македонија, кои треба да се целосно усогласени со федеративните. Како уставна категорија е внесено дека Владата на ФНР Југославија може да именува свои ополномоштени лица при министерствата во Владата на НР Македонија, кои имаат советодавен карактер.[267] Со тоа се контролираше работата на Владата на НР Македонија.

Во Уставот е вклучено правото на самоопределување, заедно со правото на отцепување, но тоа има декларативен карактер. Конституирањето, односно донесувањето на Уставите на народните југословенски републики е по конституирањето на ФНР Југославија.

---

[264] ДАРМ, фонд ЦК КПМ, 1.427. 1. 16/18, 1946.

[265] Голем е бројот на отсутни пратеници, вкупно 34. Прогласувањето на Уставот бил дочекан со долг громогласен аплауз со извикување на пароли „Да живее Уставот на НР Македонија", „Да живее другарот Тито", „Тито-Лазо" (www.slvesnik.com.mk, Записник од II редовно заседание на VII седница на Уставотворно собрание на НР Македонија, 3/III, 1947.)

[266] www.slvesnik.com.mk, Устав на Народна Република Македонија, 1/III, 1947.

[267] Истото, членови 80-88.

Требало прво да е конституирањето на републиките, па доброволно да се пренесе со републичките устави дел од суверенитетот, од републиките на федерацијата. Но, федерацијата со својот устав ја определи уставната положба на НР Македонија и останатите југословенски народни републики. Со тоа ФНР Југославија не имплицираше договорен карактер на заедничката држава.

Со Уставот на НР Македонија битно се отстапи од асномските определби при конституирањето на македонската национална држава. Македонија изгуби голем дел од самостојноста и суверенитетот, а целосното решавање на македонското национално прашање воопшто не е поставено како предмет на разгледување, и спречена е секаква дискусија за тоа, а не уште да добие некакво уставно регулирање.

# ЗАКЛУЧОК

Македонското националноослободително движење под силното влијание на илинденската традиција ја увиде историската шанса во Втората светска војна, борејќи се на страната на антихитлеровата коалиција, да дојде до национално ослободување и создавање македонска држава. Во првите години на НОБ носител на македонското националноослободително движење е ПК на КПЈ за Македонија и претставува целосно автономно националноослободително движење. ЦК на КПЈ не можеше да прифати автономно македонско движење, бидејќи без него немаше легитимитет за возобновување на версајска Југославија со републиканско и федеративно уредување. Затоа со повеќе интервенции се обидуваше да го стави македонското националноослободително движење под свое раководство и да го насочува кон ослободување само на вардарскиот дел на Македонија, односно само на делот на Македонија под версајска Југославија.

Југословенското комунистичко раководство успеа сериозно да ја загрози автономноста на македонското националноослободително движење од почетокот на НОБ, и со интервенции и притисоци да ја преземе контролата врз него. Тоа се правеше преку комунистичката партиска организација и нејзината хиерархија. Затоа приврзаниците на југословенската линија се комунисти, а приврзаниците на македонската линија се некомунисти – граѓанска интелигенција или поранешни членови на ВМРО (обединета). Секако дека имало исклучоци во ваквата поделба. Но, комунистичкото движење, сепак е носител на НОБ, па доаѓа до приклучување, зачленување на македонските интелектуалци со граѓанско-демократски и национални сфаќања кон КПМ. Судирот на различните идеи и концепции доаѓа до израз во втората половина на 1943 и во 1944 година, во непосредните подготовки за свикување на државотворно собрание и создавање национална држава на македонскиот народ.

Со конституирањето на македонската национална држава, промакедонската демократска политичка струја, поради својот интелектуален капацитет, успеа да се наметне над македонското партиско раководство. Со тоа Македонија се конституира во демократско-граѓанска држава како федерална единка на авнојска Југославија, целосно прифаќајќи го принципот на самоопределување до отцепување. Делувајќи целосно самостојно, асномската власт ја насочи својата политика кон економско зацврстување на земјата и нејзино доконституирање, но и кон изнаоѓање начини за дообслободување и обединување на Македонија.

Во годините 1945 и 1946 доаѓа до финална пресметка меѓу двете политички струи во македонското раководство. Едната,ројугословенска, предводена прво од немакедонец – Светозар Вукмановиќ – Темпо, потоа од Лазар Колишевски, со недостаток на интелектуален капацитет, определена за интегрална Југославија со федерална Македонија (со ограничена државност), за градење социјалистичко колективистичко општество и диктатура на работничката класа (пролетеријатот). Втората, промакедонска, интелектуална политичка струја со граѓанска идеологија, која се застапуваше за самостојна суверена македонска држава (обединета Македонија), граѓанско демократско општество (засновано на приватната сопственост како негов фундамент), во Југославија или некоја друга федерација, уредена како договорна заедница на соединети самостојни држави. Вторава политичка струја имаше голема поддршка од македонскиот народ и од сите демократи и прогресивни сили во сите делови на Македонија. Комунистите со својата пропаганда и идеологија исто така имаа свои приврзаници. Всушност, искрените комунисти се бореа за демократски и праведен државен систем со поголеми човекови права, но не знаеја дека тој систем ќе застрани во тоталитаризам и диктатура со системско скратени граѓанско-политички човекови права, што ќе се покрива со издигнување на социјалните права. Пројугословенската политичка струја со интервенција на Белград ја ликвидира промакедонската политичка струја, односно асномската власт, заслужна за конституирањето на

македонската национална држава. Воедно е ликвидиран и дел од нелегалната опозиција. Нелегалната опозиција сметаше дека комунистичката власт прави национално предавство, што не е далеку од вистината.

Комунистичката власт ќе создаде еднопартиски тоталитаризам и диктатура, комунистичка транзиција, непазарни економски мерки според советскиот модел, проследени со страотен суров систем на репресија. Носители на власта беа многу мал круг на луѓе во ЦК на КПЈ и ЦК на КПМ кои ги носеа најбитните одлуки во државата, суспендирајќи ги на тој начин Уставите и законите на ФНР Југославија и НР Македонија.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ

### А) НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**Фондови на Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ), Скопје**

АСНОМ

ПК КПМ

ЦК КПМ

ЦК КПМ/СКМ

ЦК КПЈ

ЦК СКОЈ

НОБ

Собрание на НРМ/СРМ

Претседателство на Владата на НРМ

Димитар Влахов

Републичка комисија за односи со верските заедници

**Фондови на Документираното одделение на ИНИ**

Весници на партиските организации (1940/41-1944)

Методија Андонов – Ченто

**Фондови на МВР**

Павел Шатев

**Фондови на МАНУ**

Лазар Колишевски

## Б) ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

АСНОМ Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1 и 2, Скопје, 1984.

АСНОМ Документи од работата на поверенствата и на други органи на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание, том I, книга 5, Скопје, 1994.

АСНОМ Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ, том I, книга 3, Скопје, 1987.

Афтокефалноста на Македонската православна црква, документи, Скопје 2004.

Влахов Димитар, Одбрани говори и статии, 1924-1947, Скопје 1948.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, книга 2, Скопје 1981.

Зборник на документи АСНОМ 1944-1964, Скопје 1964.

Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945, I, кн. 1-7, Документи на КПЈ и КПМ 1941-1945, Скопје 1968-1983.

Марковски Венко, Остров на смртта, Скопје 2009.

Методија Андонов – Ченто, Документи и материјали, ред. М. Димитријевски, З. Тодоровски, Р. Бунтевски-Бунте, Скопје 2002.

Настаните на Скопското кале на 7 јануари 1945 година, документи, Скопје 1997.

Од признавање до негирање – Статии, говори, документи, Скопје 1970.

Поповски Владо, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, дел 2, Скопје 1999.

Првата влада на Македонија, документи, том I, книга 1, Скопје 1995.

Президиум на АСНОМ-записници, Скопје 1994.

## В) СПИСАНИЈА, ВЕСНИЦИ, ТВ ЕМИСИИ И ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

Жртви на комунизмот, документарана серија, 1-6 епизода, (автори: Ачкоска Виолета, Нинчовска Мирјана, Жежов Никола), Скопје 2011.

Весник на МПЦ

Илинденски пат, I, 1-8, 1944.

Нова Македонија 1944-1946.

Службен весник на НРМ, 1946-1947 (www.slvesnik.com.mk)

# II ЛИТЕРАТУРА

## МОНОГРАФИИ И ЗБОРНИЦИ НА ТРУДОВИ

АСНОМ – педесет години македонска држава, (зборник), Скопје 1995.

АСНОМ во создавањето на државноста на македонскиот народ, (зборник), Скопје 1987.

Ацева Вера, Писмо до Светозар Вукмановиќ – Темпо, Скопје 1991.

Ачковска Виолета, Македонија во југословенската федерација 1943-1991, (хронологија), Скопје 2001.

Ачкоска Виолета, Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1944-1953, Скопје 1998.

Ачкоска Виолета, Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонијата и дисхармнијата, Скопје 2003.

Ачкоска Виолета, Жежов Никола, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје 2005.

Ачкоска Виолета, Лекции од современата македонска држава (1944-1991), Скопје 2011.

Белчовски Јован, Историските основи за автокефалноста на МПЦ, Скопје 1990.

Берзовски Велимир, Ослободителната војна во Македонија во 1943 година на територијата на СР Македонија, Скопје 1971.

Брашнаров Панко, живот и дело (1883-1951), Велес 1991.

Бунтевски Ристо, Методија Андонов – Ченто, македонски народен трибун, Скопје 2002.

Велјановски Новица, Државноправниот развој на Македонија, Скопје 1992.

Вукмановић Светозар – Темпо, Револуција која тече, Београд 1971.

Гашев Ефтим, Нашата кауза, Скопје 1995.

Гигов Страхил, Сеќавања, Скопје 1975.

Глигоров Киро, Македонија е сè што имаме, Скопје 2002.

Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989.

Златна книга 100 години ВМРО, Скопје 1993.

Ивановски Владо, Ослободителната војна во западна Македонија 1941-1944, Скопје 1973.

Ивановски Владо, Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ, Скопје 1983.

Илиевски Борче, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Скопје 2011.

Илиевски Доне, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1972.

Илиевски Доне, Смислата на некои отпори против автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1970.

Историја на македонскиот народ, том петти, Скопје 2003.

Јотевски Васил, Националната афирмација на Македонците во пиринскиот дел на Македонија 1944-1948, Скопје 1996.

Катарџиев Иван, Соседите и македонија вчера – денес – утре, Скопје 1998.

Катарџиев Иван, Сто години од формирањето на ВМРО – сто години револуционерна традиција, Скопје 1993.

Кирјазовски Ристо, Македонските национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1961), Скопје 1987.

Кирјазовски Ристо, Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949), Скопје 1995.

Кирјазовски Ристо, Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна, Скопје 1996.

Кљакиќ Драган, Времето на Колишевски, Скопје 1994.

Колишевски Лазар, Аспекти на македонското национално прашање, Скопје 1962.

Коцевски Тодор, Павел Поцев Шатев 1882-1951 год. (хронологија), Кратово 2011.

Крстески Глигор, Отпори и прогони 1945-1950, Скопје 1995.

Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, (зборник), Скопје 1995.

Македонски историски речник, Скопје 2000.

Мамуровски Ташко, Македонците во Егејска Македонија (1945-1946), Скопје 1995.

Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), (зборник), Скопје 2007.

Миновски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), Скопје 2000.

Михајлов Миле, Прашањето за обединувањето на Македонците во Втората светска војна 1941-1945, Скопје 2000.

Мојсов Лазар, БРП (к) и македонското национално прашање, Скопје 1978.

Павел Шатев време – живот – дело (1882-1991), (зборник), Скопје 1996.

Периќ Миодраг, Историско-правните аспекти во односите меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје 1998.

Петре Пирузе – Мајски време – живот – дело (1907-1980), Скопје 1997.

Радић Радмила, Држава и верске заједнице (1945-1970), I, Београд 2002.

Ристески Стојан, Судени за Македонија (1945-1985), Скопје 1993.

Слијепчевић Ђоко, Питање Македонске православне цркве у Југославији, Минхен 1959.

Танаскова Фиданка, Методија Андонов – Ченто, Скопје 1990.

Требст Стефан, Бугарско-југословенската контраверза за Македонија, 1967-1982, Скопје 1997.

Црвенковски Крсте, Милосавлевски Славко, Нашиот поглед за времето на Колишевски, Скопје, 1996.

Чакарјаневски Ѓорѓи, Главниот штаб на НОВ и ПОМ и државноста на Македонија, Скопје 2001.

Ченто – човек, револуционер, државник, зборник од материјали од тркалезната маса одржана на 26.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993.

Ченто и македонската државност, (зборник), Скопје 2004.

Чепреганов Тодор, Велика Британија и македонското национално прашање 1944-1948, Скопје 1997.

Barker Elisabeth, Britanska politika na Balkanu u drugom svetskom ratu, Zagreb 1978.

Nešović Slobodan, Yugoslav-Bulgarians Relations (1941-1945), Skopje 1979.

Petranović Branko, Balkanska federacija 1943-1948, Beograd 1991.

Vukmanović Svetozar – Tempo, Borba za Balkan, Zagreb 1981.

## СТАТИИ И ПРИЛОЗИ

Андонов – Ченто Методија, Пред свикувањето на народното собрание, Илинденски пат, I/1, 1944.

Апостоловски Михајло, Воено-стратегиските импликации на Првото заседание на АСНОМ 1944 година, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Апостоловски Михајло, Македонската војска, Историја VII/2, Скопје 1971.

Апостоловски Михајло, Одлуките на АВНОЈ реализација на целите на вековната борба на македонскиот народ, Историја XX/1, Скопје 1984.

Ачковска Виолета, Местото и улогата на владите на Македонија – некои аспекти од нивното конституирање и работа 1945-1995 година, ГИНИ 39/1-2, Скопје 1995.

Ачкоска Виолета, АСНОМ и проблемот на бившите колонисти во Федерална Македонија, зб. АСНОМ – педесет години македонска држава 1944 - 1994, Скопје 1995.

Ачкоска Виолета, Колонизацијата и колонистите во Македонија 1945-1948, ГИНИ 40/2, Скопје 2004.

Ачкоска Виолета, Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ – Темпо, зб. Кузман Јосифовски – Питу, време – живот – дело, Скопје 1995.

Ачкоска Виолета, Македонија во југословенската федерација 1944-1953 низ призмата на меѓунационалните и меѓуетничките односи, зб. Македонската национална свест – корените, развитокот и афирмацијата, Делчево 2002.

Ачкоска Виолета, Македонскиот народ и малцинствата во асномските документи и во независна Република Македонија – од Ченто до Рамковиот договор (1944-2001). – Ченто и македонската државност, Скопје 2004.

Ачкоска Виолета, Методолошки пристап кон елаборирање на велешкиот случај од 15 јануари 1945 година, Сп. Велес, Друштво за наука и уметност Велес, год. IX/10.

Ачкоска Виолета, Политиката и историјата 1944-1998, зб. Македонската историска наука, достигнувања и проблеми, Скопје 2000.

Ачкоска Виолета, Политичките прилики за време на формирањето на првата Народна влада на Македонија, Годишен зборник на филозофскиот факултет, книга 59, Скопје, 2006.

Ачкоска Виолета, Современата македонска држава (1944-1991) некои политички појави, процеси и противречности. – Прилози за Илинден XI, Крушево 2003.

Берзовски Велимир, Некои аспекти и моменти во врска со издавањето на Манифестот на Главниот штаб, зб. Развитокот на државноста на македонскиот народ, Скопје 1966.

Бунтевски Ристо, Политичките ставови за решавање на македонското национално прашање на Методија Андонов – Ченто, (Ченто – човек, револуционер, државник) зб. од материјали од тркалезната маса одржана на 26.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993.

Бунтевски Ристо, Програмските начела на ПК на КП во Македонија на Методија Шаторов – Шарло во корелација со националната програма на МНЛД, зб. Македонското научнолитературно другарство и неговиот континуитет до основањето на македонската академија на науките и уметностите, Скопје 1997.

Бунтески – Бунте Ристе, Кузман Јосифовски – Питу и неговиот однос кон надворешните политички влијанија во Македонија, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело (1915-1944), Скопје 1995.

Бунтески – Бунте Ристо, Методија Шаторов – Шарло неговата национална програма и политиката на балканските комунистички партии, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Велјановски Новица, Историското значење на Првото заседание на АСНОМ, Историја XXX/1-2, Скопје 1994.

Велјановски Новица, Отстапувањето од решенијата на АСНОМ и централизирање на југословенската федерација, зб. Македонците и Словенците во Југославија, Скопје-Љубљана 1999.

Велјановски Новица, Погледите на Кузман Јосифовски – Питу за прашањата во врска со создавањето на македонската држава (1941-1944), зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Велјановски Новица, Степенот на реализација на решенијата на АСНОМ, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Весковиќ – Вангели Вера, Илинденската традиција – фактор во формирањето на личноста на Кузман Јосифовски – Питу, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Весковиќ – Вангели Вера, Некои специфичности на народноослободителната војна во Македонија 1941-1945, зб. Македонците и Словенците во Југославија, Скопје-Љубљана 1999.

Георгиевски Кузман, Последните години од животот на македонскиот револуционер Методија Шаторов – Шарло (1897-1944), зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Дамјановски Ристо, Народноослободителната војска – конститутивен елемент на македонската држава и темел на нејзините вооружени сили, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Димитриевски Марјан, Развојот на воената организација во Македонија во 1944-1945 година, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Димовски Наум, Кузман Јосифовски – Питу за континуитетот на националноослободителната борба на македонскиот народ, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Зографски Данчо, Историското значење на АСНОМ, Историја XX/1, Скопје 1984.

Зографски Данчо, Кузман Јосифовски за економско-социјалните проблеми, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Зографски Данчо, Тито и македонското прашање во пресвртната деценија 1934-1944, зб. Прогресивната мисла за македонското прашање и барањата за самоопределување (1878-1945), Делчево 1988.

Ивановски Владо, 1943 во Македонија слободна територија – Дебарца и Петре Пирузе – Мајски, зб. Петре Пирузе – Мајски време – живот – дело (1907-1980), Скопје 1997.

Ивановски Владо, Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Кузман Јосифовски-Питу, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Ивановски Владо, Методиј Шаторов – Шарло и Македонија 1941, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Ивановски Владо, Методија Андонов – Ченто човек – борец – државник, (Ченто – човек, революционер, државник) зб. Од материјали од тркалезната маса одржана на 26.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993.

Ивановски Владо, Сојузниците и македонското прашање 1941-1945, ГИНИ, Скопје 2005.

Илиќ Војислав, Отечествениот фронт на Бугарија спрема самоопределувањето на Македонците 1943-1944 година, зб. Борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринска и Егејска Македонија, Делчево 1986.

Киселиновски Стојан, Методија Шаторов – Шарло и македонското револуционерно движење, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Кирјазовски Ристо, Од извештаиите на Андреас Џимас претставник на ПЕЕА и ЕЛАС во ВШ на НОВ и ПО на Југославија, Историја XXVIII/1-2, Скопје 1992.

Куцулова Галена, Националноослободителната борба во вардарскиот дел од Македонија (од 1941 до 1944 година), Сто години ВМРО – златна книга, Скопје 1993.

Лазаров Лазар, Големите сили и обединувањето на Македонците кон крајот и по Втората светска војна, ГИНИ 40/1, Скопје 1996.

Макотрпниот пат до црковно осамостојување, Нова Македонија, 29.07.1994.

Милосавлевски Славко, Македонската национална свест – Манифестот на ГШМ 1943 – „Приговорот" кон Манифестот, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Милчин Илија, Моите сеќавања за Кузман, зб. Кузман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995.

Миновски Михајло, Македонското прашање во меѓународните односи во времето на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (1943-1944), зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Миновски Михајло, Политички струи во македонското националноослободително движење во вардарскиот дел од Македонија и во државното раководство на федерална Македонија (1943-1946), Сто години ВМРО – златна книга, Скопје 1993.

Миновски Михајло, Тајната политичка организација ВМРО на Н(С)РМ, Сто години ВМРО – златна книга, Скопје 1993.

Михајлов Миле, Погледите на Кузман Јосифовски – Питу за АСНОМ, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Периќ Миодраг, Активности за возобновување на Македонската Православна црква во текот на НОБ 1941-1944, ГИНИ 37/1, Скопје 1993.

Петреска Даринка, Дејноста на Петре Пирузе – Мајски по заминувањето на Главниот штаб и единиците на НОВМ од Дебарца до враќањето на Првата македонско-косовска ударна бригада (декември 1943 – мај 1944 година), Историја XXIX/1-2, Скопје 1993.

Петреска Даринка, Концепциите за остварување на македонската држава меѓу двете светски војни и конституирањето на асномска Македонија како национална држава на македонскиот народ, Годишен зборник на филозофски факултет, кн. 58, Скопје 2005.

Петреска Даринка, Политиката, идеологијата и македонската историогрфија 1944-1953, Годишен зборник на филозофски факултет, кн. 59, Скопје 2006.

Петреска-Пачемска Даринка, Националноослободителното движење во пиринскиот дел од Македонија (од 1941 до 1944 година), Сто години ВМРО – златна книга, Скопје 1993.

Пузовић Предраг, Раскол у Српској православној цркви – македонско црквено питање, Вардарски зборник, бр. 1, Београд 1999.

Раковски Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и Македонското народноослободително движење (Прилог кон согледување на историската вистина), ГИНИ XXVI/2-3, Скопје 1982.

Ристески Стојан, Дебарца во искажувањата на Петре Пирузе-Мајски, зб. Петре Пирузе – Мајски време – живот – дело (1907-1980), Скопје 1997.

Смиљаниќ Гојко, Руковођење ослободилачком борбом у Македонији 1943-1944 година, АСНОМ остварување на идеите за создавање македонска држава и неговиот меѓународен одглас и одраз, Скопје 1977.

Ставови Ирена – Кавка, Македонската национална идеја на Методија Шаторов – Шарло и спорот со Коминтерната и балканските комунистички партии, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Тахир Ќамуран, Првиот партизански одред во Македонија (прв скопски одред) и инсинуациите за Методиј Шаторов – Шарло, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Тодоровски Зоран, Дејноста на Методија Шаторов во ЦК на БКП и во Коминтерната за решавање на македонското национално прашање, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Тодоровски Миле, Иницијативниот одбор во подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ, зб. Развитокот на државноста на македонскиот народ, Скопје 1966.

Тодоровски Миле, Некои аспекти во врска со подготовките за свикување на АСНОМ, Историја XX/1, Скопје 1984.

Тодоровски Миле, Прилог кон работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание на АСНОМ (од 01.01 до 15.04.1945), Историја IX/2, Скопје 1975.

Тодоровски Миле, Федеративниот статус на Македонија во ДФ Југославија и опозицијата во 1945 година, ГИНИ XXXI/2, Скопје 1987.

Трајановски Александар, Црковно-народниот собор од 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов, за возобновување на Охридската архиепископија, Историја 35-36/1-4, Скопје 1995/96.

Узуновски Цветко, Белешки за националната и социјално-ослободителна борба на македонскиот народ, Историја, XIII/1, Скопје 1977.

Фиданова Славка, Прилог кон прашањето за националноослободување и обединување на македонскиот народ во документите на партиското раководство на КПМ во текот на народноослободителното движење, Историја XX/1, Скопје 1984.

Цаца Ѓорѓи, Уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, зб. АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, Скопје 1995.

Чепреганов Тодор, Мартовските настани од 1941 година во Македонија од еден друг агол, зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.

Чепреганов Тодор, Сепаратизмот и антипартизмот на Петар Пирузе – Мајски, зб. Петре Пирузе – Мајски време – живот – дело (1907-1980), Скопје 1997.

Шатев Павел, Македонска држава нациа и култура, Нова Македонија, 17.12.1944.

Шуплиновски Ристо, Македонска национална платформа од времето на Шарло (1940), зб. Методија Шаторов – Шарло и неговото време (1897-1944), Скопје 2007.